# Адвокатска етика

Мајкл Г. Карнавас



ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

# Адвокатска етика

Мајкл Г. Карнавас

ОБСЕ
Организација за безбедност и
соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Авторски права 2016 Мисија на ОБСЕ во Скопје

Оваа публикација е достапна во електронска форма на веб-страницата на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
347.965:17
КАРНАВАС, Мајкл Г.
Адвокатска етика / Мајкл Г. Карнавас. - Скопје : ОБСЕ, 2016. - 124 стр. ; 25 см
Фусноти кон текстот
ISBN 978-608-4788-13-3
а) Адвокати - Етички стандарди б) Адвокатска етика
COBISS.MK-ID 102197514

Публикувано од
Мисијата на ОБСЕ во Скопје
бул. 8 Септември, бр. 16
1000 Скопје
www.osce.org/skopje

Подготвил: Michael G. Karnavas

Печати: Полиестердеј

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Мисијата се придржува до Одлуката PC.DEC/81 на Постојаниот совет на ОБСЕ.

# Предговор

Овој материјал го надополнува електронскиот курс по етика за домашните адвокати. Неговата цел е скромна: да обезбеди кусо, но контекстуално резиме на етичките обврски на правните застапници/бранители (понатаму во текстот именувани како „адвокати“).

Според членот 53 од Уставот[1], адвокатурата е „самостојна и независна јавна служба“. За таа цел, Законот за адвокатура[2] и Кодексот на професионална етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници на АКРМ (Кодекс на АКРМ)[3], ја обезбедуваат правната и регулаторната рамка која ги гарантира самостојноста и независноста на правната професија општо, а особено на адвокатите, чија самостојност и независност мора да се практикуваат во рамките на одредени дефинирани законски и етички граници. Сепак, имајќи предвид дека Адвокатската комора ја има потпишано и прифатено Повелбата на основните начела на европската правничка професија на Советот на адвокатски комори и правни здруженија на Европа (Повелба на CCBE) и Кодексот на однесување на европските адвокати на CCBE (Кодекс на однесување на CCBE)[4], фактот што во новиот Закон за кривична постапка беа воведени одредени странски модалитети што потекнуваат од системите на обичајно право и имајќи предвид дека работата на адвокатите не мора да е ограничена само на нивната национална територија, произлегува потребата за разгледување и за споредување на различните кодекси на правна етика и професионално однесување. Од таа причина, освен анализата на Кодексот на етика на АКРМ во споредба со оној на CCBE, во овој материјал ги разгледуваме и кодексите што потекнуваат од државите со континентално и со обичајно право и од Меѓународната адвокатска комора (МАК).

Овој материјал воопшто не треба да биде сфатен како сеопфатна расправа за прашањето на адвокатската и на професионалната етика, туку како приказ на основните компаративни етички и професионални начела – применети во различни држави, кој би им бил од корист на домашните адвокати подобро да ги разберат своите етички и професионални обврски во извршувањето на секојдневните професионални задачи.

**Мајкл Г. Карнавас**

---

[1] Устав, Службен весник бр. 52/91, 01/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 03/09, 49/11 (понатаму во текстот: “Устав”).

[2] Закон за адвокатурата, Службен весник бр. 59/02, 60/2006, 29/2007, 106/2008, 135/2011, 113/2012 и 148/2015. Одлуки на Уставниот суд, Службен весник бр. 134/2002, 10/2003, 34/2003, 8/2008, 20/2009 и 117/2009 (понатаму во текстот:” Закон за адвокатура”).

[3] Кодекс на професионална етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници на Адвокатската комора (понатаму во текстот: “Кодекс на АКРМ”).

[4] Иако CCBE не е институција на Европската Унија, Повелбата на CCBE и Кодексот на однесување на CCBE немаат чисто само советодавна улога и цел. Кодексот на однесување на CCBE требаше да биде усвоен од страна на сите европски држави (член 1.3. од Кодексот на однесување на CCBE) и навистина, најголем број од државите веќе го усвоија и го вградија Кодексот на однесување на CCBE во своите национални законодавства. Погледнете ја дискусијата за националните кодекси во Воведот, подолу во текстот.

# Содржина


**Вовед** 7

**Поглавје 1** – Независност 17

Независност од надворешни влијанија 19

Независност од клиентот и професионална самостојност 25

Независност од лични интереси 32

**Поглавје 2** – Чесност, интегритет и правичност 39

**Поглавје 3** – Лојалност кон интересите 51

**Поглавје 4** – Доверливост 57

**Поглавје 5** – Судир на интереси 69

**Поглавје 6** – Трудољубивост 83

**Поглавје 7** – Адвокатска награда 91

**Поглавје 8** – Континуирано правно образование, стручност и обука 101

**Поглавје 9** – Рекламирање на Адвокатските услуги 107

**Поглавје 10** – Дисциплинска одговорност 113

**Заклучок** 121

**Прилог 1** – Табела на начела и соодветни законски одредби и правила 123

# Вовед

Адвокатите се од клучна важност за почитувањето и за примената на владеењето на правото, во сите општества низ светот. Адвокатите се залагаат за унапредување на човековите права, за заштита на правата на своите клиенти и помагаат во соодветното функционирање на правосудниот систем. Со цел да ги извршат овие должности од суштинско значење, адвокатите „постојано мора да постапуваат слободно и совесно, во согласност со законот и со општоприфатените стандарди и етички правила за адвокатската професија“[5]. „Адвокатската етика“, инаку, исто така позната и како „професионална одговорност“, претставува група стандарди во однос на основното ниво на однесување што се очекува од еден адвокат[6]. Овие стандарди се состојат од етички начела и обврски што членовите на адвокатската професија „ги имаат едни кон други, како и во однос на своите клиенти и судовите“[7].

Во рамките на различните правни традиции, етичките стандарди со кои се регулира адвокатската професија се кодифицирани во кодекси на однесување, прописи, упатства, процесни правила и други законодавни акти. По направената анализа на етичките стандарди во рамките на различните правни традиции би можеле да се извлечат неколку основни начела применливи врз адвокатското работење насекаде низ светот, како на пример: независност, чесност, интегритет, лојалност, доверливост, правичен третман, трудољубивост, искреност и стручност. Иако многу од овие суштински начела се слични и се присутни во најголем број правни системи, начинот на кој адвокатите ги толкуваат и ги разбираат зависи и се формира во зависност од самиот правен систем во рамките на кој адвокатот работи. „Професионалната правна етика е... субјективна и контекстуална затоа што адвокатската професија и практика, во голем дел, неизбежно зависат од конкретната култура и од опкружувањето од кое потекнуваат“[8]. Она што, можеби, е етичко однесување за адвокатот во една, би можело да се смета за неетичко, па дури и незаконско однесување во некоја друга држава, што би можело да се илустрира преку следнава приказна за еден вистинит настан:

[5] Обединети нации (ОН), Основни начела за улогата на адвокатите (1990), став 14.

[6] BLACK'S LAW DICTIONARY 904 (7th ed. 1999) (ПРАВЕН РЕЧНИК НА БЛЕК 904 (седмо издание од 1999 година)). Во Правниот речник, Блек ја опишува „правната етика“ како „стандарди за најниското основно прифатливо ниво на однесување за правната професија, вклучувајќи ги и обврските што нејзините членови ги имаат едни кон други и во однос на своите клиенти и судовите.“

[7] Истиот извор.

[8] Philip M. Genty, The Challenges of Developing Cross-Cultural Legal Ethics Education, Professional Development, and Guidance for the Legal Professions, (Предизвици во развојот на образованието за адвокатска етика, професионален развој и насоки за адвокатската професија во различните култури) 1 J. PROF. L. 37, 41 (2011).

> За време на една од моите скорешни посети на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија, имав можност да се сретнам со еден од тамошните правници кој ми објасни дека при подготовката на сведоците за вкрстено испитување во текот на судењето, неколку адвокати од различни земји, всушност, имале сосема различни мислења за етичките прашања што се поставуваат во една таква ситуација. Еден адвокат од Австралија посочил дека, од негова гледна точка, не би било етички сведокот да се подготвува за сведочењето. Канадскиот адвокат изјавил дека тоа би било незаконски, додека адвокатот од Соединетите Држави бил на мислење дека секој адвокат што нема да го подготви својот сведок за сведочење, би требало да одговара за несовесно работење.[9]

Ниту една анализа или разбирање на етичките начела не е можна без да се земат предвид функциите на адвокатот во рамките на еден правен систем. Во новиот Закон за кривична постапка се преземени различни аспекти од инквизиторниот и од странечкиот систем, што отвора некои нови етички прашања за адвокатите. Токму затоа е корисно да се разгледаат разликите во улогата што ја има адвокатот во рамките на континенталните и на обичајните правни системи.

Па така, во согласност со скоро напуштената традиција на континенталните правни системи, крајната цел на судскиот процес беше да се дојде до материјалната вистина. Во самото судење доминираше судијата кој имаше значителна контрола врз целата постапка. Во континенталните правни системи, судијата беше задолжен за водење на истрагата, собирање докази, повикување и испитување сведоци, утврдување на фактичката состојба и преземање на сите други мерки и активности кои ги смета за корисни за потребите на утврдувањето на материјалната вистина. Судските постапки во континенталните системи беа засновани врз резултатите од истрагата, содржани во судските списи за конкретниот предмет. Адвокатот во континенталниот систем беше задолжен да поднесува истражни барања, односно да предлага прашања што судијата требаше да му ги постави на сведокот или на обвинетиот, врз основа на судските списи да презентира сопствени наводи и тврдења во текот на судењето и, општо кажано, да ги штити интересите на својот клиент.

[9] Mary C. Daly, The Dichotomy between Standards and Rules: A New Way of Understanding the Differences in Perceptions of Lawyer Codes of Conduct by US and Foreign Lawyers, (Дихотомија помеѓу стандардите и правилата: Нов начин на разбирање на разликите во перципирањето на кодексите на однесување помеѓу адвокатите од Соединетите Држави и оние од другите држави) стр. 1154, (“Daly”), повикувајќи се на Karen L. K. Miller, Zip to Nil?: A Comparison of American and English Lawyers Standards of Professional Conduct, (Од нула до ништо?: Споредба на американските и англиските стандарди за професионално однесување) iCA32 ALI-ABA 199, 204 (1995)

Наспроти ова, во правните системи што го применуваат обичајното право, како и во странечките системи воведени ширум Европа, судскиот процес го водат странките. Одлуката за конкретниот предмет се носи врз основа на она што ќе биде презентирано од обете страни, а судиите се задолжени за следење и за контрола на самото одвивање на постапката и за носење одлуки во однос на прифатливоста на одредени докази. „Контрадикторниот систем им дава верба на обете странки и на нивната способност на соодветен и чесен начин да ја презентираат својата аргументација за конкретниот случај и претпоставува дека, по изведувањето на сите докази и деталната презентација на наводите и тврдењата од обете страни, вистината ќе излезе на површина“[10]. Ова од адвокатите бара да бидат многу поактивни: тие имаат задача да се консултираат со клиентот, да собираат докази, да испитуваат сведоци и да ги презентираат своите наводи и тврдења во текот на судскиот процес. Адвокатите се застапници на своите клиенти, но и службени судски лица. Како резултат на тоа, многу од етичките правила се поврзани со етичките дилеми за тоа на кој начин адвокатот може да ги исполни обврските што ги има кон судот, истовремено постапувајќи во најдобар интерес на својот клиент. Еден таков пример е ситуацијата кога клиентот има намера да достави лажни докази до судот.

Забележлива разлика помеѓу континенталните системи и оние од обичајното право е присутна во начинот на кој се регулира адвокатската професија. Во континенталните правни системи етичките кодекси вообичаено претставуваат збир на општи начела кои на адвокатите им даваат општи насоки за начинот на кој треба да ги извршуваат своите должности и да ги практикуваат своите дискрециони права. Во системите со обичајно право, етичките кодекси вообичаено се дефинирани како конкретни законски правила. Правните коментари во однос на важечките етички правила во системите со обичајно право и обемната судска пракса нудат детални примери за постапувањето во конкретни ситуации и даваат совети за начинот на кој адвокатите треба да ги решаваат различните етички дилеми во праксата. Како и да е, најголемиот број етички кодекси, всушност, претставуваат комбинација од овие две можни решенија.

[10] Felicity Nagorcka, Michael Stanton & Michael Wilson, Stranded Between Partisanship and the Truth? A Comparative Analysis of Legal Ethics in Adversarial and Inquisitorial Systems of Justice, (Заробени помеѓу пристрасноста и вистината? Компаративна анализа на адвокатската етика во странечките и во континенталните правни системи) 29 MELB. U. L. REV. 448, 465-66 (2005) (“Nagorcka et al., Comparative Legal Ethics” (Компаративна анализа на адвокатската етика)).

Анализирајќи ги етичките кодекси, како во континенталното така и во обичајното право, важно е да се направи разлика во формата на конкретните одредби. Некои од овие одредби се напишани како конкретни законски правила со кои се ограничува или се регулира однесувањето на адвокатите, додека другите се само инспиративни и служат за насочување на професионалното работење и постапките на адвокатите, по нивна волја. На пример, одредени правила содржани во Кодексот на етика на АКРМ се широки и инспиративни, како на пример, правилото 13 во согласност со кое настапот на адвокатот „треба да биде таков судовите и другите органи во него да гледаат заштитник во споредувањето на законитоста и заштитата на правата и правните интереси на странките". Другите правила се поконкретни и го регулираат однесувањето на адвокатите во конкретни ситуации, како што е, на пример, правилото 3 од Кодексот на етика на АКРМ според кое адвокатот не смее да преземе вршење на јавни овластувања или застапување доколку во текот на застапувањето или на одбраната се јави судир на интереси.

Во обата системи на континентално и на обичајно право, адвокатите себеси се сметаат за заштитници на правата на странките. Сепак, од друга страна во рамките на овие два система адвокатите може да имаат сосема различно разбирање за нивната улога како застапници, за толкувањето на етичките начела кои треба да ги почитуваат или за нивната обврска за совесно работење и исполнување на обврските кон своите клиенти. Следниве анегдоти се добар пример за тоа.

Првата анегдота, позајмена од книгата на Џон Леубсдорф (John Leubsdorf) со наслов *Човекот во неговото оригинално достоинство*: Адвокатска етика во Франција, ја отсликува традицијата во континенталното право:

> Во 1894 година кога братот на Алфред Драјфус (Alfred Dreyfus) го замолил Едгар Деманж (Edgar Demange) да ја преземе улогата на бранител на неговиот брат, инаку обвинет за шпионажа, Деманж му поставил еден чуден услов, односно барање: тој сакал најпрвин да го разгледа целиот случај и расположливите докази пред да одлучи дали ќе го застапува или не. Тој го предупредил со зборовите: *„Доколку мојата совест не ми дозволува да го бранам вашиот брат... веднаш ќе ве известам и ќе може да разговараме за тоа. Јас ќе бидам првиот судија на вашиот брат."* Четири години подоцна, семејството Драјфус се обидувало да го ангажира и адвокатот Фернанд Лабори (Fernand Labori) кој имал уште почудно барање: воопшто да не му платат за услугата[11].

[11] JOHN LEUBSDORF, MAN IN HIS ORIGINAL DIGNITY: LEGAL ETHICS IN FRANCE (ЧОВЕКОТ ВО НЕГОВОТО ОРИГИНАЛНО ДОСТОИНСТВО: АДВОКАТСКА ЕТИКА ВО ФРАНЦИЈА) 14 (2001).

Втората анегдота, позајмена од делото на Џон Филипс (John Phillips), со наслов Адвокатура со чест, е добар приказ за правната традиција во системите со обичајно право:

> Една ноемвриска вечер во 1792 година, по долгиот работен ден минат во судовите, Томас Ерскин (Thomas Erskine) од адвокатската комора Линколн Ин (Lincoln Inn), пешачел низ паркот Хамстед Хит (Hampstead Heath) на пат за дома. Три дена претходно, тој го прифатил барањето да биде правен застапник и бранител на познатиот агитатор и пишувач на летоци Томас Пејн (Thomas Paine), инаку обвинет за предавство по објавувањето на вториот дел од неговото дело „Правата на човекот“. Ерскин бил повикан на разговор од страна на неговиот пријател, лордот Лоуброу (Lord Loughborough), кој му рекол: „Ерскин, имам директна порака лично од принцот од Велс. Твојата постапка воопшто не му се допаѓа на кралот.“ Шест години пред тоа, Ерскин бил назначен на позицијата главен адвокат на принцот, која носела солиден финансиски надомест, но и шанса за добивање висока судска функција во иднина. Лордот Лоуброу го советувал дека „не смее да прифати да биде адвокат на Пејн“. Ерскин, кој лично не се согласувал со она што го работел Пејн, воопшто не се двоумел. Тој одговорил: „Но јас сум веќе ангажиран и, господ нека ми е сведок, ќе ја прифатам работата!“ Подоцна, тој ја загубил позицијата на главен адвокат. Во својата одбрана на Пејн, пред поротата зборувал за независноста на англиската адвокатура и го рекол следново: *„Јас секогаш, без разлика на опасноста, ќе ги бранам достоинството и независноста на англиската адвокатура затоа што без нив не може да имаме непристрасна правда, а тоа е најважниот дел од англискиот Устав.* Од моментот кога на кој било адвокат нема да му биде дозволено слободно да каже дека стои наспроти Кралството и секојдневно работи на конкретниот предмет пред судот во одбрана на својот клиент, може да се смета дека во Англија повеќе нема човечка слобода. *Ако адвокатот одбие да брани некого поради своето лично мислење за самото обвинение или можноста за одбрана, тоа значи дека ја презел улогата на судија. Уште повеќе, таа улога ја презел дури и пред судниот час за носење пресуда. На тој начин, адвокатот, со своето веројатно погрешно мислење, сериозно влијае против обвинетиот кој, во согласност со англиското право, ги ужива сите благонаклонети начела и претпоставки и од судијата, се чини, бара да постапува како негов советник“*[12].

[12] JOHN PHILLIPS, ADVOCACY WITH HONOUR (АДВОКАТУРА СО ЧЕСТ) 1-2, 17 (1985).

> Разликите во улогата на адвокатот што беа посочени во овие две анегдоти со себе носат важни последици. На пример, францускиот адвокат, како во примерот на Леубсдорф, се смета за „независна личност која ја нуди својата елоквенција и кредибилитет на друго лице затоа што верува во неговата кауза и кому му е потребна помош“[13]. Францускиот адвокат може да го одбие застапувањето или да се повлече од секој предмет во кој не верува, под услов навремено да го извести својот клиент за тоа.

Спротивно на ова, во континенталните правни системи таквото повлекување би можело да се смета како неетичко, имајќи ја предвид обврската на адвокатот да биде лојален и целосно посветен на својот клиент. Адвокатите во системите на обичајното право „ги застапуваат интересите на своите клиенти со „максимална ревносност“ дозволена со законот и немаат морална одговорност, ниту во однос на целите што се обидува да ги оствари нивниот клиент, ниту пак во однос на средствата што ќе се користат за исполнување на таквата цел, под услов тие да не се противзаконски“[14]. Примерот на Филипс покажува дека, во основа, адвокатите од системите со обичајно право за себе веруваат дека се независни и неизложени на надворешни притисоци (на пример, од страна на власта) при застапувањето на интересите на странките, особено кога станува збор за предмети што вклучуваат контроверзни или непопуларни теми и прашања.

Оваа клучна разлика во сфаќањето на улогата на адвокатот во рамките на двата система има важни импликации во однос на другите етички должности, како што се судирот на интереси, доверливоста и повлекувањето, за кои ќе се говори низ целиот текст.

Секое поглавје од овој материјал се занимава со некоја од посебните етички обврски, регулирани со Законот за адвокатура и со Кодексот на етика на АКРМ. Избраните теми го вклучуваат следново:

1. Независност
2. Чесност, интегритет и правичност
3. Лојалност кон интересите на клиентот
4. Доверливост
5. Судир на интереси
6. Трудољубивост
7. Адвокатска награда
8. Континуирано правно образование, способност и стручна обука
9. Рекламирање на адвокатските услуги

[13] (JOHN LEUBSDORF), MAN IN HIS ORIGINAL DIGNITY: LEGAL ETHICS IN FRANCE (ЧОВЕКОТ ВО НЕГОВОТО ОРИГИНАЛНО ДОСТОИНСТВО: АДВОКАТСКА ЕТИКА ВО ФРАНЦИЈА) 15 (2001).

[14] Nagorcka et al., Comparative Legal Ethics (Компаративна адвокатска етика) стр. 465-466, цитирајќи David Luban, Twenty Theses on Adversarial Ethics' in MICHAEL LAVARCH AND HELEN STACY (EDS), BEYOND THE ADVERSARIAL SYSTEM 134, 140 (Дваесет тези за контрадикторна етика' во ЗАД АКУЗАТОРНИОТ СИСТЕМ на MICHAEL LAVARCH AND HELEN STACY), (1999).

10. Дисциплинска одговорност

Иако самиот јазик со кој е дефинирано одредено домашно етичко правило можеби ќе остане ист, сепак можеби ќе постојат разлики во неговото толкување во согласност со новиот Закон за кривична постапка. Понатаму, како резултат на општата глобализација, сè поголем број адвокати ќе имаат можност да работат вон државните граници, што значи дека ќе мора да ги познаваат и да ги разбираат применливите правила на адвокатската етика во повеќе различни држави и на меѓународно ниво. Контекстуалното разбирање на компаративната адвокатска етика води кон подобро разбирање и прифаќање на етичките начела и правила, како во рамките на националната правна традиција, така и во странство.

Со цел да се обезбеди содржина за секоја од овие етички обврски, пред разгледувањето на домашното законодавство накратко ќе се направи една куса анализа на меѓународните начела и кодекси на однесување, како што се на пример Повелбата на CCBE и Начелата на Меѓународната адвокатска комора за професионално однесување на адвокатите (Начела на МАК), како и некои други различни национални кодекси на однесување од земјите со традиција во континенталното и во обичајното право.

Организацијата CCBE е здружение кое ги застапува интересите на адвокатските комори и другите правнички здруженија од 32 држави членки на Европската Унија и уште 13 други земји со набљудувачки статус[15]. Нејзината Повелба за основните начела на европската адвокатска професија и Кодексот на однесување за европските адвокати се насочени кон хармонизација на заедничките етички начела, применливи за сите адвокати во Европа, со цел да се избегнат какви било дилеми и забуни што би можеле да произлезат од евентуалното постоење на повеќе различни етички правила. Кодексот на однесување на CCBE е усвоен „со консензус на сите адвокатски комори и здруженија во Европската Унија и Европската економска зона“ и бара националните етички правила да бидат хармонизирани со Кодексот на однесување на CCBE и да се толкуваат на доследен начин[16]. Правилата од Повелбата и од Кодексот на однесување на CCBE се подеднакво применливи и за другите членови на CCBE со набљудувачки статус. Во случаите кога одреден адвокат работи на предмет преку државните граници, а кога Кодексот на однесување на CCBE не регулира некое конкретно прашање, адвокатот „е обврзан да ги почитува правилата на адвокатската комора или на здружението на кое му припаѓа“[17].

[15] Повеќе за CCBE може да дознаете на нејзината веб-страница на следнава адреса: http://www.ccbe.eu/index.php?id=22&L=0.

[16] Кодекс на однесување на CCBE, член 1.3.2.

[17] Истиот извор.

МАК е доброволно здружение на меѓународните правни практичари, адвокатски комори и правнички здруженија[18]. Начелата на МАК се насочени кон „воспоставување општоприфатена рамка која ќе служи како основа за изработка на кодексите на однесување од страна на надлежните органи за адвокатите насекаде низ светот[19]. Тие „ја претставуваат заедничката основа, како темел за сите национални и меѓународни правила кои го регулираат однесувањето на адвокатите, особено во однос на нивните клиенти“[20]. Начелата на МАК се советодавни и незадолжителни. Тие не се предвидени да се користат како критериуми за оценка на професионалното однесување или во постапките за утврдување на несовесно работење[21], но во секој случај, се поучни и корисни како дополнителни објаснувања.

За потребите на компаративната анализа беа избрани Франција, Германија, Холандија и Белгија, како примери од поголемите правни системи од континентален карактер. Холандија претставува интересен пример затоа што тамошниот систем има претрпено влијание како од францускиот, така и од германскиот правен систем. Белгија, исто така, е интересен пример затоа што работата и однесувањето на адвокатите се регулирани преку регионалните адвокатски комори. Во Валонија, на пример, адвокатската професија е регулирана преку *Ordre des Barreaux Francophones et Germanophones de Belgique* (Редот на франкофонски и германски адвокатски комори или ФГАК). Во Фландрија е регулирана преку Orde van Vlaamse Balies (Фламанската адвокатска комора). Двете адвокатски комори во Белгија имаат усвоено различни кодекси на професионално однесување.

САД и Обединетото Кралство (ОК) беа избрани како претставници на поголемите правни системи со обичајно право. Во САД, секоја од 50-те сојузни држави има сопствен кодекс на однесување за адвокатите кој е задолжителен за сите членови на државната адвокатска комора. Со цел да се постигне хармонизација на етичките стандарди, Американската адвокатска комора (ABA) како доброволна, но влијателна адвокатска комора, ги објави таканаречените Препорачани правила за професионално однесување. Голем број од овие правила, на пример, веќе се вградени во етичките правила на најголемиот број сојузни држави. Низ целиот текст, секогаш кога ќе има потреба да се објаснат различните етички должности и обврски на адвокатите во САД, ќе се повикуваме на Препорачаните правила на ABA.

[18] Повеќе за МАК може да дознаете на следнава адреса: http://www.ibanet.org/.

[19] Начела на МАК, Преамбула.

[20] МАК-коментари, Вовед, став 3.

[21] Начела на МАК, Преамбула.

Во ОК, давањето адвокатски услуги, всушност, е поделено помеѓу судските адвокати (barristers) и обичните адвокати (solicitors). Судските адвокати се специјализирани за застапување и за водење постапки пред судовите, додека обичните адвокати работат директно со странки и нудат правни совети и други адвокатски услуги. Во споредба со адвокатите во САД, кои имаат директна комуникација со клиентите, судските адвокати во Обединетото Кралство првенствено постапуваат според добиените упатства од редовните адвокати. Во Англија и Велс, за стандардите на работа и за однесувањето на судските адвокати е задолжен Одборот за адвокатски стандарди. Во преостанатиот дел од текстот, при дискусијата за етичките должности на судските адвокати, секогаш ќе се повикуваме на Прирачникот на Одборот за адвокатски стандарди (Прирачник на ОАС).

Сепак, целта на овој материјал не е да се понуди целосна компаративна студија за адвокатската етика, туку да ги запознае адвокатиte со различните основи и логиката која стои зад основните етички начела. Овој материјал претставува дополнителна стручна литература кон електронскиот курс за етика. Целта му е да ги запознае домашните адвокати со основните етички правила и да ги подготви за курсот по етика. Тој не може да понуди директни и брзи решенија за секоја етичка дилема со која еден адвокат би можел да се соочи во праксата. Никогаш не може да ги имаме однапред сите одговори, а особено кога станува збор за почувствителни прашања за кои праксата и искуството секојпат не може да обезбедат сигурно решение. Од тие причини, целта на овој материјал е да ги претстави основните етички начела и должности, како и со различните начини на нивно толкување. Се надевам дека истиот ќе им помогне на адвокатите да ги разберат основните важечки начела и, земајќи ги предвид нив, да знаат на кој начин да ги анализираат поставените прашања и да ги разгледуваат можните мерки и решенија во ситуациите во кои ќе се соочат со етичко прашање или дилема.

# Поглавје 1 – Независност

Независноста на адвокатите е една од суштинските вредности на адвокатската професија и начело кое се почитува во системите со континентално и со обичајно право. Практично, сите меѓународни национални кодекси на однесување предвидуваат различни обврски за адвокатите преку кои треба да се обезбеди нивната независност[22].

Независноста на националната адвокатска професија експлицитно е пропишана во повеќе различни законски инструменти. Во членот 53 од Уставот е наведено следново: „Адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон“[23]. Начелото на независност е присутно и во Законот за адвокатура[24] и во Кодексот на АКРМ[25].

Кодексот на однесување на CCBE и Начелата на МАК експлицитно ја препознаваат независноста на адвокатите како основно начело на адвокатската професија насекаде низ светот[26].

Кодексот на однесување на CCBE ги потенцира обврските што адвокатот ги има во однос на клиентот, судот, правничката професија во целост и општеството. Во Преамбулата на Кодексот на однесување на CCBE стои следново:

Адвокатската професија носи различни законски и морални обврски за адвокатот (кои понекогаш се во судир едни со други) кон:

- клиентот
- судовите и другите органи пред кои адвокатот го брани и го застапува клиентот
- адвокатската професија општо и кон секој колега адвокат
- јавноста за која постоењето слободна и независна професија, во која се почитуваат правилата кои ги носи самата професија, претставува важно средство за заштита на човековите права наспроти моќта на државата и другите интереси во општеството[27].

Начелото (а) од Повелбата на CCBE се однесува на „независноста на адвокатот и слободата на адвокатот да постапува во предметите на својот клиент“[28]. Според коментарите на CCBE на Повелбата за основните начела на адвокатската професија во Европа (CCBE-

[22] На пример, погледнете ги Начелата на МАК, начело 1; Повелбата на CCBE, начела (а); Кодекс на однесување на CCBE, член 2.1.; Францускиот НПА, член 1.1.; Препорачаните правила за професионално однесување на ABA, правило 5.4.; Кодекс на однесување на ОК, точка CD4.

[23] Член 53 од Уставот.

[24] Член 2 (1) од Законот за адвокатура.

[25] Независноста на адвокатите е обезбедена преку различните правила на Кодексот на АКРМ: правилата 1, 2, 5, 7, 13, 14, 17 и 22.

[26] Повелба на CCBE, начело (а); начела на МАК, начело 1.

[27] Кодекс на однесување на CCBE, Преамбула, член 1.1., „Функцијата на адвокатот во општеството“.

[28] Повелба на CCBE, начело (а)

коментари на Повелбата), адвокатот „треба да биде независен од државата и другите силни интереси…“ и „мора да ја задржи својата независност од клиентот доколку сака да ја ужива довербата на другите странки и судот“[29].

Слично на тоа, во Преамбулата на Начелата на МАК се потенцираат обврските што адвокатот ги има во однос на своите клиенти: „Адвокатот… е должен интересите на својот клиент да ги стави пред сопствените интереси и да се стреми кон целосно почитување на владеењето на правото.“ Начелото 1 од Начелата на МАК е токму она за „независноста“: „[а] При давањето непристрасни совети и застапувањето на своите клиенти, адвокатот е должен да ја задржи својата независност и има право да ужива во заштитата што му ја нуди таквата независност…“[30] Коментарите на МАК објаснуваат дека адвокатот „мора да постапува во корист на клиентот на професионален начин, без присуство на какви било упатства, контрола или мешање во неговата работа“[31].

Независноста на адвокатите експлицитно е предвидена и со Законот за адвокатура. Членот 7 од Законот за адвокатура го вели следново: „Адвокатот поединец ја извршува адвокатската дејност поединечно.“ Во согласност со правилото 13 од Кодексот на АКРМ, секој адвокат „е должен да го спречи секое несоодветно постапување со него/неа и со клиентот од страна на претставниците на судовите или на другите институции“.

Според ССВЕ, МАК и АКРМ, адвокатот се смета за независен доколку е во можност на прво место да ги стави интересите на својот клиент и да постапува без никакви мешања во меѓусебниот однос помеѓу себеси и клиентот, вклучувајќи и какви било надворешни притисоци и без разлика на сопствените интереси. Имајќи го ова наум, адвокатската независност има три составни елементи:

- Независност од надворешни влијанија
- Независност од клиентот и професионална самостојност
- Независност од сопствените интереси на адвокатот

Без разлика на универзалноста на начелото за независност на адвокатите, од суштинска важност е да се знае дека содржината и значењето на терминот „независност“ многу се разликуваат во зависност од правната традиција. Секое разбирање на начелото на независност и неговата поврзаност со етичките должности и обврски на адвокатот зависи од улогата на адвокатот и од системот на вредности што се врзува за адвокатската професија во рамките на одреден правен систем.

[29] Коментар на ССВЕ за Повелбата, начело (а).

[30] Начела на МАК, начело 1.

[31] Коментар на МАК, појаснувачка белешка 1.2.

Сличностите и разликите во толкувањето на адвокатската независност најдобро може да се забележат и да се разгледаат доколку се анализираат начините на кои различните кодекси се справуваат со овие три составни елементи на независноста.

## НЕЗАВИСНОСТ ОД НАДВОРЕШНИ ВЛИЈАНИЈА

### *CCBE*

Начелото (а) од Повелбата на CCBE се однесува на „независноста на адвокатот и слободата на адвокатот да постапува во предметите на својот клиент". Во Коментарите на CCBE е наведено следново:

> [а] Адвокатот треба да биде слободен – политички, економски и интелектуално – во вршењето на своите активности во врска со советувањето и застапувањето на клиентот. Ова значи дека адвокатот мора да биде независен од државата и од другите силни интереси и дека не смее да дозволи неговата или нејзината независност да биде загрозена од несоодветен притисок од деловните соработници. Адвокатот, исто така, мора да биде независен и од својот клиент доколку адвокатот сака да ја ужива довербата на трети страни и на судовите. Всушност, без оваа независност од клиентот, не може да се гарантира квалитетот на работата на адвокатот[32].

Кодексот на однесување на CCBE обезбедува дополнителни детали во однос на ова начело: „[а] Адвокатот мора да избегнува секакво нарушување на својата независност и мора да биде внимателен да не ги загрози своите професионални стандарди со цел да ги задоволи клиентот, судот или трети страни"[33]. Оваа независност е потребна како во вонсудски, така и во судски постапки[34].

Советот кој адвокатот му го дава на својот клиент нема да има никаква вредност ако е даден „само за да му се додвори на клиентот, од лични интереси или како одговор на надворешни притисоци"[35].

### *МАК*

Во Коментарите на МАК се наведува дека „...од исклучителна важност за функционирањето на правниот систем и за функционирањето на владеењето на правото е адвокатот да го застапува клиентот на професионален начин, без присуство на какви било насоки, контрола или мешање во неговата или во нејзината работа"[36].

---

[32] Коментари на CCBE за Повелбата, начело (а).

[33] Кодекс на однесување на CCBE, член 2.1.1.

[34] Кодекс на однесување на CCBE, член 2.1.2.

[35] Истиот извор, член 2.1.2.

[36] Коментари на МАК за Меѓународните начела за однесување во адвокатската професија на МАК (Коментари на МАК), белешка за појаснување 1.2.

Коментарите на МАК посочуваат дека адвокатот многу тешко би го заштитил својот клиент доколку други лица му се мешаат во работата, а особено „лица од власта“[37]. Понатаму, во Коментарите на МАК се објаснува дека поединечните адвокати, власта и граѓанското општество се должни „да дадат приоритет на независноста на адвокатската професија, а не на личните аспирации“[38].

### *Континентално право*

Во членот 1.1. од францускиот Национален правилник за внатрешна регулација на адвокатската професија (францускиот НПА) стои: „Адвокатската професија е либерална и независна професија, без разлика на формата во која се практикува“[39]. Во согласност со членот 1.3. од НПА, адвокатите „се должни да ја извршуваат својата должност... независно...“ Францускиот НПА не содржи дополнителни коментари и упатства во однос на адвокатската должност за независност во работењето.

Кристијан Шариер-Бурназел (Christian Charrière-Bournazel), поранешниот претседател на Париската адвокатска комора и претседател на Националниот адвокатски совет, дава свое објаснување за значењето на независноста:

> Иако слободата подразбира практикување на личните права на секое лице во корист на сопствените интереси, ограничено само преку условите и барањата дефинирани со закон, независноста на адвокатите поседува и етичка компонента. Независноста на адвокатот не значи слобода да ужива право, туку постојана подготвеност да постапува од одредена дистанца, со цел да преземе дејства што ги смета за корисни во согласност со законот и со етичките правила[40].

Според Кристијан Шариер-Бурназел, совесното работење е неделиво од независното работење[41].

Ова значи дека во практикувањето на својата независност, адвокатите треба да се водат според основните вредности на

[37] Истиот извор.

[38] Истиот извор.

[39] Одлука од 12 јули 2007 година за усвојување на Националниот правилник за внатрешна регулација на адвокатската професија (Décision du 12 juillet 2007 portant adoption du règlement intérieur national (НПА) de la profession d'avocat) (Art. 21-1 de la loi du 31 décembre 1971 modifiée) (неофицијален превод), член 1.1.

[40] Тркалезна маса „Независноста на адвокатурата“: Говор на претседателот Шариер-Бурназел на 56. Конгрес на меѓународната адвокатска унија, одржан на 1 ноември 2012 година во Дрезден (Indépendance de l'avocat: Intervention du Président Charrière-Bournazel au 56è Congres de l'Union International des Avocats) достапно на http://cnb.avocat.fr/Table-ronde-Independance-de-l-avocat-Intervention-du-President-Charriere-Bournazel-au-56e-Congres-de-l-UIA-Dresde-1er_a1398.html (Говор на Кристијан Шариер-Бурназел).

[41] Истиот извор.

законот, должноста и честа[42]. Кристијан Шариер-Бурназел посочува дека и покрај фактот што францускиот адвокат има право да постапува во полза или против државата, јавната управа или судовите, или нивните овластени службени лица, доколку адвокатот стане активен во политичкиот живот (на пример, биде назначен за министер), неговиот понатамошен професионален ангажман како адвокат е неприфатлив и неспоив со новата функција[43].

Француските адвокати мора да бидат независни од какви било надворешни влијанија. Членот 16 од францускиот НПА им забранува на адвокатите да се организираат во „мрежи“ доколку тоа може да ја намали нивната независност. Во согласност со членот 16.1. од францускиот НПА, „мрежата“ е дефинирана како „секој формален или неформален меѓупрофесиски договор помеѓу еден или повеќе адвокати и членови на некоја друга професија или деловен сектор, со кој се воспоставува долгорочна заедница за заштита на меѓусебните интереси, насочена кон развој на постојната или нова клиентела и/или промовирање дополнителни услуги[44]. На пример, независноста на адвокатот би била загрозена доколку адвокатот се согласи „да биде во подредена положба или да дозволи неговото професионално работење да биде под надзор и контрола на други стручни лица вон адвокатурата“ или да влезе „во некој договор кој води кон распределба или кон поделба на приходите или распределба на адвокатската награда“[45].

Германскиот сојузен закон за адвокатура[46] им забранува на адвокатите да влегуваат во какви било зделки и договори кои би можеле да претставуваат закана за нивната професионална независност[47]. Германскиот правилник за професионална практика им налага на адвокатите да ги заштитат своите клиенти од државната и од управната власт која би можела да ги повреди нивните права. Германскиот правилник за професионална практика пропишува дека адвокатот е независен советник и застапник во сите правни прашања и „има должност да ги заштити клиентот и неговите права“[48]. За таа цел, адвокатот е должен „да го заштити клиентот

[42] Истиот извор.

[43] Говор на Кристијан Шариер-Бурназел, дел А. Погледнете го и Интерниот правилник на Парискaта адвокатска комора, член 6.16.1. во врска со некомпатибилните професии, достапен на веб-страницата на Парискaта адвокатска комора на следнава адреса: http://dl.avocatparis.org/reglement_interieur/RIBP.htm (“RIBP”).

[44] Француски НПА, член 16.1.

[45] Истиот извор, член 16.9.

[46] Сојузен закон за адвокатура, преводот на законот на англиски јазик е преземен од сајтот на CCBE, достапен на адресата: http://www.ccbe.eu/index.php?id=107.

[47] Истиот извор, став 43(а).

[48] Правилник за професионална практика (2015) (Германски правилник за професионална практика), преводот на Правилникот на англиски јазик е преземен од Германската комора на сојузни адвокати (Bundesrechtsanwaktskammer), достапен на следнава адреса: http://www.brak.de/fuer-anwaelte/berufsrecht.

од последиците на погрешните одлуки донесени од судовите и од владините органи и мора да постапува како бранител на клиентот од какви било неуставни повреди на неговите или на нејзините права и од евентуално пречекорување на овластувањата на владините институции“[49].

Холандските правила на однесување на Адвокатската комора (Холандски правила на однесување) ја обезбедуваат независноста на адвокатите од сите други: „...адвокатите треба да ги извршуваат своите должности целосно независно. На пример, тоа не би било точно доколку се исплаќаат провизии на посредници или на трети лица со цел да се обезбеди професионален ангажман или доколку, освен со клиентите, се прават договори и со други лица во однос на начинот на кој ќе се работи и ќе се постапува по некој конкретен предмет“[50].

Во согласност со белгискиот Етички кодекс[51] за адвокатите од Фламанската адвокатска комора (Фламански етички кодекс), независноста претставува основна должност на секој адвокат[52]. Фламанскиот етички кодекс предвидува „апсолутна независност и слобода од какви било притисоци, а особено како резултат на личните интереси на адвокатот или пак надворешни влијанија. Адвокатот треба да ги избегне сите пречки што може да влијаат врз неговата или врз нејзината независност и не смее да заборави на професионалната етика во обидот да го задоволи клиентот, судијата или некое трето лице... во рамките на своите активности“[53]. Слично на ова, Етичкиот кодекс на Сојузот на адвокатските комори каде што се користат францускиот и германскиот јазик (Етички кодекс на ФГАК) пропишува дека адвокатите имаат должност своите клиенти да ги застапуваат слободно, без да бидат водени од што било друго освен од легитимните интереси и правдата.[54] Адвокатот е должен „да го брани и да го советува клиентот со целосна независност и слобода на постапување“[55].

[49] Германски правилник за професионална практика, став 1.

[50] Адвокатска комора на Холандија, Правила за однесување за адвокатите (1992), (Холандски правила на однесување); англискиот превод на правилата е достапен на веб-страницата на CCBE на следнава адреса: http://www.ccbe.eu/index.php?id=107.

[51] Белгиските адвокати се организирани во две различни комори. За областа Валонија надлежна комора е Ordre des barreaux francophones et germanophone de Belgique, (Сојуз на адвокатски комори во Белгија каде што се користат францускиот и германскиот јазик или ФГАК), а во Фландрија тоа е Orde van Vlaamse Balies (Фламанска адвокатска комора). Секој адвокат мора да членува во една од овие комори. Двете комори имаат усвоено посебни професионални етички кодекси.

[52] Фламанска адвокатска комора, Етички кодекс за адвокатите, член 1.1. (Фламански етички кодекс); англиската верзија е достапна на веб-страницата на Фламанската адвокатска комора на адресата http://www.advocaat.be/EnglishPage.aspx?genericid=97.

[53] Фламански етички кодекс, членови 1.1.-1.2.

[54] Сојуз на адвокатски комори што ги користат францускиот и англискиот јазик, Етички кодекс на Сојузот на адвокатски комори што ги користат францускиот и англискиот јазик, од 12 ноември 2012 година, член 11 (Етички кодекс на ФГАК), достапен само на француски јазик на следнава адреса: http://www.barreaudebruxelles.info/images/publications/recueil_codeon_rdb.pdf.

[55] Истиот извор, член 1.2.

### *Обичајно право*

Кодексите за однесување во рамките на системите со обичајно право имаат слични одредби во однос на адвокатската независност. Адвокатот не може совесно да ги штити интересите на клиентот доколку неговото работење е предмет на надворешни упатства, контрола или притисок од трети лица.

Во САД, во согласност со Препорачаните правила на ABA, „при застапувањето на своите клиенти, адвокатот мора да го задржи сопственото независно професионално мислење и да дава отворени и искрени адвокатски совети[56]. Со цел да ја задржат сопствената независност, адвокатите во САД „не смеат да дозволат лицата што ги препорачуваат, вработуваат или плаќаат... да влијаат врз нив или да го насочуваат нивното професионално постапување“[57]. Интересите на трети лица може да се разликуваат од оние на клиентот (на пример, максимално намалување на потребното време и средства за работа на конкретниот предмет или поинаков интерес во однос на начинот на кој се постапува во конкретниот предмет). Адвокатите во САД смеат да прифатат надомест од трети лица само доколку со тоа се согласи клиентот и „доколку тоа не влијае негативно врз независноста во професионалното расудување на адвокатот или врз меѓусебниот однос помеѓу клиентот и неговиот адвокат“[58].

Во ОК, независноста на адвокатот претставува „основна должност“[59]. Според Прирачникот на ОАС, интересите на правдата и најдобрите интереси на клиентот може да бидат соодветно заштитени „само доколку вие [судските адвокати] работите чесно и независно од какви било надворешни притисоци“[60]. Прирачникот на ОАС содржи примери за можните начини на кои судскиот адвокат би можел да ја доведе во прашање својата независност:

1. Нудење, ветување или давање какви било провизии или надоместоци за добивање работен ангажман (во кој било износ) или подароци (освен предмети со скромна вредност) на која било странка, професионален клиент (како на пример, друг адвокат) или на кој било друг посредник.
2. Давање парични позајмици на странки, професионални клиенти или други посредници.
3. Примање парични средства (како заем или во која било друга форма) од која било странка, професионален клиент или друг посредник, освен ако се работи за плаќање професионални услуги или надомест на трошоци или за вршење плаќања во корист на клиент[61].

[56] Препорачани правила на ABA, 1.2.

[57] Препорачани правила на ABA, 5.4.(в)

[58] Препорачани правила на ABA, 1.8.(ѓ)

[59] Прирачник на ОАС, точка CD4.

[60] Прирачник на ОАС, точка gC14.

[61] Прирачник на ОАС, точка gC18.

### *Домашно законодавство*

Домашните адвокати, како и адвокатите во другите држави за кои зборувавме погоре во текстот, не смеат да бидат изложени на мешање во нивната работа, на контрола или на притисоци од други лица. Во согласност со членот 2, став 3 од Законот за адвокатура, при остварувањето на адвокатската дејност, за да се заштити од какви било притисоци, адвокатот треба да се раководи „исклучиво од интересите на странката кои ги заштитува на најдобар начин и со законски средства“. На пример, државните органи не треба да се мешаат во меѓусебниот однос помеѓу адвокатот и клиентот преку криење на потребните информации или документација, освен ако станува збор за државна тајна. Според членот 3-а, став 1 од Законот за адвокатура, државните органи и органите на единиците на локалната самоуправа, како и другите правни и физички лица со јавни овластувања, се должни на адвокатот да му ги дадат податоците и потребните документи за вршењето на адвокатската дејност во конкретен предмет, освен ако тоа не е во спротивност со должноста за чување тајна во согласност со законот.

Во согласност со правилото 13 од Кодексот на АКРМ, адвокатот е должен да покаже почит кон судот и кон другите институции пред кои постапува. Ваквата обврска, се разбира, не значи дека кој било претставник на овие органи може да се меша и да го насочува или да го контролира меѓусебниот однос помеѓу адвокатот и клиентот. Напротив, правилото 13 вели дека адвокатот мора да го спречи секое несоодветно однесување и постапување од страна на претставниците на тие органи, лично во однос на него или на неа или кон странката. Од адвокатите се очекува да го сторат тоа со помош на правните средства и инструменти што им стојат на располагање. Според правилото 13, како „заштитник во спроведувањето на законите и заштитата на правата и правните интереси на странките“, адвокатот е должен „да даде достоен отпор против секој обид за кршење на начелата на демократијата и против повредите на достоинството на личноста“.

Во согласност со правилото 14, „пријателските или роднинските односи на адвокатот со судијата или со лице вработено во институцијата, избран или именуван функционер, член на политичка партија, не смеат да дојдат до израз додека адвокатот ја извршува својата адвокатска дејност“. Правилото 14, понатаму, вели дека за еден адвокат би било особено недостојно таквите врски да ги користи во полза на својот клиент или на штета на спротивставената странка.

## НЕЗАВИСНОСТ ОД КЛИЕНТОТ И ПРОФЕСИОНАЛНА САМОСТОЈНОСТ

### *ССВЕ*

Начелото (а) од Коментарите на ССВЕ во однос на Повелбата го вели следново: „Адвокатот, исто така, мора да биде независен и од својот клиент доколку адвокатот сака да ја ужива довербата на трети страни и на судовите“[62]. Во Коментарите на ССВЕ на Повелбата, понатаму, се објаснува и следново: „Без оваа независност од клиентот не може да се гарантира квалитетот на работата на адвокатот“[63].

Во членот 2.1.1. од Кодексот на однесување на ССВЕ го пишува следново: „Целосна независност на адвокатот... е потребна за да се верува и во процесот на спроведување на правдата и во непристрасноста на судијата“[64]. Според Кодексот на однесување на ССВЕ, адвокатот е должен да избегнува какви било пречки што би можеле да ја намалат неговата или нејзината независност и „мора да избегнува секакво нарушување на неговата независност и мора да биде внимателен да не ги загрози своите професионални стандарди со цел да ги задоволи клиентот, судот или трети страни“[65].

### *МАК*

Независноста од клиентот не е посебно предвидена во рамките на Коментарите на МАК. Фактот дека адвокатот не смее да ја загрози својата независност со цел да му удоволи на клиентот се подразбира сам по себе. На пример, клиентот има право да биде информиран за шансите за успешен исход во неговиот или во нејзиниот предмет и „да очекува да добие независни, непристрасни и искрени адвокатски совети, без разлика дали таквиот совет ќе му се допадне или не“[66].

### *Континентално право*

Во Франција адвокатите, вообичаено, имаат слобода да одлучуваат самите дали ќе прифатат да работат на одреден случај или не. Според Интерниот правилник на Париската адвокатска комора (RIBP), „адвокатот има право да престане да работи на конкретен предмет, за што треба навремено да го информира клиентот“[67]. Во секој случај, доколку адвокатот се реши да прекине со застапувањето на одреден клиент, со тоа не смее да ја загрози неговата или нејзината одбрана и адвокатот мора да стори сè што може за да му овозможи и да му помогне на клиентот да најде друг правен застапник[68].

[62] Коментари на ССВЕ во однос на Повелбата, начело (а).

[63] Истиот извор.

[64] Кодекс на однесување на ССВЕ, член 2.1.1.

[65] Истиот извор.

[66] Коментари на МАК, Белешка за појаснување 1.2.

[67] RIBP, член М.34.

[68] RIBP, член М.34.1. Погледнете го и говорот на Кристијан Шариер-Бурназел, дел Б.

Во кривичните предмети, доколку адвокатот веќе е назначен како бранител на клиентот[69], тој или таа не смее тукутака да одбие да го брани клиентот или да се повлече од предметот, освен доколку постојат оправдани причини за тоа. Претседателот на кривичниот суд со апелациона надлежност *(Cour d'assises)*, односно таканаречениот *Bâtonnier*, кој ги назначува адвокатите, одлучува дали образложените причини се оправдани и доволни или не[70].

Во текот на една судска кривична постапка пред *Cour d'assise*s, во градот Кале во Франција, двајцата бранители на обвинетиот решиле да го напуштат рочиштето и да се повлечат од предметот (нивниот клиент, исто така, немал намера да присуствува на закажаното рочиште) [71]. Едниот адвокат бил ангажиран од страна на обвинетиот. Вториот бил назначен од страна на претседателот на *Cour d'assises*[72]. Според мислењето на Касациониот суд *(Cour de cassation)*, назначениот адвокат немал право да одбие да го застапува клиентот и не смеел да ја напушти судницата, особено откако претседателот го одбил неговото образложение за причините за неговото повлекување[73]. *Cour de cassation* не се спротивставувал на повлекувањето на вториот адвокат[74]. Она што може да го заклучиме од оваа одлука е дека, општо, француските адвокати се независни од клиентот и имаат право да се повлечат од кој било случај. Сепак, доколку адвокатот бил назначен да работи на конкретен предмет од страна на претседателот на *Cour d'assises* или од страна на *Bâtonnier*-от, адвокатот не може да одбие да го брани клиентот или да се повлече од предметот.

Во Франција, откако адвокатот ќе прифати да работи на одреден случај, има обврска да го советува клиентот во однос на најдобрата стратегија која тој или таа верува дека треба да се примени во конкретниот случај. Општо, француските адвокати не може да постапуваат спротивно на добиените упатства од клиентот, во смисла на тоа дека не смеат да спроведуваат поинаква стратегија од онаа што им е наложена од клиентот. Доколку по добиеното адвокатско мислење, клиентот не сака да ги следи советите на адвокатот, адвокатот има право да се повлече од застапувањето доколку упатствата за постапување што ги добива од клиентот се спротивни на неговото разбирање на концептот за совесно работење и на она за што тој верува дека е најдобро за интересите на клиентот.

[69] Во согласност со членот 317 од францускиот Закон за кривична постапка, одбраната е задолжителна.

[70] Членот 9 од Законот од 31 декември 1971 година гласи: Адвокатот што бил назначен од страна на Bâtonnier-от или од претседателот на Касациониот суд, не може да го одбие ангажманот доколку неговите причини или спреченост не бидат одобрени и прифатени од страна на Bâtonnier-от или од претседателот. Погледнете ја и пресудата на Касациониот суд во граѓанскиот предмет број 88-11413 од 15 ноември 1989 година.

[71] Касационен суд, кривичен предмет број 14-84221 од 24 јуни 2015 година.

[72] Истиот извор.

[73] Истиот извор.

[74] Истиот извор.

Адвокатската комора на округот *Val d'Oise* објаснува дека адвокатот може да ја сочува својата интелектуална независност од клиентот преку „слободата што ја има во однос на својата аргументација пред судовите, која може да се разликува од она што го предложил клиентот, затоа што од адвокатот се очекува да ја понуди најдобрата можна одбрана“[75].

Постои уште еден аспект на независноста на адвокатите во Франција што треба да се разгледа, а тоа е ситуацијата кога адвокатот има само еден клиент, а тој клиент има голема важност за адвокатската канцеларија од финансиски аспект, затоа што во тој случај може да биде загрозена независноста на адвокатот[76]. Кристијан Шариер-Бурназел посочува дека и покрај фактот што не постои експлицитно правило што му забранува на адвокатот да работи само за еден клиент, очигледно е дека во една таква ситуација независноста на адвокатот ќе биде ограничена[77].

Различните етички правила во врска со судирот на интереси и можноста за повлекување, за кои говоревме погоре во текстот, ја потенцираат адвокатската независност од трети лица и од самиот клиент. Како што објаснуваат стручните лица од оваа сфера, независноста на адвокатот од клиентот е:

> Еден од камен-темелниците на француската правна етика (заедно со независноста од судовите и од другите адвокати)... Адвокатот нема законска обврска да прифати одреден случај. Всушност, адвокатот е должен да го ‘процени’ клиентот пред да го прифати ангажманот. Дури и откако ќе го прифати ангажманот, адвокатот нема законска обврска да продолжи да го застапува клиентот и може да прекине да ги нуди своите услуги откако претходно за тоа соодветно ќе ја извести странката[78].

Иако овој концепт би бил чуден и непознат за адвокатите од системите со обичајно право, начинот на кој француските адвокати ја толкуваат независноста е резултат на улогата што адвокатот ја има во рамките на францускиот систем.

Францускиот адвокат не е агент на клиентот, туку „независна личност која ја нуди својата елоквенција и кредибилитет на друго лице затоа што верува во својата кауза и знае дека му е потребна помош. Тој понекогаш гарантира за клиентот, со посочување на својата верба во неговите тврдења и наводи, што е токму она што адвокатот во

[75] Етички кодекс на Адвокатската комора на Val d'Oise (Avocats du Val d'Oise, Déontologie), достапен на: http://www.avocat95.fr/index.php?page=article&article=9&PHPSESSID=b527c2df7928987a4288613572b00d67

[76] Говор на Christian Charrière-Bournazel, дел Б.

[77] Истиот извор.

[78] Nagorcka et al., Comparative Legal Ethics (Компаративна анализа на адвокатската етика), точка 466 (со коси букви во оригиналот).

Соединетите Американски Држави не би требало да го прави“[79].

Во Германија адвокатите може да одбијат да работат на конкретен предмет кога таквиот ангажман им го нуди некој приватен клиент. Во согласност со Сојузниот закон за адвокатура, секој адвокат од кого ќе бидат побарани професионални услуги, а не сака да прифати да работи на конкретниот предмет, за тоа веднаш мора да го информира клиентот и е должен да плати надомест за каква било евентуална штета предизвикана од неговото небрежно одлагање на одлуката и информирање на клиентот[80]. Сепак, адвокатите што се службено назначени од судот да постапуваат по кривични предмети имаат обврска да ги обезбедат своите услуги[81]. Адвокатот има право да го одбие ангажманот само доколку постојат оправдани причини за тоа[82]. Таквите причини може да го вклучуваат следново: болест на адвокатот или преголем обем на работа; отсуство на соработка од страна на клиентот; реално отсуство на заемна доверба помеѓу адвокатот и клиентот поради однесувањето на клиентот; или доколку давањето бесплатната правна помош не е оправдано, знаејќи ги приходите или имотот и средствата со кои располага клиентот[83].

Во Холандија адвокатите носат целосна лична одговорност во постапувањето по одделни предмети[84]. Тоа значи дека тие не може да ја избегнат оваа одговорност повикувајќи се на добиените упатства од клиентот[85]. Во согласност со Холандските правила на однесување, адвокатите не смеат да преземаат никакви дејства што се спротивни на јасно посочените желби на клиентот.[86] Сепак, често се случува адвокатот и клиентот да не се согласуваат во однос на дејствата што треба да се преземат. Според Холандските правила на однесување, „доколку постојат разлики во ставовите и мислењата на адвокатот и неговиот или нејзиниот клиент во однос на начинот на кој треба да се постапува во конкретниот предмет, а таквиот спор не може да се разреши преку заеднички консултации, тогаш адвокатот треба да се повлече од случајот, односно од застапувањето.[87] Сепак, ако адвокатот реши да се повлече, тоа мора да го стори „на внимателен начин и да се увери дека ќе предизвика минимална штета за клиентот“[88].

[79] JOHN LEUBSDORF, MAN IN HIS ORIGINAL DIGNITY: LEGAL ETHICS IN FRANCE (ЧОВЕКОТ ВО НЕГОВОТО ОРИГИНАЛНО ДОСТОИНСТВО: АДВОКАТСКА ЕТИКА ВО ФРАНЦИЈА) 15 (2001).

[80] Сојузен закон за адвокатура, став 43в.

[81] Истиот извор, ставови 49 и 49а.

[82] Истиот извор, став 49а.

[83] Германски правилник за професионална практика, став 16а.

[84] Холандски правила на однесување, правило 9.

[85] Истиот извор.

[86] Истиот извор.

[87] Истиот извор, правило 9.2.

[88] Истиот извор, правило 9.3.

Во Белгија, во согласност со Фламанскиот етички кодекс, адвокатот „постапува само доколку добил такво упатство од својот клиент“.[89] Еден адвокат може да добие упатства од некој друг адвокат што го застапува клиентот или некој надлежен орган и доколку нивната надлежност и овластувања не се јасни, адвокатот „мора да преземе соодветни мерки за утврдување на идентитетот, компетентноста и овластувањата на лицето или на организацијата од кои ги добил конкретните упатства за постапување“[90]. Фламанскиот етички кодекс пропишува дека адвокатот не смее да се повлече од случајот „на начин и во околности во кои клиентот не би бил во состојба навреме да пронајде друг правен застапник за да се оневозможи нанесувањето каква било штета на странката“.[91] Слично на ова, во Етичкиот кодекс на ФГАК стои дека адвокатот мора да го брани и да го советува својот клиент со „целосна независност и слобода“[92]. Понатаму, тој дефинира дека адвокатот мора да се увери дека во извршувањето на своите должности тој или таа не е „загрозен/а ниту попречуван/а од клиентот, судовите или трети лица“.[93] За разлика од претходно споменатите кодекси, Етичкиот кодекс на ФГАК предвидува дека адвокатските приправници се должни своите работни задолженија да ги извршуваат совесно, „без никакви предрасуди во однос на нивното право да одбијат да работат на предмет за кој тие лично сметаат дека не е праведен“.[94]

### *Обичајно право*

Во САД адвокатот, вообичаено, нема целосна независност во однос на клиентот и мора да ги почитува одлуките на клиентот[95]. Клиентот е тој што одлучува која ќе биде крајната цел на постапката, а адвокатот е должен да се консултира со клиентот во однос на средствата што ќе се искористат за потребите на исполнувањето на таа крајна цел[96]. Во кривичните предмети, адвокатот во целост мора да ја почитува одлуката на клиентот во врска со можното признавање на делото и евентуалното прифаќање на спогодувањето за вина, дали да се откаже од правото на судење пред порота и дали клиентот ќе сведочи пред судот или не[97].

Независноста на адвокатот подразбира дека ако тој или таа застапува одреден клиент, особено кога адвокатот е назначен по службена должност, тоа не значи дека адвокатот се согласува и

[89] Фламански етички кодекс, член X.3.1.1.

[90] Истиот извор.

[91] Истиот извор, член X.3.1.4.

[92] Етички кодекс на ФГАК, член 1.2.(а) (неслужбен превод од страна на авторот)

[93] Истиот извор, член 1.3. (неслужбен превод од страна на авторот)

[94] Истиот извор, член 3.13. (неслужбен превод од страна на авторот)

[95] Препорачани правила на АВА, правило 1.2.(а)

[96] Истиот извор.

[97] Истиот извор.

ги одобрува политичките, општествените или моралните ставови и мислења и активности на клиентот[98]. Адвокатот не може да го одбие ангажманот само поради тоа што конкретниот предмет е неомилен или контроверзен[99].

Во ОК, во согласност со Прирачникот на ОАС, судскиот адвокат не може да одбие да го брани клиентот само затоа што тој лично смета дека фактичката состојба во предметот не е онаква каква што ја прикажува клиентот, сè додека постои меѓусебно разбирање за начинот на постапување во конкретниот предмет и под услов, на тој начин судот намерно да не се доведува во заблуда[100]. Според Прирачникот на ОАС, улогата на судскиот адвокат „кога постапува како бранител или правен застапник во одредена парница е да ги презентира наводите и тврдењата на својот клиент, без притоа да суди дали ним може да им се верува или не“[101].

### *Домашно законодавство*

Независноста на адвокатот од клиентот и професионалната самостојност се предвидени во Кодексот за професионална етика на АКРМ. Сепак, за разлика од Франција, оваа независност не е апсолутна и зависи од повеќе различни фактори. Според правилото 5, адвокатската независност значи дека адвокатот во својата работа не смее да се идентификува со својата странка, туку треба „да остане на висина на својата функција – застапник или бранител на своите странки“. Во согласност со правилото 7, адвокатот ја брани својата независност и професионална самостојност и преку искрено соопштување на својата странка за мислењето што го има околу евентуалниот исход на спорот, без разлика дали таквото мислење му се допаѓа на клиентот или не.

Независноста од клиентот не значи дека адвокатот може да го одбие ангажманот без никакви оправдани причини. Во согласност со правилото 1 од Кодексот на АКРМ, адвокатот мора да го прифати ангажманот и не може да го одбие давањето правна помош освен доколку постојат оправдани причини за тоа. Во правилото 1 од Кодексот на АКРМ се наведени неколку од овие можни причини. Во граѓанските предмети адвокатот може да го одбие давањето правна помош само во одредени ограничени околности, односно кога е презафатен или доколку клиентот не е во состојба да ги плати трошоците на постапката. Од друга страна, кај кривичните предмети неспособноста на клиентот да ги плати услугите не значи и автоматско оправдување на евентуалното одбивање да се даде правна помош. Во таква ситуација адвокатот треба да го прифати

---

[98] Истиот извор. Погледнете ги и пример-правилата на ABA, белешка [5] кон правилото 1.2.

[99] Препорачани правила на ABA, коментар [5] кон правилото 1.2.

[100] Прирачник на ОАС, точка gC6.

[101] Истиот извор (со коси букви во оригиналот).

ангажманот, освен доколку не постојат некои други објективни или лични причини, како на пример, болест на адвокатот или ситуациите кога клиентот веќе има долг за претходно дадени правни услуги од страна на адвокатот за истиот случај.

Во согласност со правилото 2 од Кодексот на АКРМ, доколку адвокатот реши да го откаже застапувањето, одбраната или давањето друга правна помош, тоа мора да го стори внимателно и да се увери дека нема да биде штетно за клиентот. Според правилото 2, адвокатот може да го откаже застапувањето, одбраната или давањето друга правна помош поради оправдани причини кои тоа му го овозможуваат ако за тие причини дознал по преземањето на предметот. Според правилото 22, доколку клиентот бара адвокатот да го застапува, притоа барајќи од него или од неа да докажува нешто што е спротивно на материјалната вистина, адвокатот може, но и не мора да одбие да го застапува клиентот. Дури и во една таква ситуација, адвокатот „не смее да презема мерки што би можеле да бидат штетни за клиентот“. Кодексот на АКРМ не посочува кои мерки би можеле да бидат оценети како штетни. Пример за една таква штетна мерка е доколку адвокатот го извести судијата за намерата на клиентот да лаже и за неговото повлекување од предметот. Во едно такво сценарио, адвокатот не само што би предизвикал штета за клиентот, туку би ја прекршил и својата должност за чување професионална тајна, во согласност со правилото 20.

## НЕЗАВИСНОСТ ОД ЛИЧНИ ИНТЕРЕСИ

Факторите како што се приватните и лични интереси би можеле да ја попречат објективноста и независноста на адвокатот. Често финансискиот интерес на адвокатот може да дојде во судир со обврските што адвокатот ги има во однос на својот клиент. Конфликтниот личен интерес е само еден вид судир на интереси кој може да претставува пречка за исполнувањето на професионалните должности на адвокатот. Општо, судир на интереси е ситуацијата во која способноста на адвокатот да го застапува својот клиент е материјално ограничена поради неговите или нејзините лични интереси или интересите на трети лица. Постојат различни видови судири на интереси, вклучувајќи конфликти помеѓу адвокатот и клиентот, помеѓу тековните клиенти на истиот адвокат, помеѓу тековните и поранешните клиенти, како и конфликти поради обврските што адвокатот ги има спрема трети лица. За различните видови судири на интереси во повеќе детали ќе зборуваме во Поглавје 5. Во овој дел накратко ќе кажеме нешто повеќе за судирот на интереси помеѓу адвокатот и клиентот.

### ССВЕ

Според Коментарите на ССВЕ на Повелбата, адвокатот не смее да прифати да работи за одреден клиент доколку постои судир на интереси помеѓу нив двајцата[102]. Доколку таквиот конфликт се јави во текот на самиот ангажман, адвокатот е должен да се повлече[103]. Кодексот на однесување на ССВЕ дефинира дека адвокатот „мора да ги стави тие интереси (на клиентот) пред своите сопствени интереси или пред оние на колегите адвокати“[104].

### МАК

МАК ги опишува околностите во кои интересот на адвокатот се меша со најдобрите интереси на клиентот и со способноста за професионално расудување, меѓу кои се и следниве:

1. вмешаност на адвокатот во некаква деловна зделка со клиентот, без да биде јавно соопштено тоа и во отсуство на согласност од клиентот;
2. вмешаност на адвокатот во некаков бизнис, занимање или активност додека го застапува клиентот, каде што интересот во таквата активност има шанса да го добие или го добива приоритетот на адвокатот, наспроти интересите на клиентот;
3. свесно стекнување сопственост, владение или заложни права кои му одат на штета на клиентот, освен доколку тоа не е предвидено со закон;

[102] Коментари на ССВЕ за Повелбата, начело (в).

[103] Истиот извор.

[104] Кодекс на однесување на ССВЕ, член 2.7.

4. поседување или стекнување финансиски интерес во конкретниот предмет на кој работи адвокатот, без разлика дали постапката се води пред суд или пред друг управен орган, освен кога тоа е предвидено со закон за договори каде што исплатата на адвокатската награда зависи од успешната разрешница на случајот и како залог за гаранција за исплата[105].

### *Континентално право*

Францускиот НПА, исто така, пропишува дека застапувањето на клиентот може да биде ограничено поради евентуалниот ризик од судир на интереси[106]. Во членот 4.1. од НПА стои дека адвокатот „освен доколку не биде постигнат заемен договор, ќе престане да постапува за сите клиенти доколку се појави каков било судир на интереси, кога постои шанса за повреда на начелото на доверливост или, пак, кога е загрозена независноста на адвокатот“. Кога постои сериозен ризик од идна појава на судир на интереси, адвокатот најпрво е должен да обезбеди согласност од сите засегнати странки пред да прифати да работи за повеќе од една странка истовремено[107]. Според членот 4.2., судирот на интереси постои доколку адвокатот не е во состојба да понуди целосни и точни информации без притоа да ги загрози интересите на една или повеќе странки или, пак, доколку адвокатот се реши да постапува поинаку од начинот на кој тоа би го правел доколку ги застапува интересите само на една странка. За разлика од правилата за судир на интереси на обичајното право, францускиот НПА не посочува конкретни ситуации во кои евентуалниот конфликт би можел да значи намалена независност на адвокатот и ситуациите во кои свесно може да се прифатат евентуалните последици од конфликтот. Маја Голдштајн Болокан објаснува дека веќе настанатите последици од постојните конфликти не може да бидат прифатени, но може да се прифатат последиците од потенцијалните конфликти што може да се јават[108]. Филип Џенти објаснува дека во практика „адвокатот е оној кој, всушност, одлучува дали судирот на интереси воопшто постои или не, а согласноста на клиентот да ги прифати евентуалните последици ниту се бара, ниту пак мора да се испочитува“[109].

Во Германија, во согласност со Сојузниот закон за адвокатура, адвокатот не смее да прифати да работи на одреден случај ако веќе претходно има постапувано по истиот предмет во својство

[105] Коментари на МАК, белешка за појаснување 1.2.

[106] Француски НПА, член 4.1.

[107] Француски НПА, член 4.2.

[108] Maya Goldstein Bolocan, *Professional Legal Ethics: A Comparative Perspective, (Професионална правна етика: Компаративна гледна точка)*, ABA CEELI Program 44 (2002).

[109] Philip M. Genty, *The Challenges of Developing Cross-Cultural Legal Ethics Education, Professional Development, and Guidance for the Legal Professions (Предизвици во развојот на образованието за адвокатска етика, професионален развој и насоки за адвокатската професија во различните култури)* 1 J. PROF. L. 37, 42 (2011).

на судија, посредник, јавен обвинител, член на јавните органи или нотар[110]. Германските правила за професионална практика не содржат дефиниција за судирот на интереси, но тие му забрануваат на адвокатот да работи на конкретниот предмет доколку постои судир на интереси[111]. Сојузниот закон за адвокатура наведува повеќе ситуации во кои постои судир на интереси; сепак тој не ги вклучува и конфликтите помеѓу клиентот и адвокатот[112]. Во Холандија, Холандските правила на однесување го велат следново: „Начинот на кој адвокатите постапуваат по предметите треба да зависи од интересите на клиентот, а не од личните интереси на адвокатот"[113].

Во Белгија, во согласност со Фламанскиот етички кодекс, адвокатот „не смее да презема никакви дејства доколку тоа предизвикува судир на интереси или поголема опасност од евентуална појава на судир на интереси помеѓу него или неа и клиентот"[114]. Слично, според Етичкиот кодекс на ФГАК, спречувањето судири на интереси е една од главните должности на адвокатот[115]. Етичкиот кодекс на ФГАК ја обезбедува адвокатската независност така што на адвокатот му забранува да врши каква било друга платена активност (освен во ретки случаи, во сферата на образованието или на политиката) или да интервенира во ситуации кога тоа би предизвикало каков било судир на интереси[116].

### *Обичајно право*

Во САД, начелото на независност бара од адвокатите да постапуваат без присуство на какви било несоодветни лични интереси во конкретните предмети на нивните клиенти. Доколку постои голем ризик нудењето правни услуги да биде ограничено поради личните интереси на адвокатот, таквото застапување е забрането[117]. Препорачаните правила на ABA предвидуваат неколку забрани во однос на постапувањето што би можело да има негативно влијание врз меѓусебниот однос помеѓу адвокатот и клиентот, а како резултат на личните интереси на адвокатот. На пример, на адвокатите им е забрането да влегуваат во „бизнис-зделки со клиентите или свесно да остваруваат имотна сопственост, владение, заложни права или друг финансиски интерес на штета на клиентот..."[118] Овие забрани постојат затоа што правните знаења на адвокатот, во комбинација со меѓусебниот однос на заемна доверба помеѓу адвокатот и клиентот,

[110] Сојузен закон за адвокатура, став 45.1.

[111] Германски правилник за професионална практика, став 3.

[112] Сојузен закон за адвокатура, ставови 45-46.

[113] Холандски правила на однесување, правило 5.

[114] Фламански етички кодекс, член I.2.3.1.

[115] Етички кодекс на ФГАК, член 1.2.(в)

[116] Истиот извор, членови 2.1-2.6.

[117] Препорачани правила на ABA, правило 1.7.(а)(2)

[118] Препорачани правила на ABA, правило 1.8.(а)

создаваат ситуација во која адвокатот би можел да го злоупотреби клиентот[119].

На пример, доколку адвокатот подготви некаков договор каде што договорни страни се тој самиот и неговиот клиент, тогаш адвокатот може да го злоупотреби фактот што клиентот не ја познава правничката терминологија и договорот да го напише на начин што ќе биде најповолен за него. Уште еден пример на несоодветен интерес е ситуацијата во која некој адвокат инвестира во одредено претпријатие, а потоа го застапува тужителот во постапка која се води токму против тоа претпријатие. Законската постапка која се води против претпријатието може да ги загрози деловните и финансиските интереси на адвокатот, а од друга страна, од адвокатот се очекува совесно и целосно да се залага за заштита на интересите на клиентот.

Во ОК, на судските адвокати им е забрането да го прифатат ангажманот доколку постои судир на интереси помеѓу личните интереси на судскиот адвокат и интересите на потенцијалниот клиент[120]. Прирачникот на ОАС го предвидува следново:

> Меѓу примерите на ситуации во кои нема да бидете во можност да ја задржите својата независност се и ситуациите каде што сте ангажирани како адвокат во постапки во кои, веројатно, ќе бидете повикани да се појавите пред судот и во својство на сведок (освен доколку прашањето поради кое сте повикани да сведочите е помалку битно, од аспект на целокупната постапка и не е директно поврзано со главното прашање во конкретниот предмет и не постојат шанси дека поради тоа вашето постапување по конкретниот предмет би можело подоцна да биде оспорено). Сепак, доколку планирате да се повлечете од предметот затоа што ви се чини дека, најверојатно, ќе бидете повикани да сведочите за суштествени прашања, поврзани со утврдувањето на фактичката состојба во конкретниот случај, тогаш треба да го сторите тоа, но само доколку може да го сторите без да ги загрозите интересите на *клиентот*[121].

[119] Препорачани правила на ABA, коментар [1] кон правилото 1.8.

[120] Прирачник на ОАС, точка rC21.

[121] Истиот извор, точка gC73 (со коси букви во оригиналот).

### *Домашно законодавство*

Исто така, и Кодексот на АКРМ ја штити независноста на адвокатот од евентуални судири на интереси помеѓу адвокатот и клиентот. Во согласност со одредбите содржани во Кодексот на АКРМ, адвокатот треба да избегнува какви било конфликтни лични интереси кои би можеле да имаат влијание врз неговото или врз нејзиното независно професионално расудување. Во согласност со правилото 26, со цел да се гарантира адвокатската слобода и независност, адвокатите се должни „да се воздржат од сите свои лични, особено материјални интереси, што би можело да го доведат во сомневање нивниот морален лик“.

Според членот 17, став 4 од Законот за адвокатура, при составување двострани правни работи, договори и др., адвокатот „е должен совесно да ги штити интересите на договорните странки без разлика која од нив побарала правна помош и која странка ја плаќа наградата“. Слично на ова, во согласност со правилото 4 од Кодексот на АКРМ, „адвокатот е должен совесно да ги штити интересите на двете странки... [и] ако меѓу странките настане спор во врска со договорот составен од страна на адвокатот, тогаш тој не треба да се појави како застапник на ниту една од странките“. Тоа значи дека кога некое друго лице ја плаќа адвокатската награда, а не клиентот, тоа не смее да влијае врз должноста и одговорноста што ја има адвокатот кон својот клиент.

### *Заклучок*

Иако адвокатската независност е едно од суштинските начела на секој кривичноправен систем, таа има различно значење во зависност од конкретната правна традиција и практика во земјата. Постојат суштински разлики во однос на содржината на адвокатската независност помеѓу европските држави со континентална правна традиција со кои еден адвокат треба да се запознае, особено доколку работи и во други странски држави.

Општо, начелото на адвокатската независност во сите држави ги опфаќа следниве вообичаени должности и обврски:

- Совесно постапување и ревносно застапување на интересите на клиентот; меѓутоа таквата ревносност мора да биде под контрола за да се спречи евентуалното попречување на правичното раздавање на правдата.
- Повлекување од предметот само доколку постојат оправдани причини за тоа.
- Работење на предметот без присуство на какви било несоодветни лични интереси во однос на неговиот исход.

Сите држави ја признаваат потребата за заштита на независноста на адвокатската професија од какви било надворешни притисоци.

Некои национални професионални правила, како што се, на пример, Холандските правила за однесување, посочуваат дека адвокатите мора да го избегнуваат мешањето на трети лица и други посредници во нивниот меѓусебен однос со клиентот. Во Препорачаните правила на АВА, експлицитно е наведено дека странката што ја плаќа адвокатската награда не смее да влијае врз или да го контролира начинот на кој адвокатот ги застапува интересите на својот клиент. Тоа е слично со правилото 4 од Кодексот на АКРМ кое бара од адвокатите да ги бранат најдобрите интереси на клиентот, без разлика на тоа кој ги плаќа.

Како и другите кодекси за кои говоревме претходно, така и домашниот Закон за адвокатура имплицитно го штити адвокатот од мешање на власта во неговата или во нејзината работа, што е во согласност со одредбите содржани во Кодексот на однесување на CCBE и со Начелата на МАК[122]. Освен тоа, во согласност со членот 3-а од Законот за адвокатура, државните органи се должни на адвокатите да им ги обезбедуваат и сите потребни информации и податоци.

Домашните адвокати се независни во однос на странките само до одреден степен. За разлика од француската адвокатура каде што независноста е практично апсолутна, во согласност со правилото 1 од Кодексот на АКРМ, адвокатот е „застапник и бранител“ на своите странки, и не смее да одбие да застапува или да брани одредена странка без оправдани причини. Во правилото 1 од Кодексот на АКРМ се наведени некои од тие причини, инаку слични со оние од списокот содржан во Германските правила за професионална практика.

Во некои од националните кодекси, како оние во Франција, Холандија и Белгија, конкретно е наведено дека доколку адвокатот одлучи да се повлече од предметот, тоа мора да го стори внимателно и да се увери дека нема да биде штетно за клиентот. Кодексот на АКРМ содржи слични барања и услови. Во согласност со правилото 22, при повлекувањето, адвокатот „не треба да презема ништо што би можело да ѝ наштети на странката“.

За разлика од најголемиот број други кодекси, Кодексот на АКРМ не содржи посебен дел во врска со судирот на интереси. Сепак, потребата за избегнување такви конфликти е вградена во правилата 4 и 23, каде што од адвокатите се бара да се воздржат од сите свои лични, особено материјални интереси, во конкретниот предмет и совесно да ги штитат интересите на двете странки при составувањето двострани правни работи.

---

[122] Кодекс на однесување на CCBE, член 2.1.1; Коментари на МАК, белешка за појаснување 1.2.

# Поглавје 2 – Чесност, интегритет и правичност

Начелото на чесност, интегритет и правичност, вообичаено, секогаш е присутно кај професионалните етички начела во сите држави. Во националните кодекси, ова начело вообичаено е преточено во обврските на адвокатот да постапува чесно и искрено пред судот, со личен дигнитет, почит и учтивост кон колегите. Кодексот на АКРМ бара од адвокатот да биде искрен кон клиентот, да го почитува правичното раздавање на правдата и да се однесува со почит кон сите други спротивставени страни. Една од етичките дилеми со кои се соочени адвокатите е на кој начин најдобро може да се остане лојален кон својот клиент, да се искористи секоја можност во негова или во нејзина корист и да се задржи доверливоста, а притоа истовремено да се исполни должноста за искрено и чесно постапување пред судот.

## *CCBE*

Повелбата на CCBE содржи неколку начела поврзани со различните аспекти на адвокатската чесност, личен интегритет и правичност. Начелото (г) од Повелбата на CCBE се однесува на дигнитетот и честа на адвокатската професија, како и на интегритетот и доброто реноме на одделни адвокати[123]. Во Коментарите на CCBE се објаснува дека почитувањето на ова начело е неопходно доколку адвокатот сака да ја има довербата на клиентите, трети лица, судовите и државата[124]. Тоа значи дека адвокатот не смее да покажува срамно однесување во професионалното работење или во кои било други деловни активности, па дури ниту во приватниот живот, со што би можел да им наштети на честа и угледот на професијата[125]. Според Кодексот на однесување на CCBE, меѓусебниот однос на заемна доверба може да постои само доколку не постои никаков сомнеж во однос на личната чест, искреност и интегритет на адвокатот[126]. Меморандумот за појаснување на CCBE не содржи никакви коментари во однос на ова прашање. Во согласност со начелото (з) од Повелбата на CCBE, адвокатот мора да го почитува владеењето на правото и правичното раздавање на правдата. Коментарите на CCBE на Повелбата објаснуваат дека, делумно, улогата на адвокатот е да биде и учесник во процесот на правично раздавање на правдата[127]. Според Коментарите на CCBE на Повелбата, „истата идеја понекогаш се изразува со тоа што адвокатот се опишува како службено судско лице или слуга на правдата[128]. Ова начело дефинира дека:

[123] Коментари на CCBE за Повелбата, начело (г).

[124] Истиот извор.

[125] Истиот извор.

[126] Кодекс на однесување на CCBE, член 2.2.

[127] Истиот извор, начело (г).

[128] Истиот извор, начело (з).

„Адвокатот никогаш не смее свесно да му даде лажни или неточни информации на судот, ниту пак смее да лаже трети страни во текот на своето професионално вршење на дејноста“[129].

Коментарите на CCBE на Повелбата даваат и општи насоки за постапување во ситуациите кога овие забрани се спротивни на интересите на клиентот: адвокатот има право да се посоветува и да побара помош од својата адвокатска комора. Од друга страна, се посочува и дека „според последната анализа, адвокатот успешно може да го застапува својот клиент единствено ако судовите и третите страни го сметаат за доверлив посредник и за учесник во правичното спроведување на правдата“[130]. Претпоставуваме дека ова значи дека во ситуации кога клиентот бара од адвокатот да ги занемари неговите или нејзините обврски кон судот и правичното раздавање на правдата, со цел на нечесен начин да се бори само за интересите на клиентот, треба да преовлада должноста што ја има адвокатот кон судот[131].

Во согласност со членот 4.2. од Кодексот на однесување на CCBE, адвокатот „секогаш мора да води грижа за правилното водење на постапката“[132]. Меморандумот за појаснување на CCBE појаснува дека адвокатот, на пример, „ не смее да контактира со судијата без претходно да го извести адвокатот кој ја застапува спротивната странка или не смее да му достави докази, забелешки или документи на судијата без да навремено да му ги достави на адвокатот на спротивната странка, освен доколку таквите постапки се дозволени според релевантниот деловник за работа“[133].

Во согласност со начелото (ж) од Повелбата на CCBE, почитувањето на другите професионални колеги претставува „повеќе од потврда на потребата за учтивост“[134]. Коментарите на CCBE на Повелбата го толкуваат ова начело како нешто што е поврзано со улогата на адвокатот „како посредник на кој може да му се верува дека ја зборува вистината, да постапува во согласност со професионалните правила и да го одржи своето ветување“[135]. Ова значи дека адвокатите треба да ги решаваат споровите на цивилизиран начин, да бидат добронамерни со своите колеги и да не се однесуваат измамнички[136].

---

[129] Истиот извор.

[130] Истиот извор.

[131] Коментари на CCBE во однос на начелото (д) – лојалност кон клиентот: „...адвокатот мора јасно да му даде на знаење на клиентот дека тој не смее да ги загрози своите должности кон судот и кон спроведувањето на правдата, изнесувајќи нечесен предмет во име на клиентот.“

[132] Кодекс на однесување на CCBE, член 4.2.

[133] Меморандум за појаснување на CCBE, белешка за членот 4.2.

[134] Повелба CCBE, начело (ж).

[135] Коментари на CCBE за Повелбата.

[136] Истиот извор.

### *МАК*

Според начелото 2 на МАК, „адвокатот е должен постојано да се придржува кон највисоките стандарди за чесност, интегритет и правичност во однос на клиентот, судот, колегите и сите други со кои адвокатот остварува контакти во текот на својата професионална работа“[137]. Тоа значи дека адвокатот „не смее да наведува погрешни факти или да дава погрешни совети во однос на примената на законите, при давањето на професионалните адвокатски услуги и е должен да ги коригира сите свои претходно погрешно дадени факти или стручни совети“[138].

Во Коментарите на МАК се посочува и дека адвокатите мора да се однесуваат професионално со клиентите, другите странки, судот, судската администрација и општата јавност. Тоа вклучува „пристојност, професионален интегритет, личен дигнитет, искреност, совесност во работата, почит кон другите, уважување и соработка…“[139] Во Коментарите на МАК се наведува дека адвокатите не треба да се однесуваат на непријателски начин кон судот, другите адвокати или кон јавноста. Начелата на МАК пропишуваат дека постојат различни стандарди за она што се очекува од адвокатите, во зависност од нивните должности и одговорност, а таквата одговорност се разликува од една до друга држава и кривичноправен систем[140].

### *Континентално право*

Сите кодекси на однесување во земјите со континентален правен систем го предвидуваат начелото на чест, искреност, интегритет и почитување на соодветното раздавање на правдата преку повеќе различни мерки и должности што се предвидени за адвокатите.

Француските адвокати „мора да ги почитуваат начелата на чесност, правичност, непристрасност, колегијалност, тактичност, умереност и заемна почит“[141]. Според Интерниот правилник на Париската адвокатска комора (RIBP), секое вознемирување или дискриминаторски однос кон кое било лице се смета за повреда на основните начела[142].

Францускиот НПА го карактеризира адвокатот како „службеник на судот и суштествен учесник во спроведувањето на правдата“[143]. Членот 1 *bis* од францускиот НПА нуди еден пример за начинот на кој е можно да се разреши конфликтот помеѓу обврската што адвокатот

[137] Начела на МАК, начело 2.1.

[138] Коментари на МАК, белешка за појаснување 2.2.

[139] Истиот извор.

[140] Истиот извор.

[141] Француски НПА, член 1.3.

[142] Интерен правилник на Париската адвокатска комора (RIBP), член P.1.6., достапно на следнава адреса: http://dl.avocatparis.org/reglement_interieur/RIBP.htm#_Toc435782388.

[143] Истиот извор, член 6.1.

ја има кон судот и должноста кон клиентот. Членот 1 *bis* објаснува дека доколку постои причина адвокатот да се сомнева дека неговиот или нејзиниот совет би можел да се искористи за извршување или помагање во извршувањето на одредено дело, тогаш адвокатот мора да се обиде да го одврати клиентот од таквата намера, а доколку тој обид заврши неуспешно, тогаш адвокатот мора да се повлече од предметот.

Во согласност со Германскиот сојузен закон за адвокатура, адвокатот „мора да покаже висок степен на објективност во своето професионално работење“[144]. Тоа вклучува однесување „при кое се врши свесно отфрлање на невистините или клеветничките наводи кога за нив навистина нема потреба и не се предизвикани како резултат на однесувањето на другите странки или начинот на кој се одвива самата постапка“[145].

Во согласност со Германскиот правилник за професионална практика, адвокатот мора да биде искрен со својот клиент, на пример, со тоа што ќе го информира за сите случувања и преземени мерки во врска со предметот,[146] во врска со достапноста на правната помош[147] или со тоа што навремено ќе одговара на сите прашања на клиентот[148].

При остварувањето контакти со спротивставената страна, Сојузниот закон за адвокатура им забранува на германските адвокати директно да контактираат или да преговараат со другата странка без претходно обезбедена согласност од страна на неговиот или на нејзиниот адвокат[149]. Исто така, доколку еден адвокат „сака да му обрне внимание на својот колега и да му укаже дека ја прекршил својата професионална должност, тоа мора да го стори на доверлив начин....“[150]

Според Холандските правила на однесување, улогата што адвокатите ја имаат во раздавањето на правдата ги става во привилегирана положба[151]. Ваквата привилегирана положба адвокатите мора да ја искористат на соодветен начин, „не само – и не како основна причина – затоа што нивната положба и привилегии би можеле да бидат загрозени доколку не се користат на соодветен начин, туку затоа што за нив тие создаваат обврска кон општеството“[152]. Кога

[144] Сојузен закон за адвокатура, став 43.а(3).

[145] Истиот извор.

[146] Германски правилник за професионална практика, став 11.1.

[147] Истиот извор, став 16.1.

[148] Истиот извор, став 11.2.

[149] Истиот извор, став 12.1.

[150] Истиот извор, став 25.

[151] Холандски правила на однесување, правило 1.2.

[152] Истиот извор.

станува збор за односите со клиентите, адвокатите „се должни своите односи со нив секогаш да ги засноваат врз заемна почит и доверба“[153].

Обврската за искреност кон судот се одразува во адвокатската „должност за воздржување од презентирање факти и информации за кои адвокатот знае или би требало да знае дека се неточни“[154]. Адвокатите не треба да се изразуваат употребувајќи „непотребно нападни изрази и терминологија... и секогаш мора да ги имаат предвид оправданите интереси на другата спротивставена странка и на другите засегнати трети лица“[155]. Адвокатите „не смеат да контактираат со другите странки за работи за кои знаат дека странката добива адвокатски совети и помош, освен со посредништво и помош од нивниот адвокат, освен во случаите кога самиот адвокат ќе им дозволи директно да ја контактираат странката. Истото важи и за ситуациите кога другата странка... самоиницијативно директно ќе го контактира адвокатот[156].

Белгискиот фламански етички кодекс ја предвидува обврската за колегијалност[157]. Тоа значи дека адвокатите мора да го бранат правото на одбрана, да ја почитуваат контрадикторната природа на постапките и да не доведуваат никого во заблуда[158]. Обврската за колегијалност „ги унапредува односите на заемна доверба меѓу адвокатите во интерес на странките“[159]. Слично на ова, во согласност со Кодексот на етика на ФГАК, адвокатот има должност да биде лојален кон својот клиент и да го почитува судот, другите странки и начелото на колегијалност и да се воздржи од какво било однесување кое би можело да предизвика штета на честа и угледот на адвокатската професија[160].

### *Обичајно право*

Во САД, Препорачаните правила на ABA бараат чесност, личен интегритет и правичност при извршувањето на адвокатските должности. На пример, во согласност со Препорачаното правило на ABA 2.1., адвокатот мора да даде искрен совет. Тоа значи дека адвокатот треба да понуди директен правен совет што „ќе биде одраз на искрената оценка и мислењето на адвокатот“[161]. Белешката кон Правилото 2.1. објаснува дека „адвокатот треба да настојува

[153] Истиот извор, правило 17.

[154] Истиот извор, правило 30.

[155] Истиот извор, правила 31 и 1.2.

[156] Истиот извор, правило 18.

[157] Фламански етички кодекс, член III.2.1.

[158] Истиот извор, член III.2.1.1.

[159] Истиот извор.

[160] Етички кодекс на ФГАК, член 1.2.(д), (е)-(ѕ).

[161] Препорачани правила на ABA, белешка [1] кон правилото 2.1.

да го одржи моралот на клиентот и своите правни совети може да ги формулира на кој било начин сѐ додека тие го задоволуваат стандардот за чесност“[162]. Адвокатот не треба да се откаже од намерата чесно и искрено да го советува својот клиент само затоа што постои веројатност дека советот нема да му се допадне на клиентот[163].

Во согласност со Препорачаното правило на АВА 3.3., адвокатот не смее пред судот свесно и намерно да дава лажни фактички или законски наводи и тврдења, треба секогаш да ги коригира претходно дадените погрешни наводи и тврдења и не смее да изведува докази за кои и самиот знае дека се лажни[164]. Во белешката кон ова правило се објаснува дека „иако од адвокатот во акузаторните постапки не се очекува да зазема непристрасна позиција, во однос на толкувањето на законот или лично да гарантира за точноста на предложените докази, сепак адвокатот не смее да дозволи судот да биде доведен во заблуда преку лажни фактички или законски наводи и докази, за кои тој или таа однапред знае дека се неточни“[165]. Ако адвокатот е свесен дека неговиот клиент дал лажна изјава или некој од повиканите сведоци е подготвен лажно да сведочи, адвокатот мора да преземе соодветни мерки, како и да го извести судот за тоа[166]. Сепак, доколку станува збор за кривичен предмет, адвокатот не може да му забрани на обвинетиот да сведочи[167].

Еден од можните начини за решавање на оваа состојба е „во доверлив меѓусебен разговор, адвокатот своето несогласување да му го посочи на клиентот и да го информира за сопствената обврска за чесно и искрено постапување... и да побара соработка од клиентот во обидот за повлекување или за менување на погрешно дадените искази или докази“[168]. Ако тоа биде неуспешно, адвокатот мора да преземе понатамошни корективни мерки, како и целосно да се повлече од предметот[169]. При барањето дозвола за повлекување, адвокатот може да ги открие само информациите што се разумно неопходни за исполнување на обврската за искрено постапување пред судот[170]. Доколку таквото повлекување не биде дозволено или тоа не може да ја поправи ситуацијата, тогаш адвокатот „треба да ги даде информациите и објаснувањата... што се реално неопходни за разрешување на ситуацијата“, па дури и во случај кога тие значат

[162] Истиот извор.

[163] Истиот извор.

[164] Истиот извор, правило 3.3.(a)(1)-(3).

[165] Истиот извор, белешка број [2].

[166] Истиот извор.

[167] Истиот извор.

[168] Истиот извор, белешка број [10].

[169] Истиот извор.

[170] Истиот извор, белешка број [15].

повреда на обврската за доверливост[171].

Во Препорачаното правило на АВА 3.4. стои дека адвокатот треба да биде правичен кон спротивставената странка[172]. На пример, тоа значи дека адвокатот не смее на другата странка незаконски да го попречува пристапот до доказите[173], не смее да уништува или да прикрива документи со доказна вредност[174], да поднесува безначајни барања[175] или личните информации да ги презентира како факти[176]. Препорачаното правило на АВА 3.5. забранува какво било незаконско вршење влијание и притисок врз судија, поротник или друго судско службено лице, комуникација со нив вонсудската постапка и судница или преземање какви било активности што би можеле да ја попречат работата на судот[177].

Во ОК, според Прирачникот на ОАС, постапувањето на чесен начин и со полн интегритет претставува клучна обврска за адвокатите[178]. Должноста за чесно работење со полн интегритет вклучува неколку услови. Во согласност со нив, судскиот адвокат не смее свесно или од невнимание никого да доведува во заблуда, не смее да ги охрабрува сведоците да даваат невистинити или збунувачки изјави или да ги насочува, да ги вежба и да ги подучува сведоците како да сведочат[179]. Прирачникот на ОАС посочува дека во одредени околности, оваа должност на адвокатот е поважна од неговата или од нејзината обврска за штитење на најдобрите интереси на клиентот[180]. На пример, од секој судски адвокат се очекува „на судот да му укаже на секоја наредба или одлука која е спротивна на интересите на неговиот клиент. Тоа е особено важно во ситуациите кога адвокатот постапува во предмет против странка која нема сопствен правен застапник“[181].

Кога станува збор за праведното одлучување, обврската што ја има судскиот адвокат во однос на судот „е поважна од која било негова или нејзина друга основна должност, до степен и под услов овие две должности да бидат спротивставени“[182]. Доколку клиентот бара од судскиот адвокат да постапува вонетичките правила, обврската на адвокатот кон судот го има приматот во однос на обврската што

[171] Истиот извор.

[172] Истиот извор, правило 3.4.

[173] Истиот извор, правило 3.4.(а).

[174] Истиот извор, правило 3.4.(б).

[175] Истиот извор, правило 3.4.(г).

[176] Истиот извор, правило 3.4.(д).

[177] Истиот извор, правило 3.5.

[178] Прирачник на ОАС, точка CD3.

[179] Прирачник на ОАС, точка rC9.

[180] Прирачник на ОАС, точка gC1.

[181] Истиот извор, точки gC5 и C3.3.

[182] Истиот извор, точка gC1.

ја има спрема клиентот, во зависност од обврската за доверливост во конкретниот случај. Во согласност со Прирачникот на ОАС, доколку постои ризик судот да биде доведен во заблуда, освен ако адвокатот не сподели со судот некои доверливи информации за клиентот, тогаш судскиот адвокат мора да побара дозвола од клиентот да го стори тоа[183]. Ако клиентот одбие да се споделат таквите информации, тогаш судскиот адвокат треба да прекине со постапката и евентуално да побара нови упатства за постапување или да се повлече. Во секој случај, адвокатот не може самостојно да ги достави доверливите информации до судот[184].

Во пресудата по предметот *Рондел против Ворсли,* лордот Рид (Lord Reid) ја објаснува рамнотежата помеѓу должноста што ја има судскиот адвокат во однос на судот и на својот клиент:

> Секој адвокат е должен бестрашно да го брани својот клиент, да ги спори сите прашања, да ги презентира сите можни наводи и тврдења и да го постави секое прашање, без разлика на неговата непријатност, доколку смета дека тие му одат во прилог на клиентот. Меѓутоа, како службеник на судот задолжен за раздавање на правдата, адвокатот има голема обврска кон судот во исполнувањето на стандардите на својата професија и должност кон општата јавност, кои често водат и доведуваат до конфликт со желбите на клиентот и она што клиентот го смета за сопствен интерес. Адвокатите не смеат да го доведуваат судот во заблуда, не смеат да ги клеветат другите странки или сведоците кога немаат доволна основа и докази за информациите што ги поседуваат и не смеат да кријат податоци и документи кои се на штета на клиентот, а кои се должни да ги доставаат во согласност со законот и со стандардите на нивната професија[185.]

Во Прирачникот на ОАС пишува дека секое насилно однесување кон трети лица или обид за нивна дискредитација, нечесност, незаконска виктимизација или вознемирување или злоупотреба на службената положба, како и обидите за доведување во заблуда на спротивставената страна, ќе се сметаат за повреда на обврската за чесност и интегритет[186].

[183] Истиот извор, точка gC11.

[184] Истиот извор.

[185] *Rondel v. Worsley (Рондел против Ворсли)* [1969] 1 A.C. 191, 227.

[186] Истиот извор, точки gC25 и gC96.

### *Домашно законодавство*

Кодексот на АКРМ пропишува различни должности за адвокатите кои претставуваат одраз на потребата за почитување на начелата на чесност, интегритет и правичност во работата. Правилото 7 од Кодексот на АКРМ ја предвидува должноста на адвокатот, своето мислење за евентуалниот исход на спорот искрено да го соопшти на својата странка и да ја запознае странката со моменталната состојба на предметот.

Адвокатите имаат обврска да се залагаат за правично раздавање на правдата. Во согласност со правилото 15, адвокатот во своите излагања треба да одбегнува „злоупотреба на фактичките и на правните оцени“. Во согласност со правилото 22, адвокатот не смее да фалсификува докази, ниту пак да го советува клиентот лажно да сведочи.

Правилото 22 му дозволува на адвокатот да го одбие застапувањето доколку клиентот инсистира застапувањето да биде спротивно од материјалната вистина.

Правилото 14 од Кодексот на АКРМ нуди одредени насоки за однесувањето на адвокатите во ситуации кога имаат пријателски или роднински односи со судијата или со лице вработено во засегнатата институција, избран или именуван функционер или член на политичка партија. Во согласност со правилото 14, на адвокатите им е забрането да се обидуваат да ги искористат ваквите односи во полза на клиентот или на штета на спротивставената страна или кое било трето лице. Според правилото 11, кога адвокатот има пријателски односи со другата странка, за тоа треба да го информира својот клиент пред почетокот на постапката за да се избегне каков било сомнеж кај клиентот во врска со лојалноста на неговиот правен застапник. Во согласност со правилото 23, „ако адвокатот дознал нешто при застапувањето на некое правно лице или такво нешто му било познато кога бил негов член, во никој случај тоа не смее да го употреби во каква било постапка и на негова штета“.

Според правилото 13, во извршувањето на својата професија, адвокатот е должен да укажува почитување кон судот и „да го чува угледот на судот и на институциите пред кои се јавува“. Во Кодексот на АКРМ е јасно посочено дека ваквата обврска на ниту еден начин не смее негативно да влијае врз ревноста и лојалноста со кои адвокатот ги брани интересите на својот клиент. Во согласност со правилото 15, пред судот и пред другите органи адвокатот настапува како полномошник на своите клиенти „заради заштита на нивните права и правни интереси“. Во правилото 13 е наведено дека адвокатот е должен да го спречи секое несоодветно однесување и постапување кон својот клиент од страна на судските претставници.

Почитувањето на судот не значи дека адвокатот треба да биде сервилен кон судот и да се откаже од агресивното бранење на својот клиент. Токму спротивното. Во согласност со правилото 11, адвокатот „треба да истапува енергично и без страв”, во границите на законот и на Кодексот за професионална етика на АКРМ.

Кодексот на АКРМ го идентификува можниот конфликт помеѓу должноста на адвокатот да го почитува правичното раздавање на правдата и неговата обврска да ги брани интересите на клиентот. Правилото 22 посочува дека ако странката бара од адвокатот да ја застапува спротивно од изнесената материјална вистина, тој може, но и не мора да го одбие застапувањето. Во согласност со правилото 22, ако адвокатот го одбие застапувањето, тогаш тој или таа „не треба да презема ништо што би можело да и наштети на странката“. Во согласност со правилото 21, ако повлекувањето не е дозволено или не може да ја поправи ситуацијата, тогаш адвокатот може да побара помош од АКРМ и дозвола за соопштување на податоците.

Одредбите од Кодексот на АКРМ предвидуваат дека адвокатот мора да се однесува чесно, со полн интегритет и правично кон спротивставената странка и кон своите колеги. Во согласност со правилото 11, „во спротивната странка адвокатот не треба да гледа непријател, туку просечен противник кој, можеби, е исто толку уверен во своето право како и странката која ја застапува адвокатот“. Според правилото 18, недозволено е преку врски, препораки или на каков било друг начин, преземање клиенти од другите адвокати или нивно „крадење“ преку нудење пониски цени за услугите. Во согласност со правилото 11, адвокатите мора да го почитуваат меѓусебниот однос помеѓу другите адвокати и нивните клиенти и „треба да избегнуваат секаков контакт со спротивната странка без знаење на својата странка или на застапникот на противникот“.

Кодексот на АКРМ назначува дека во кривични предмети со повеќе сообвинети лица, застапувањето преку „местење“ на другите, во основа, е забрането. Во согласност со правилото 18, адвокатот „не треба својата одбрана да ја насочи и да ја постави така што со неа ќе се товарат другите сообвинети, освен во случај кога тоа го налагаат потребите на одбраната на неговиот клиент“.

Адвокатите не смеат да ги злоупотребуваат лицата без правен застапник. Во согласност со правилото 11, обврската на адвокатот да постапува чесно, со интегритет и правично треба да го спречи адвокатот во евентуалното искористување на незнаењето на спротивната странка за на тој начин да постигне неоправдан успех за својата странка, „особено ако таа нема адвокат“.

### *Заклучок*

Начелото за адвокатска чесност, интегритет и правичност е вградено во различни национални кодекси. Не постојат „сеопфатни" одредби или правила кои би ги опфатиле сите можни аспекти на ова начело. Тоа е регулирано преку поголем број должности и обврски што адвокатот ги има во однос на својот клиент, судот, спротивната странка и колегите. Ова начело може да биде прикажано и дефинирано и на малку поинаков начин, употребувајќи зборови како што се колегијалност, учтивост, внимателност, разумност, дигнитет итн.

Некои од етичките кодекси во земјите со континентално право не содржат насоки за ситуациите во кои постои судир помеѓу обврската да се биде искрен пред судот и должноста да се задржи лојалноста кон клиентот. Веројатно, во земјите со континентално право, со систем каде што судијата го врши распитот на обвинетото лице и сведоците, адвокатите ретко се соочувале со дилемите со кои би можеле да се сретнат адвокатите од земјите со обичајно право и контрадикторна постапка кога странките имаат намера лажно да сведочат.

Во земјите со континентално право, етичките кодекси ја потенцираат улогата на адвокатот во правичното раздавање на правдата. Како што посочува Повелбата на CCBE, обврските на адвокатот кон судот се поважни од должноста кон клиентот во ситуациите кога директните интереси на клиентот се во спротивност со забраната што ја има адвокатот во однос на давањето лажни наводи пред судот и информации кои би можеле да го доведат во заблуда.

Сето ова е точно и за државите што го негуваат обичајното право. Иако адвокатите од овие правни системи немаат обврска судот да го запознаат со сите материјални околности за конкретниот случај или пак и самите да гарантираат за точноста на понудените докази, ним им е забрането свесно да го доведуваат судот во заблуда, да нудат лажни докази или на кој било друг начин да ги менуваат доказите. И покрај тоа што модалитетите се разликуваат помеѓу системите со континентално и со обичајно право, клучната должност за чесност, интегритет и правичност е речиси иста во сите држави и предвидува искреност и меѓусебна доверба во односите со клиентот, почитување на правичното раздавање на правдата, без давање лажни информации што би можеле да го доведат судот во заблуда и покажување почит и учтивост кон колегите, вклучувајќи ги и законските застапници на спротивставената странка.

Слично на тоа, Правилата 15 и 22 од Кодексот на АКРМ се одраз на начелото на CCBE за правично раздавање на правдата, што е вообичаено за сите национални правила во сите држави, со забрана за адвокатите да изведуваат лажни докази и да се обидуваат судот да го доведат до заблуда преку злоупотреба на фактичката и правната состојба во конкретниот предмет.

Кодексот на АКРМ бара искреност во односите со клиентот. Правилото 7 содржи некои одредби што се слични на Германскиот правилник за професионална практика, а предвидуваат искреност при застапувањето во однос на крајниот исход на предметот, како и редовно информирање на клиентот во врска со напредокот во случајот. Слично како и во Франција, Холандија и Белгија, правилото 7 од Кодексот на АКРМ наведува дека кога адвокатот се откажува од застапувањето мора да се увери дека притоа нема да преземе никакви активности што би можеле да бидат штетни за клиентот.

Кодексот на АКРМ содржи повеќе одредби што во себе го содржат начелото за почитување на колегите, како што тоа го предвидува ССВЕ. За разлика од другите кодекси во земјите со континентално право, правилото 18 од Кодексот на АКРМ пропишува дека адвокатот својата одбрана не треба да ја насочи и да ја постави така што со неа ќе се товарат другите сообвинети. Слично на ситуацијата во Холандија, правилото 11 од Кодексот на АКРМ му забранува на адвокатот да контактира со другата странка без да го информира неговиот или нејзиниот правен застапник. За разлика од повеќето етички кодекси во земјите со континентално право, во правилото 11 од Кодексот на АКРМ се наведува дека адвокатот не треба да го искористува незнаењето на спротивната странка, особено ако таа нема адвокат, за на тој начин да постигне неоправдан успех за својот клиент.

# Поглавје 3 – Лојалност кон интересите на клиентот

Лојалноста и способноста за дејствување во најдобар интерес за клиентот се основните елементи на меѓусебниот однос помеѓу адвокатот и клиентот. Должноста на адвокатот да биде лојален кон клиентот се отсликува и во некои други етички должности, како на пример, обврската за избегнување судир на интереси[187], чување на доверливоста[188] и бранење на независноста од надворешни влијанија.[189] Откако адвокатот ќе прифати одреден предмет, начелото на лојалност му забранува да се повлече доколку дојде до некакви непријатности и доколку се намалат шансите за добивање на предметот. Лојалноста бара од адвокатите да си ги вршат своите задолженија со целосна заложба и посветеност, да бидат доверливи и трпеливи, дури и во ситуациите кога адвокатот мора да се соочи со предизвикот на бранење на најлошите луѓе меѓу нас. Начелото на лојалност е присутно и е дел од бројните обврски што адвокатот ги има како во државите со континентално право, така и во оние што го негуваат обичајното право. На сличен начин, во согласност со правилото 2 од Кодексот на АКРМ, адвокатот „е должен да и остане верен на својата странка и да се труди со неа да воспостави однос на доверба“.

### *ССВЕ*

Начелото (д) од Повелбата на ССВЕ зборува за „лојалност кон клиентите“[190]. Во Коментарите кон Повелбата е наведено дека „лојалноста кон клиентот е од суштинска важност за улогата на адвокатот“[191]. Тоа е клучно за постоење доверба во меѓусебниот однос помеѓу адвокатот и странката[192]. За да остане лојален кон клиентот, адвокатот мора да биде независен, да ги избегнува конфликтите на интереси и да ја чува доверливоста на клиентот. ССВЕ посочува и дека некои од најделикатните проблеми во професионалното однесување би можеле да се јават во рамките на интеракцијата помеѓу начелото за лојалност кон клиентот и другите начела кои ги дефинираат општите должности на адвокатот, како на пример, дигнитетот и честа, почитта кон професионалните колеги и, особено, почитта за владеењето на правото и правичното раздавање на правдата. Коментарите на ССВЕ објаснуваат дека во справувањето со овие прашања, адвокатот мора јасно да му укаже на клиентот дека не смее да ги компромитира обврските што ги има кон судот и раздавањето на правдата, а со цел

[187] *Погледнете* го Поглавје 5, Конфликт на интереси, преглед на различните видови конфликти и начините на нивно разрешување.

[188] *Погледнете* го Поглавје 4.

[189] *Погледнете* го Поглавје 1.

[190] Повелба на ССВЕ, начело (д).

[191] Коментари на ССВЕ за Повелбата, белешка кон начелото (д).

[192] Истиот извор.

неправедно да се стекне со предност во негова или во нејзина полза. Кодексот на однесување на ССВЕ говори за должноста на адвокатот да постапува во најдобар интерес на клиентот. Во членот 2.7. стои дека „...според сите правила во законите и во кодексот на професионалното однесување, адвокатот секогаш мора да постапува во најдобар интерес на клиентот и мора да ги стави тие интереси пред своите сопствени интереси или пред оние на колегите адвокати[193]. Оваа одредба го потенцира општото начело во согласност со кое адвокатот секогаш мора да ги стави интересите на клиентот пред сопствените и пред сите други интереси што би можеле да дојдат во судир со интересите на клиентот.

### МАК

Според Начелата на МАК, едно од општите начела е дека адвокатот на прво место мора да ги стави интересите на клиентот, под услов притоа да нема никаков конфликт со должностите што адвокатот ги има кон судот и кон интересите на правдата и да се почитуваат законите и етичките стандарди[194]. МАК објаснува дека во интеракцијата со судовите, адвокатите треба да постапуваат стручно и искрено[195]. Треба да пројавуваат компетентност, исполнителност и навременост и треба да ги избегнуваат сите евентуални судири со обврските што ги имаат кон судот.
Коментарите на МАК во однос на начелото 5 објаснуваат дека адвокатот треба да соработува со странките без присуство на влијанија од какви било интереси што би можеле да бидат во судир со најдобриот интерес на странката и дека дејствувањето во заштита на интересите на странката, треба да биде со целосна заложба и посветеност.

Лојалноста кон интересите на клиентот подразбира дека адвокатот треба да работи на застапувањето на странката без спротивставување, попречување или лични потешкотии и да биде во можност да ги презема сите неопходни законски и етички мерки за оправдување и одбрана на целта или позицијата на странката. Адвокатите се должни да ја чуваат и доверливоста[196].

Со цел да ги заштитат интересите на своите клиенти и да ги советуваат на компетентен начин, адвокатите, исто така, на странките треба да им ги обезбедат и сите релевантни податоци и информации. Адвокатот „не смее да учествува или да и помага на странката во постапки и однесување насочени кон предизвикување заблуди или негативни ефекти врз интересите на правдата, ниту пак свесно и намерно да го крши законот“[197]. Коментарите на МАК посочуваат дека должноста

[193] Кодекс на однесување на ССВЕ, член 2.7.

[194] Начела на МАК, начело 5.1.

[195] Коментари на МАК, белешка за појаснување 5.2.

[196] Истиот извор.

[197] Истиот извор.

на адвокатот за бранење на интересите на странките започнува од моментот кога ќе биде ангажиран, па сè до неговото евентуално повлекување од случајот или до конечната судска разрешница на предметот по кој постапува.

### *Континентално право*

Сите национални етички кодекси не содржат експлицитни одредби во однос на најдобрите интереси на клиентот и објаснување за значењето на терминот „лојалност“. Во некои случаи, на пример, се смета дека лојалноста и интересите на клиентот се вградени во одредбите што говорат за конфликтите на интереси, доверливоста и независноста.

Членот 1.3. од францускиот НПА гласи: „Адвокатот е должен... да го почитува начелото на... лојалност....“ Во согласност со членот 2.1. од НПА, адвокатот „е нужен доверлив ополномоштеник на странката“. Според францускиот НПА, лојалноста е една од вредностите дефинирана со основните начела на професијата.

Германскиот правилник за професионална практика дефинира дека адвокатот мора да ги заштити правата на својот клиент. За таа цел, адвокатот „мора да го придружува клиентот, да му дава правни совети, да му помага во избегнувањето конфликти и во решавањето спорови“[198]. Германскиот правилник за професионална практика предвидува дека адвокатот мора да ги штити странките од погрешните одлуки донесени од страна на судовите или на државните органи и мора да постапува како заштитник на странката од евентуални неуставни повреди на неговите или на нејзините права и во ситуации каде што државните органи ги пречекориле своите овластувања[199].

Во согласност со Холандските правила на однесување, суштината на адвокатската функција е во „бранењето на интересите на странките“[200]. Во Холандските правила на однесување од адвокатите се бара застапувањето да го вршат на соодветен и внимателен начин[201]. На пример, тие не смеат да користат несоодветни средства, односно да најавуваат преземање или да преземаат чекори што не се во согласност со крајната цел што се обидуваат да ја постигнат[202]. Адвокатите се должни да ги избегнуваат конфликтните интереси и мора внимателно и совесно да работат на предметите што им се дадени за постапување[203].

Во согласност со Белгискиот фламански етички кодекс, адвокатот мора да ги штити интересите на странката преку поддржување на

---

[198] Германски правилник за професионална практика, став 1.

[199] Истиот извор.

[200] Холандски правила на однесување, правила 1.1. и 1.2.

[201] Истиот извор, правило 1.2.

[202] Истиот извор.

[203] Истиот извор, правило 4.

правото на одбрана. Адвокатот мора да ја почитува контрадикторната природа на постапката и не смее никого да доведува во заблуда. Адвокатот ја има обврската за лојалност со цел да се унапреди правичното и соодветно раздавање на правдата[204]. Лојалноста подразбира чување на доверливоста на разговорите и контактите помеѓу адвокатот и странките[205]. Во Фламанскиот етички кодекс стои дека „адвокатот мора да ги штити интересите на странката, добронамерно и без страв, без разлика на сопствените интереси и без разлика на евентуалните последици за себе или за кое било друго лице“[206]. Слично на ова, во согласност со Етичкиот кодекс на ФГАК, лојалноста кон клиентот го обврзува адвокатот на почитување на професионалните тајни и на независност во неговите или во нејзините односи со странките и со јавноста[207].

### *Обичајно право*

Во САД, правилото 1.7.(а) им забранува на адвокатите да вршат застапување доколку во конкретната ситуација постои каков било судир на интереси. Тоа претставува дел од адвокатската должност за лојалност во САД. Во согласност со правилото 1.7.(а), адвокатите не смеат да заземаат ставови и мислења што се директно спротивставени на оние на нивните странки. Во белешката кон правилото 1.7. од Препорачаните правила на АВА се објаснува дека „лојалноста и независното мислење се клучните елементи во односот на адвокатот со странката“. Правилото 1.9. ја одразува должноста за лојалност што адвокатите ја имаат во однос на поранешните клиенти. Правилото 1.9. му забранува на адвокатот да зазема став и мислење што се директно спротивни на оние на поранешниот клиент за исти или за блиску поврзани правни прашања и предмети[208]. Ова начело е јасно застапено и во судската практика во САД. На пример, во пресудата по предметот Стрикленд против Вашингтон, Врховниот суд на САД ја опишува лојалноста како „веројатно најосновната адвокатска должност“[209].

Во ОК, според Прирачникот на ОАС, основна должност е да се штитат најдобрите интереси на странката[210]. Судските адвокати се должни „да ги штитат и да ги унапредуваат интересите на странките најревносно и со употреба на сите законски дозволени и соодветни средства“. Тоа треба да го прават „без разлика на нивните лични интереси или евентуални последици за нив (што би можело да вклучува елиминација

[204] Фламански етички кодекс, член III.2.1.1.

[205] Истиот извор, член III.2.3.1.

[206] Член X.4.3.

[207] Етички кодекс на ФГАК, член 5.3.

[208] Препорачани правила на АВА, правило 1.9.

[209] *Strickland v. Washington (Стрикленд против Вашингтон)*, 466 U.S. 668, 692 (1984).

[210] Прирачник на ОАС, точка CD2.

на секој евентуален сомнеж, преземање одредени разумни чекори за намалување на штетните последици предизвикани со евентуалната повреда на одредбите [од Прирачникот на ОАС])“[211]. Судските адвокати „мора да ги штитат интересите на клиентот без разлика на евентуалните последици што тоа може да го има за трети лица (за професионалните клиенти, работодавачите или за други лица)“[212].

Според Прирачникот на ОАС, судските адвокати имаат обврска да ги унапредуваат и да ги штитат интересите на своите клиенти, под услов тоа да го прават во согласност со законот и почитувајќи ги своите должности кон судот[213]. Во Прирачникот на ОАС, понатаму, се објаснува дека должноста што судскиот адвокат ја има кон судот не смее да го спречи да го застапува клиентот само затоа што тој или таа не верува дека фактичката состојба е онаква каква што ја опишува странката, „сè додека сите преземени мерки и активности се во согласност со добиените упатства и тие не го доведуваат судот во заблуда“[214]. Улогата на судскиот адвокат „кога постапува како бранител или правен советник е да ја презентира одбраната или случајот на клиентот и тој или таа не треба да биде оној што ќе одлучува дали на клиентот треба да му се верува или не“[215].

### *Домашно законодавство*

Обврската на адвокатот за лојалност кон клиентот е предвидена во Кодексот за професионална етика на АКРМ. Во согласност со правилото 2, адвокатот „е должен да и остане верен на својата странка и да се труди со неа да воспостави однос на доверба“. Правилото 2 забранува откажување на застапувањето без оправдани причини.

Во согласност со правилото 5, адвокатот е должен совесно да ја застапува и да ја брани својата странка, „користејќи ги притоа сите потребни средства, дозволени со законот или со друг пропис“.

Во согласност со правилото 6, адвокатот „не смее да прифаќа евентуална понуда за застапување и на спротивната странка, ниту пак други работи што се во врска со спорот и се спротивни на интересите на странките додека трае спорот“.

Во согласност со правилото 4, при составување двострани правни работи (договори и друго), во согласност со обврската за лојалност, адвокатот е должен совесно да ги штити интересите на двете странки, без оглед на тоа која од нив ја плаќа наградата, а ако меѓу странките настане спор, тогаш тој не треба да се појави како застапник на ниту една од странките.

Во согласност со правилото 11, ако адвокатот е во пријателски однос со спротивната странка, обврската за лојалност предвидува за тоа да

---

[211] Истиот извор, точка rC15.

[212] Истиот извор.

[213] Истиот извор, точка gC6.

[214] Истиот извор.

[215] Истиот извор.

ја извести својата странка уште пред преземање на предметот.

Правилото 23 е одраз на обврската за лојалност кон поранешните клиенти. Правилата 22 и 23 пропишуваат дека адвокатот е должен да ја чува доверливоста на сите податоци и информации добиени во текот на застапувањето на поранешните клиенти и дека не смее да ги употреби против нив.

### *Заклучок*

Начелото на лојалност е вообичаено за сите правни системи во различни држави. Лојалноста ја создава довербата што е потребна за ефективно застапување. Сите други аспекти на меѓусебниот однос помеѓу адвокатот и странката, како што се избегнувањето судири на интереси, чувањето на доверливоста и независноста, произлегуваат од и ја потврдуваат основната обврска и должност на адвокатот за лојалност. Секоја повреда на начелото на лојалност има директно влијание врз секоја одлука во текот на застапувањето и врз секој аспект од меѓусебниот однос помеѓу адвокатот и странката.

Кодексот на АКРМ ја пропишува обврската за лојалност и говори за бројни адвокатски должности што се вообичаени како за континенталните правни системи, така и за оние што го негуваат обичајното право. Според Кодексот на АКРМ, обврската за лојалност значи дека адвокатите треба да ги избегнуваат можните судири на интереси, да ги чуваат службените тајни и да ја бранат својата независност, но истовремено да постапуваат со целосна заложба и посветеност. Адвокатите се должни интересите на своите клиенти да ги стават на прво место, притоа почитувајќи ги законите и Кодексот на АКРМ. Во согласност со правилото 2, адвокатот има обврска да понуди правна помош, а во истото правило се наведени и некои од причините поради кои тоа може да се одбие, инаку слични со причините наведени и во Германскиот правилник за професионална практика. Како и во САД и ОК, а во согласност со Холандските правила на однесување и одредбите на Фламанскиот етички кодекс, според правилото 5, домашните адвокати се должни странките да ги застапуваат ревносно и со целосна посветеност, користејќи ги сите расположливи средства и почитувајќи ги ограничувањата дефинирани со закон и со Кодексот на АКРМ.

Како што е случајот и со другите етички кодекси, за кои зборувавме погоре во текстот, така и правилата 4, 6 и 11 од Кодексот на АКРМ што ги регулираат конфликтите на интереси, имаат цел да гарантираат дека адвокатот ќе ја задржи лојалноста кон своите странки. Слично на одредбите од Фламанскиот етички кодекс, правилата 22 и 23 од Кодексот на АКРМ ја предвидуваат обврската за чување на професионалната тајна, дознаена за време на застапувањето на поранешните клиенти, ја надополнуваат адвокатската обврска за лојалност и им забрануваат на адвокатите да ги користат доверливите информации против поранешните странки.

# Поглавје 4 – Доверливост

Начелото на доверливост на комуникацијата помеѓу адвокатот и клиентот обезбедува искрена и целосна комуникација меѓу адвокатите и нивните странки, ја обезбедува довербата што е карактеристична за тој меѓусебен однос и му помага на адвокатот да обезбеди ефективна правна помош со тоа што ќе ги добие сите потребни релевантни информации. Во согласност со етичките начела во правните системи со континентално и со обичајно право, обврската за доверливост е основна должност на адвокатот. Општо, во европските држави што го негуваат континенталното право, адвокатската обврска за доверливост се нарекува чување „професионална тајна/тајност“. Во рамките на обата правни системи, односно оние што го применуваат континенталното право и оние со обичајно право, од доказен аспект постои привилегиран однос помеѓу адвокатот и странката преку кој се штитат доверливите информации и нивното споделување и евентуална употреба за доказни цели. Кодексот на АКРМ содржи посебен дел кој се однесува на прашањето на професионалната адвокатска тајна.

### *CCBE*

Во Повелбата на CCBE, начелото на доверливост е опишано како „право и должност на адвокатот да ги чува како доверливи поединостите на својот клиент и да го почитува начелото на чување професионална адвокатска тајна“[216]. Коментарите на CCBE на Повелбата објаснуваат дека начелото на доверливост има двојна природа: од една страна, тоа е обврска на адвокатот да ја чува доверливоста; а од друга страна, „тоа е едно од основните човекови права на клиентот“[217]. Во Коментарите на CCBE се објаснува дека привилегираниот однос помеѓу адвокатот и странката забранува нивната комуникација да биде искористена против странката. Коментарите, понатаму, посочуваат дека во некои правни системи правото на доверливост му припаѓа само на клиентот. Во други системи, пак, концептот на професионална адвокатска тајна „може да значи дека адвокатот со својот клиент не смее да ја споделува комуникацијата што во доверба ја имал со адвокатот на другата странка“[218]. Дополнително, во Коментарите се посочува дека дури и по прекинот на меѓусебниот привилегиран однос со клиентот, адвокатот и понатаму ја има обврската за доверливост во однос на нивната комуникација.

Во Кодексот на однесување на CCBE е наведено дека суштината на адвокатската функција е од својот клиент адвокатот да ги добие информациите што инаку тој или таа не би ги споделил/а со

[216] Повелба на CCBE, начело (б).

[217] Коментари на CCBE за Повелбата, начело (б).

[218] Истиот извор.

никој друг и дека адвокатот треба да добие и други информации врз основа на меѓусебната доверливост[219]. Без доверливост нема меѓусебна доверба[220]. Според Кодексот на ССВЕ, „доверливоста е основно право и должност на адвокатот“[221].

Според Кодексот на однесување на ССВЕ, доверливоста е во интерес на спроведувањето на правдата, како и во интерес на клиентот, и поради тоа има право на посебна заштита од државата[222]. Во Кодексот на однесување на ССВЕ, понатаму, се вели дека адвокатската должност за почитување на доверливоста не е временски ограничена[223]. Тоа значи дека адвокатот е обврзан да ја чува доверливоста дури и откако ќе престане да ја застапува странката[224]. Адвокатот не е единствениот што е должен да ја испочитува обврската за доверливост[225]. Ваквата должност ја имаат и адвокатските приправници, помошниците и сите други лица што биле ангажирани од страна на адвокатот во текот на давањето професионални адвокатски услуги[226].

## МАК

Според начелото 4 од Начелата на МАК, адвокатот „мора да ја чува и да му се допушти да ја чува доверливоста во работата со сегашните и со поранешните клиенти“, освен доколку не е поинаку предвидено со закон[227]. Коментарите на МАК наведуваат дека начелото на доверливост е неопходна карактеристика на владеењето на правото[228]. Тоа е подеднакво важно и за довербата на јавноста во правосудниот систем и за независноста на адвокатската професија[229].

Според Коментарите на МАК, начелото на доверливост има две главни карактеристики. Прво, тоа претставува „договорна, етичка и често законска должност на адвокатот за доверливо чување на тајните на клиентот“. Во согласност со Коментарите на МАК, „законската должност понекогаш ја презема формата на привилегиран однос помеѓу адвокатот и клиентот од доказен аспект“[230]. Понатаму, во Коментарите се објаснува дека доказниот привилегиран однос е нешто што се разликува од етичката должност за доверливост.

219 Кодекс на однесување на ССВЕ, член 2.3.1.

220 Истиот извор.

221 Истиот извор.

222 Истиот извор.

223 Истиот извор, член 2.3.3.

224 Меморандум за појаснување кон Кодексот, белешка во врска со членот 2.3.

225 Истиот извор.

226 Кодекс на однесување на ССВЕ, член 2.3.4.

227 Начела на МАК, начело 4.

228 Коментари на МАК, белешка за појаснување 4.2.

229 Истиот извор.

230 Истиот извор.

Етичката должност за адвокатската доверливост продолжува и по престанокот на меѓусебниот однос помеѓу адвокатот и странката[231]. Според Коментарите на МАК, најголемиот број правни системи „ги почитуваат и ги штитат ваквите обврски за доверливост, на пример, преку изземање на адвокатите од обврската за сведочење пред судовите и/или преку обезбедување посебна заштита на комуникацијата помеѓу адвокатите и нивните клиенти“[232]. Второ, според МАК, постојат ситуации во кои доверливоста на комуникацијата помеѓу адвокатите и нивните клиенти „повеќе не е применлива во одреден дел или во целост“[233]. Во Коментарите на МАК стои дека адвокатите „не смеат да се повикуваат на чување на доверливоста во случај на поттикнување или помагање на незаконските постапки на нивните клиенти“[234].

МАК објаснува дека во некои правни системи на адвокатите им е дозволено да споделуваат информации во врска со застапувањето на одреден клиент доколку се разумно уверени и веруваат дека тоа е неопходно за да се спречи нанесување физички повреди или смрт на трети лица или за да се спречи клиентот да стори кривично дело во текот на чие извршување ги користел правните услуги на адвокатот. Во Коментарите на МАК се наведува дека „скоро усвоените закони со кои на адвокатите им се наметнува посебна должност да помагаат во спречувањето одреден вид криминал, како што се тероризмот, перењето пари или организираниот криминал, доведоа до дополнителна ерозија на заштитата на адвокатската должност за доверливост. Во основа, голем број адвокатски комори се против опфатот и содржината на ваквата легислатива“[235].

Според Коментарите на МАК, „секоја повреда на адвокатската доверливост треба да биде ограничена само на информациите што се апсолутно неопходни, со цел адвокатите да може да ги испочитуваат своите законски обврски и да не бидат несвесно злоупотребувани од криминалците за остварување на нивните незаконски цели“[236]. Ако едно лице што било осомничено за криминал во минатото побара помош од адвокат, обврската за доверливост треба да биде целосно заштитена[237]. Се разбира, адвокатот не смее да постапува како соучесник во криминални дејства или да се повикува на доверливоста како одбрана за својата евентуална вмешаност[238].

[231] Истиот извор.

[232] Истиот извор.

[233] Истиот извор.

[234] Истиот извор.

[235] Истиот извор.

[236] Истиот извор.

[237] Истиот извор.

[238] Истиот извор.

Во Коментарите на МАК се потенцира дека опфатот на заштитата на доверливоста се разликува од еден до друг правен систем[239]. Во некои земји, клиентот има можност да се откаже од адвокатската обврска за доверливост. Во некои други системи, адвокатот смее да ја прекрши должноста за доверливост доколку тоа го прави за цели на самоодбрана во судска постапка што се води против него. Доверливоста е временски неограничена во сите правни системи. Обврската се однесува и на стручните соработници, приправниците и другите вработени во адвокатската канцеларија или фирма.

Според МАК, адвокатите треба да се уверат дека ја чуваат доверливоста и од аспект на електронската комуникација и податоците што се чуваат во компјутерите. „Со напредокот на технологијата се менуваат и стандардите во оваа сфера, а адвокатите имаат должност да бидат постојано информирани за неопходните и применливи професионални стандарди, со цел да ги исполнат своите професионални обврски“[240].

Во различните системи постојат и разлики во однос на степенот до кој клиентот може да се откаже од правото на адвокатска доверливост. Според Коментарите на МАК, правилата „со кои се ограничува ваквата можност покажуваат дека странките многу често не се во состојба соодветно да ги проценат негативните аспекти на откажувањето од ова право“[241]. МАК објаснува дека ограничувањата на можностите за откажување од ова право „се од исклучителна важност за заштита на странките од евентуалните обиди на судовите или на државните органи да вршат несоодветен притисок врз странките за откажување од нивното право на адвокатска доверливост“[242].

Конечно, адвокатите не треба да бидат во положба да извлечат корист од која било тајна што ја дознале од странката[243].

### *Континентално право*

Во француското законодавство, начелото на доверливост е познато како чување „професионална тајна“[244]. Повредата на адвокатската обврска за професионална тајност претставува кривично дело, освен во случаите кога законот го наметнува или го овластува споделувањето на тајната[245]. Во согласност со францускиот НПА, адвокатот е лице од доверба за странката[246]. Обврската за чување професионална тајна е „општа, апсолутна и временски

[239] Истиот извор.

[240] Истиот извор.

[241] Истиот извор.

[242] Истиот извор.

[243] Истиот извор.

[244] Кривичен законик на Франција, членови 226-13 и 226-14.

[245] Истиот извор.

[246] Француски НПА, член 2.1.

неограничена“[247]. Адвокатот е должен да ја чува професионалната тајна по секоја цена, со одредени исклучоци, кога нејзиното соопштување е неопходно поради одбрана на адвокатот пред суд или кога тоа е предвидено со закон[248].

Професионалната тајна ги опфаќа сите елементи „во доменот на давање правна помош и судско застапување“[249]. Според францускиот НПА, таа ги покрива и консултациите помеѓу адвокатот и странката; кореспонденцијата помеѓу адвокатот и странката или помеѓу адвокатот и неговите или нејзините колеги; работните белешки и воопшто, целокупната документација во досието на предметот, имињата на клиентите и податоците за финансиското договарање; како и информациите што им се потребни на ревизорите и други трети лица[250]. Освен тоа, адвокатот мора да се увери и дека сите негови вработени или помошници во деловното работење ја почитуваат обврската за чување професионална тајна[251].

Во согласност со францускиот НПА, адвокатите се должни да ја почитуваат и доверливоста на кривичните истраги[252]. За таа цел, тие „мора да се воздржат од какво било споделување со јавноста податоци од предметните списи и документи, потенцијални докази и писма поврзани со тековната истрага, освен со својата странка и за потребите на неговата или на нејзината одбрана“[253].

Францускиот НПА посочува дека доколку адвокатот има намера на странката да даде копии од материјалите собрани по првичното појавување пред судот или по првичниот распит, тој до надлежниот судија мора да достави и целосен список на материјалите што сака да и ги достави на странката[254]. Во согласност со францускиот НПА, повредата на обврската за доверливост претставува не само кривично дело туку и повреда на правилата за професионално однесување[255].

Во германското законодавство, како и во француското, повредата на обврската за чување „професионална тајна“ претставува кривично дело[256]. Во согласност со Сојузниот закон за адвокатура, адвокатите во Германија се должни да ги чуваат професионалните тајни[257]. Тие го вклучуваат сето она што адвокатот го дознал во

[247] Истиот извор.

[248] Истиот извор.

[249] Истиот извор, член 2.3.

[250] Истиот извор, член 2.2.

[251] Истиот извор, член 2.3.

[252] Истиот извор, член 2.bis.

[253] Истиот извор.

[254] Истиот извор, член 2.4., во врска со францускиот Закон за кривична постапка, член 114, ставови 4 и 7.

[255] Истиот извор, член 2.5.

[256] Германски кривичен законик, Поглавје 203.

[257] Сојузен закон за адвокатура, став 43а(2).

текот на професионалната работа[258]. Германскиот правилник за професионална практика, понатаму, дефинира дека адвокатот „има право и обврска да ја чува тајноста“[259]. Таа се однесува на сите информации што адвокатот ќе ги дознае во текот на своите професионални активности. Обврската постои и понатаму, дури и откако адвокатот ќе престане да го застапува клиентот[260]. Во согласност со Германскиот правилник за професионална практика, обврската за доверливост не е применлива „доколку споделувањето на информациите е неопходно поради одбрана на адвокатот, во случај на тужба која произлегува од застапувањето во одреден предмет или за бранење на личните интереси на адвокатот“[261].

Во Германскиот правилник за професионална практика е наведено и дека адвокатот е должен „од своите вработени и сите други што учествуваат во неговите професионални активности експлицитно да побара да ја почитуваат обврската за доверливост во работењето“[262].

Во согласност со Холандските правила на однесување, од адвокатите се бара „исклучителна внимателност при обезбедувањето тајност во работата, користејќи го и повикувајќи се на привилегираниот однос помеѓу адвокатот и странката“[263]. Адвокатите не смеат да споделуваат „никакви податоци за предметите на кои работат, идентитетот на странките или природата и опфатот на нивните интереси“[264]. За разлика од француските и од германските кодекси, Холандските правила на однесување овозможуваат споделување доверливи информации со согласност на странката и во стриктно ограничени околности. Според Холандските правила на однесување, доколку адвокатот „е на мислење дека за соодветно исполнување на обврските што му се доделени, од која било причина, е потребно јавноста да биде запознаена со она што тој или таа го знае“, тогаш адвокатот може да ги сподели доверливите информации под услов странката да не се противи на таквиот потег и тоа да биде сторено во согласност со општоприфатените стандарди и практиката за професионално работење[265]. Слично на етичките правила во Франција, Германија и во Холандија, обврската за доверливост е подеднакво применлива и на другите адвокатски помошници[266] и е временски неограничена[267].

---

[258] Истиот извор.

[259] Германски правилник за професионална практика, став 2(1).

[260] Истиот извор.

[261] Истиот извор, член 2(3).

[262] Истиот извор, член 2(4).

[263] Холандски правила на однесување, правило 1.2.

[264] Истиот извор, правило 6.1.

[265] Истиот извор, правило 6.2.

[266] Истиот извор, правило 6.3.

[267] Истиот извор, правило 6.4.

Во Белгија, Фламанскиот етички кодекс содржи список на услови под кои адвокатот „може да споделува доверливи информации со редовните судови, арбитражните судови и со трети лица“[268]. Адвокатот смее да споделува доверливи информации доколку:

а. споделувањето на таквите информации е релевантно и неопходно
б. споделувањето на таквите информации е во интерес на странката
в. странката дала согласност за споделување на информациите
г. споделувањето на информациите не е спротивно на закон[269].

Доколку адвокатот употребил доверливи информации затоа што тоа било потребно за негова или за нејзина лична одбрана, тоа не се смета за повреда на професионалниот привилегиран однос.[270] Обврската за заштита на професионалниот привилегиран однос е временски неограничена[271] и адвокатот мора да се увери дека сите негови вработени, посредници и други професионални соработници го почитуваат професионалниот привилегиран однос со странката[272].

За разлика од Фламанскиот етички кодекс, Етичкиот кодекс на ФГАК не содржи список на конкретни услови под кои може да се занемари должноста за чување на професионалната тајна. Во согласност со Етичкиот кодекс на ФГАК, обврската за чување на професионалните тајни, во која било фаза од постапката, му забранува на адвокатот да ги споделува доверливите информации добиени од странката[273]. Етичкиот кодекс на ФГАК пропишува дека „кореспонденцијата меѓу адвокатите е од доверлива природа“. Дури и ако тие дадат своја согласност, таквата кореспонденција не може да се објави јавно, без одобрение од страна на bâtonnier-от. Оваа одредба се однесува на споделувањето информации како за предмети во судска постапка, така и за вонсудски спорови[274]. Кај медијацијата, професионалната тајна може да биде откриена само со согласност на странките и медијаторот во случај на спор што произлегува од самиот исход или постигнат договор при медијацијата[275]. Етичкиот кодекс на ФГАК пропишува дека секој адвокат што застапува малолетно лице „со цел да се заштити професионалната тајна е должен да комуницира со трети лица, вклучувајќи ги родителите и претставниците од различните образовни институции и педагошко-психолошките служби, само до

[268] Фламански етички кодекс, член I.3.1.2.

[269] Истиот извор.

[270] Истиот извор, член I.3.1.5.

[271] Истиот извор, член I.3.1.1.

[272] Истиот извор, член I.3.1.4.

[273] Етички кодекс на ФГАК, член 5.16.

[274] Истиот извор, член 6.1. (неслужбен превод од страна на авторот)

[275] Истиот извор, член 2.18.

степен до кој тоа навистина е неопходно за исполнување на неговата или на нејзината професионална должност“[276].

### *Обичајно ӣраво*

Во САД, во согласност со Препорачаното правило на АВА 1.6., адвокатот не смее да открива доверливи информации освен со свесна согласност на странката или во ситуации кога откривањето на информациите е одобрено за потребите на конкретното застапување[277].

Во САД постои разлика помеѓу етичката должност за доверливост и привилегираниот однос помеѓу адвокатот и клиентот. Во споредба со обврската за доверливост, привилегираниот однос има поограничен опфат. Привилегираниот однос помеѓу адвокатот и клиентот е правило што се однесува на доказната постапка со кое се забранува принудното откривање на доверливата комуникација помеѓу адвокатот и клиентот од страна на некој државен орган или суд. Од друга страна, етичката должност за доверливост ги штити сите информации поврзани со застапувањето на клиентот од евентуално објавување и употреба против него или неа[278]. Обврската за доверливост ја опфаќа комуникацијата што е заштитена преку привилегираниот однос помеѓу адвокатот и клиентот, како и сите други информации поврзани со конкретното застапување. За разлика од привилегираниот однос помеѓу адвокатот и клиентот, кој нуди заштита само на доверливата комуникација помеѓу адвокатот и клиентот, етичката обврска за доверливост ги штити сите информации без разлика на нивниот извор.

Општо, заштитата што произлегува од привилегираниот однос помеѓу адвокатот и клиентот не е применлива во следниве ситуации:

а. кога таквиот однос се користи за извршување или за помагање во извршувањето кривично дело или измама, што вообичаено се нарекува „исклучок за сторено кривично дело или измама“[279];
б. кога доверливата комуникација е релевантна за спорот кој се јавил како резултат на непочитување на меѓусебниот однос помеѓу адвокатот и клиентот[280].

[276] Истиот извор, член 2.23. (неслужбен превод од страна на авторот)

[277] Препорачани правила на АВА, правило 1.6.(а)

[278] Препорачани правила на АВА, правило 1.6., белешка 1.

[279] Привилегиран однос помеѓу адвокатот и странката, развиен како доказно правило во рамките на судската практика во САД. Погледнете ги предметите *Clark v. U.S (Кларк ӣроѿив САД* ), 289 U.S. 1, 6 (1933), и *U.S. v. Zolin (САД ӣроѿив Золин),* 491 U.S. 554, 563 (1989).

[280] Препорачани правила на АВА, правило 1.6.(б)(5)

Во продолжение се наведени ситуациите во кои може да дојде до исклучок во однос на етичката должност за доверливост во работењето:

а. Кога странката свесно дала согласност за откривање на доверливите информации.
б. Кога адвокатот самиот треба да се заштити од евентуална тужба за несовесно работење, дисциплински прекршок или слично.
в. Доколку адвокатот бара совет во однос на етичкото постапување.
г. Ако соопштувањето на податоците е предвидено со закон или ако тоа го побара судот.
д. Ако адвокатот е разумно уверен дека споделувањето на информациите е потребно за да се спречи нечија смрт или предизвикување сериозни телесни повреди.
ѓ. Кога адвокатот може да сподели само одредени информации (како, на пример, имиња, кратко резиме на правните прашања во конкретниот предмет) со цел да се идентификува и да се разреши постоечки судир на интереси[281].

Тесно поврзана со привилегираниот однос помеѓу адвокатот и клиентот е таканаречената доктрина на работен производ. При подготвувањето за еден предмет, адвокатите често треба да изготвуваат различни правни документи, интерни извештаи и други службени белешки, кои би можеле да содржат доверливи информации поврзани со клиентот. Иако не може да се подведе како дел од комуникацијата помеѓу адвокатот и клиентот, ваквата документација, сепак, е заштитена во согласност со доктрината на работен производ и не смее да биде јавно споделувана[282].

Во ОК, судскиот адвокат мора да ја чува доверливоста на податоците за секоја странка и за нивните предмети[283]. Во согласност со Прирачникот на ОАС, обврската за доверливост во работењето е од клучна важност за раздавањето на правдата. Во него се објаснува дека „странките што ја подаруваат својата доверба на правните советници мора да бидат во состојба да го прават тоа знаејќи дека информациите што ги споделуваат или што се даваат во нивно име ќе останат доверливи“[284]. Во Прирачникот на ОАС, понатаму, се посочува дека „во нормални околности, ваквите информации се од привилегиран карактер и се недостапни за судот“[285]. Во Прирачникот на ОАС се говори и за односот помеѓу должноста за доверливост и обврските што судскиот адвокат ги има кон судот.

---

[281] Препорачани правила на ABA, правило 1.6.(б)

[282] Доктрина на работен производ развиена во предметот *Hickman v. Taylor (Хикман против Тејлор)*, 329 U.S. 495 (1947).

[283] Прирачник на ОАС, точка CD6.

[284] Истиот извор, точка gC42.

[285] Истиот извор.

Објаснето е дека обврските кон судот „не претставуваат дозвола или барање за споделување доверливи информации“ добиени во текот на застапувањето, а без одобрение од странката[286]. Прирачникот на ОАС советува дека доколку постои ризик судот да биде доведен во заблуда, освен доколку адвокатот не ги открие доверливите информации, тогаш адвокатот од клиентот треба да побара дозвола за нивно споделување со судот[287]. Ако клиентот одбие да се споделат таквите информации, тогаш судскиот адвокат треба да прекине со постапката и евентуално да побара нови упатства за постапување или да се повлече[288]. Во такви околности, судскиот адвокат не смее да ги сподели информациите со судот[289].

Во Прирачникот на ОАС се потврдува дека обврската за доверливост е предмет и на одредени исклучоци доколку откривањето на податоците е потребно или предвидено со закон. На пример, во согласност со Законот за конфискација на приходи од казниви дела од 2002 година, доколку е потребно, на судските адвокати може да им биде наредено да достават одредени информации[290].

Како и во САД, исклучокот за сторено кривично дело или измама во ОК се развиваше преку судската практика. Во пресудата за предметот *Кралството против Кокс и Раилтон,* како еден од првите предмети во кои е разгледуван исклучокот за сторено кривично дело или измама од аспект на привилегираниот однос помеѓу адвокатот и странката, судиите го даваат следново образложение:

> За да може да се примени правилото [за привилегираниот однос], мора да станува збор за професионален работен ангажман и воспоставен однос на меѓусебна доверба, меѓутоа доколку клиентот својата комуникација со адвокатот сака да ја искористи за извршување одредени криминални дејства, тогаш сигурно е дека еден од овие елементи отсуствува. Клиентот или тајно се договара со адвокатот или го мами. Ако криминалните намери на клиентот се јавно познати, тогаш не може да се каже дека адвокатот е професионално ангажиран затоа што адвокатот нема право и не може да помага во извршувањето кривични дела. Доколку, пак, клиентот сето тоа го планира скришум, тогаш тој не влева доверба кај адвокатот во врска со фактичката состојба во предметот, што претставува основа за постоење однос на меѓусебна доверба, кој во таквиот случај отсуствува[291].

[286] Истиот извор, точка gC8.

[287] Истиот извор, точка gC11.

[288] Истиот извор.

[289] Истиот извор.

[290] Истиот извор, точка gC43.

[291] *Queen v. Cox and Railton (Кралството против Кокс и Раилтон)*, 14 Q.B.D. 153, 168 (1884).

### *Домашно законодавство*

Кодексот на АКРМ содржи посебен дел посветен на прашањето на професионалната адвокатска тајна. Во согласност со правилото 20, „сè што странката ќе му довери на адвокатот во врска со бараниот правен совет, застапување или одбрана и сè што адвокатот дознал за предметот на друг начин, а што е доверливо, претставува професионална адвокатска тајна“. Според правилото 20, евентуалната повреда на професионалната тајна може да значи и дисциплинска или кривична одговорност за адвокатот. Во согласност со правилото 31, адвокатските приправници имаат подеднаква обврска за чување на професионалните адвокатски тајни.

Правилото 21 содржи одредени исклучоци во однос на соопштувањето доверливи информации. „Она што адвокатот го дознал од странката, а што претставува професионална тајна, може да го открие само во случај кога самата странка, на несомнен начин, го дозволува тоа, ако е во интерес на одбраната (нужно за одбраната), како и во случај кога ќе го побара тоа и за тоа ќе добие согласност од Адвокатската комора“. Во согласност со правилото 21, Комората, при разгледувањето на ваквото барање на адвокатот, е должна да ги цени сите постојани околности.

Професионалната тајна ги опфаќа сите информации чие соопштување би можело да биде штетно за странката. Во согласност со правилото 20, адвокатот е должен професионалната адвокатска тајна да ја чува „за време на застапувањето и на одбраната, а и подоцна, сè додека нејзиното изнесување во јавноста може да ѝ наштети на странката“. Според правилото 23 од Кодексот на АКРМ, ако адвокатот дознал нешто при застапувањето на некое правно лице или такво нешто му било познато кога бил негов член, во никој случај тоа не смее да го употреби во каква било постапка и на негова штета.

Членот 3-а (3) од Законот за адвокатура содржи забрана за употреба на доверливи информации од страна на судовите. Тука е опфатена и „комуникацијата меѓу адвокатите, како и меѓу адвокатот и неговата странка, независно на кој начин се остварува“. Таквите материјали и информации не може да бидат искористени како доказен материјал во постапките што се водат пред судовите и другите државни органи. Слично на доктрината на работен производ во САД, во согласност со членот 3-а (2), адвокатските „книги и предмети, досиеја, податоците во електронска форма и другите средства на комуникација се неприкосновени и не подлежат на преглед, копирање, проверка и одземање, освен во случаи предвидени со закон“.

Законот за адвокатура експлицитно не пропишува исклучок за сторено кривично дело или измама. Сепак, во членот 21 (4) од Законот

за адвокатура, се наведува дека „претресување на канцеларија на адвокат поединец и на адвокатско друштво може да се врши само во однос на писмената, изречно наведени во решението за претрес донесено од надлежен судија во кривична постапка, а овластените службени лица немаат пристап до другите пишани материјали, списи, предмети и архивата“.

### *Заклучок*

Во сите правосудни системи, професионалната тајност/доверливост на комуникацијата помеѓу адвокатот и странките претставува важна компонента на адвокатската работа. Странката мора да биде убедена дека неговите или нејзините чувствителни информации нема да се најдат во погрешни раце. Адвокатите треба да се запознаени и свесни за параметрите и за исклучоците на нивната обврска за чување на професионалната тајност/доверливост, како и за привилегираниот однос што го имаат со странките, со цел на најефективен начин да обезбедат правни совети и помош за своите странки.

Правилото 20 од Кодексот на АКРМ ги штити сите информации што адвокатот ќе ги дознае од странката или на друг начин. Како и во Франција, Германија и Холандија, Кодексот на АКРМ зборува за кривична одговорност во случај на повреда на професионалната адвокатска тајна. За разлика од другите етички кодекси во земјите со континентално право, за кои говоревме претходно, во правилото 31 од Кодексот на АКРМ експлицитно се наведува и обврската за чување на професионалната тајна и од страна на адвокатските приправници.

Правилото 21 од Кодексот на АКРМ ја предвидува можноста за откажување од правото на професионална тајна. Доколку странката се откаже од ова право, тоа мора да го направи „свесно“ – што е слично со концептот на „свесна и информирана согласност“ присутен во САД и ОК. Исто така, слично на „доктрината на работен производ“ од САД, членот 3-а (2) од Законот за адвокатура предвидува заштита на адвокатските книги и предмети, досиеја, податоците во електронска форма и другите средства на комуникација помеѓу адвокатот и странките.

Во сите овие држави, како и во согласност со правилото 20 од Кодексот на АКРМ, професионалната тајност/доверливост на комуникацијата помеѓу адвокатот и странките е временски неограничена и сè уште е применлива и по престанокот на меѓусебниот однос помеѓу адвокатот и странката.

# Поглавје 5 – Судир на интереси

Самата природа на адвокатската работа е таква што адвокатите често се наоѓаат во ситуации во кои интересите на странката се во судир со одговорноста што адвокатот ја има во однос на друг клиент, поранешен клиент, трети лица, па дури и спротивни на личните интереси на самиот адвокат. Ова е познато под називот судир на интереси. Дефиницијата и правилата што ги регулираат судирите на интереси се разликуваат од еден до друг правен систем. Сите меѓународни и национални етички кодекси содржат одредби за избегнување на судирот на интереси и, според нив, доколку постои каков било судир на интереси, адвокатот треба да го одбие застапувањето. Законот за адвокатура и Кодексот на АКРМ содржат одредби кои покажуваат на кој начин може да се избегне судирот на интереси. Општо, судирот на интереси постои кога способноста на адвокатот да ја застапува странката е суштински ограничена поради неговите или нејзините лични интереси или интересите на трети лица. Постојат различни видови судири на интереси, меѓу кои и судири помеѓу адвокатот и клиентот[292], помеѓу тековните клиенти на истиот адвокат, помеѓу тековните и поранешните клиенти, како и судири поради обврските што адвокатот ги има спрема трети лица.

## *CCBE*

Повелбата на CCBE говори за начелото за „избегнување судир на интереси, без разлика дали судирот на интереси е помеѓу различни клиенти или помеѓу клиентот и адвокатот“[293]. Коментарите на CCBE не содржат дефиниција за судирот на интереси. Според овие Коментари, адвокатот истовремено не смее да застапува две странки во ист предмет доколку постои конфликт или ризик од појава на конфликт помеѓу интересите на тие две странки[294]. Адвокатот, исто така, треба да го одбие застапувањето на странката доколку за неа и за конкретниот предмет веќе има добиено доверливи информации од некои од другите свои тековни или поранешни клиенти[295]. Адвокатот подеднакво е должен да избегнува каков било судир на интереси со странката[296]. Ако во текот на застапувањето се појави каков било судир на интереси, адвокатот треба да го прекине застапувањето.

Коментарите на CCBE посочуваат дека судирот на интереси е тесно поврзан со начелата за доверливост, независност и лојалност[297].

Кодексот на однесување на CCBE наведува неколку видови судири на интереси што адвокатот мора да ги избегне:

[292] Погледнете го Поглавје 1, Независност, точка за независност од лични интереси.

[293] Повелба на CCBE, начело (в).

[294] Истиот извор.

[295] Истиот извор.

[296] Истиот извор.

[297] Истиот извор.

а. Адвокатот истовремено не смее да советува, да застапува или да постапува за две или повеќе странки во врска со истата правна работа доколку постои каков било судир или значителен ризик од појава на судир меѓу интересите на странките[298].
б. Адвокатот мора да престане со застапувањето на обете или на сите странки доколку се јави судир на интереси помеѓу тие странки и секогаш кога постојат шанси за нарушување на довербата или кога е загрозена независноста на адвокатот[299].
в. Дополнително, адвокатот не смее да прифати да застапува нов клиент доколку притоа постои ризик од евентуално нарушување на веќе воспоставената доверба помеѓу адвокатот и некоја поранешна странка или пак доколку знаењето и информациите со кои се стекнал адвокатот, застапувајќи го поранешниот клиент, би можеле да ја доведат новата странка во повластена состојба[300].

Кога адвокатите се организирани и постапуваат како група, тогаш овие забрани подеднакво се однесуваат на сите членови на групата[301].

Меморандумот за појаснување на CCBE вели дека адвокатот може да застапува две или повеќе странки во иста правна работа доколку не постои судир меѓу нивните интереси и не постои значителен ризик од таков судир[302]. Доколку дојде до судир во текот на застапувањето или ако постои ризик од нарушување на довербата или други околности што може да ја загрозат независноста на адвокатот, тој или таа мора да го прекине застапувањето на сите странки во конкретниот предмет[303].

Според CCBE, во одредени околности адвокатот би можел да преземе улога на медијатор помеѓу две спротивставени странки. Во таква ситуација, адвокатот е должен: а) да ја објасни својата улога на медијатор; б) да добие согласност од обете странки; и в) да се обиде да ги разреши проблемите помеѓу странките[304]. Адвокатот самиот мора да процени и да одлучи дали ќе престане со застапувањето или ќе се обиде да дејствува како медијатор[305]. Во ситуациите кога адвокатот ќе се јави во улога на медијатор помеѓу двете странки, а процесот на медијација заврши неуспешно, советот на CCBE е адвокатот да престане да ги застапува тие странки[306].

[298] Кодекс на однесување на CCBE, член 3.2.1.

[299] Истиот извор, член 3.2.2.

[300] Истиот извор, член 3.2.3.

[301] Истиот извор, член 3.2.4.

[302] Меморандум за појаснување на CCBE, белешка кон членот 3.2.

[303] Истиот извор.

[304] Истиот извор.

[305] Истиот извор.

[306] Истиот извор.

### *МАК*

Во согласност со начелото 3 на МАК, адвокатот „не смее да се најде во положба во која интересите на неговиот или на нејзиниот клиент ќе бидат во судир со неговите или со нејзините интереси, со интересите на некој друг адвокат од истата канцеларија или со интересите на друга странка“, освен кога тоа е дозволено со закон или одобрено од странката[307]. Од МАК објаснуваат дека постојат неколку видови судири, на пример, кога застапувањето на одреден клиент би имало директни негативни последици за некоја друга странка или кога постои ризик дека застапувањето на една или повеќе странки би можело да биде суштински ограничено поради: (I) одговорноста на адвокатот во однос на некоја друга странка; (II) некоја поранешна странка; (III) трето лице; или (IV) личните интереси на адвокатот[308].

Според Коментарите на МАК, во одредени правни системи адвокатот може да ја застапува странката доколку:

а. Адвокатот е во состојба да понуди стручно и совесно застапување на секој засегнат клиент.
б. Таквото застапување не е забрането со закон.
в. Застапувањето не вклучува наводи или тврдења на еден клиент против другите странки на истиот адвокат.
г. Секоја странка дала писмена изјава за лична согласност[309].

Информациите што адвокатот ги дознал од некоја поранешна странка што ја застапувал не смее да ги користи на штета на поранешната странка, освен кога тоа е дозволено во согласност со важечките закони или етичките правила[310].

Во другите правни системи, кога постои потенцијален судир на интереси, адвокатот, сепак, може да го прифати застапувањето под услов сите засегнати лица да ги запознае со можноста за потенцијалниот конфликт и да добие согласност за постапување од нивна страна[311]. Се разбира, со споделувањето на таквата информација не смее да се прекрши адвокатската должност за доверливост[312].

МАК потенцира дека во одредени правни системи доколку судирот биде идентификуван откако адвокатот веќе почнал со работа, тогаш адвокатот мора целосно да се повлече од предметот како знак на почит кон сите засегнати странки[313]. Во некои други системи, адвокатот во оваа ситуација би морал да се откаже од застапувањето на една странка, но не од сите[314].

---

[307] Начела на МАК, начело 3.

[308] Коментари на МАК, белешка за појаснување 3.2.

[309] Истиот извор.

[310] Истиот извор.

[311] Истиот извор.

[312] Истиот извор.

[313] Истиот извор.

[314] Истиот извор.

Во Коментарите на МАК се прави разлика помеѓу правните/професионалните конфликти и комерцијалните судири на интереси. Според МАК, постоењето на комерцијален судир на интереси не би требало да го спречи адвокатот да застапува одредена странка, „дури и кога странката е конкурентна или нејзините интереси се во судир со комерцијалните интереси на некоја друга сегашна или поранешна странка, која не е вмешана или директно поврзана со конкретниот предмет на кој адвокатот работи во моментот[315].

Во согласност со Коментарите на МАК, адвокатот може да ги брани интересите на својот клиент против некоја друга странка „во сите ситуации во кои другата странка решила одбраната на своите интереси да му ја довери на некој друг адвокат, без разлика дали се работи за преговори за одредена спогодба или за некој друг правен спор или постапка на арбитража“[316]. Притоа, МАК објаснува дека во такви ситуации првиот адвокат мора да се придржува кон сите други важечки правила за професионално однесување, а посебно кон правилата за доверливост, професионална адвокатска тајна и независност[317].

Од МАК, понатаму, објаснуваат дека „адвокатите не смеат да дозволат нивните лични интереси да дојдат во судир или да ги заменат интересите на нивните клиенти“[318]. Меѓу другото, ова значи и дека адвокатот не смее неправилно да го советува и да врши влијание врз клиентот во сопствена корист. Слично на ова, ако адвокатот е свесен за постоење конфликт помеѓу своите лични и интересите на странката, тогаш адвокатот не смее повеќе да прима никакви работни упатства и треба да го прекине застапувањето на странката.[319]

### *Континентално право*

Во француското законодавство, тамошниот НПА го ограничува слободниот избор на правен застапник во зависност од евентуалното постоење судир на интереси[320]. Францускиот НПА прави разлика помеѓу реалните и потенцијалните судири на интереси.

Реален судир на интереси постои:

a. Во случај на давање правни совети кога адвокатите кои имаат обврска на своите странки да им обезбедат целосни и точни информации, не се во состојба да го сторат тоа без притоа да ги загрозат интересите на едно или повеќе засегнати лица.

[315] Истиот извор.

[316] Истиот извор.

[317] Истиот извор.

[318] Истиот извор.

[319] Истиот извор.

[320] Француски НПА, член 4.1.

б. Во случај на застапување во судска постапка кога паралелното застапување на неколку странки би било причина адвокатите да настапат со поинаква стратегија за конкретниот предмет, особено од аспект на подготовката, наводите и крајните цели на постапката различна од онаа што би се применила доколку адвокатите застапуваат само една странка.

в. Кога одредени случувања или промени во предметот резултираат во една од потешкотиите опишани погоре[321].

Потенцијален судир на интереси постои кога „некоја предвидлива промена или случување“ во конкретниот предмет би можело да биде причина адвокатот да помисли дека е можно да се јават некои од опишаните потешкотии поврзани со реалниот судир на интереси[322].

Францускиот НПА содржи опис на ситуациите во кои не постои судир на интереси, како и на оние каде што евентуалните последици од таквиот конфликт однапред може да бидат прифатени. Судир на интереси нема да постои доколку адвокатот ја запознае странката со судирот на интереси што се јавил помеѓу нив и доколку дојде до заедничка спогодба со која тој се решава[323]. Сепак, доколку адвокатот не успее да го разреши конфликтот што постои помеѓу две негови странки, тогаш не смее да советува и треба да се откаже од застапувањето на едната од нив[324]. Слично на ова, судир на интереси не постои доколку странките се согласат дека ќе ги советува истиот адвокат во согласност со една заедничка стратегија и дефинирана цел или доколку станува збор за адвокати членови на иста адвокатска канцеларија или фирма, кои постапуваат посебно и во име на различни странки, а се свесни за припадноста на другите адвокати[325]. Постојат одредени ограничувања во однос на слободата за застапување на адвокатите. На пример, доколку постои ризик од евентуална повреда на професионалната тајна или ризик од можно нарушување на независноста на адвокатот, тогаш адвокатот мора да престане со застапувањето на сите засегнати странки, освен ако не обезбеди нивна согласност[326]. Слично на ова, адвокатите не може да работат за која било нова странка доколку со тоа ја кршат својата обврска за доверливост кон некој од своите поранешни клиенти[327]. Францускиот НПА, понатаму, посочува дека адвокатите може да ги застапуваат странките во други правни работи и без да обезбедат нивна согласност кога правната работа не е поврзана со судирот на интереси и кога ангажманот на адвокатот во нив не

[321] Истиот извор, член 4.2.

[322] Истиот извор.

[323] Истиот извор.

[324] Истиот извор.

[325] Истиот извор.

[326] Истиот извор.

[327] Истиот извор.

создава предрасуди во однос на независноста на адвокатот и на неговата или на нејзината должност за чување на професионалната доверливост[328].

Во германското законодавство застапувањето на две странки во иста правна работа претставува кривично дело за кое е предвидена затворска казна од три месеци до пет години[329]. Сојузниот закон за адвокатура им забранува на адвокатите да застапуваат интереси во меѓусебен судир[330]. Во Германскиот правилник за професионална практика се наведува дека адвокатот „мора да се воздржи од застапување нова странка доколку претходно за истата правна работа веќе има советувано или застапувано друга странка, ако постои судир на интереси или ако е веќе вмешан во конкретниот предмет на кој било друг професионален начин....“[331] Оваа забрана е применлива и во ситуациите кога адвокатот напушта една и продолжува да работи во некоја друга адвокатска канцеларија со нови колеги[332]. Ако адвокатот во текот на застапувањето забележи дека постои судир на интереси, тој или таа веднаш „мора да ја информира странката за тоа и да престане да ги застапува сите други странки вмешани во истата правна работа“[333].

Странката може да ги прифати евентуалните последици од судирот на интереси доколку „откако ќе биде целосно информирана за ситуацијата, јасно и директно се согласи да биде застапувана од адвокатот, под услов тоа да не биде против интересите на соодветното раздавање на правдата“[334]. Германскиот правилник за професионална практика пропишува дека во сите околности кога адвокатот е соочен со некаков судир на интереси, тој или таа мора да ја испочитува својата обврска за доверливост[335].

Во холандското законодавство, адвокатот не може да ги застапува интересите на повеќе од една странка „ако таквите интереси се во судир или постои реална шанса да дојдат во меѓусебен судир“[336]. Ако адвокатот ги застапува интересите на повеќе од една странка, општо, адвокатот би требало да се повлече веднаш штом утврди постоење

[328] Истиот извор.

[329] Германски кривичен законик, став 356: “(1) Секој адвокат или кое било друго лице што дава правна помош, кој во однос на конкретниот предмет за кој е ангажиран им дава правни совети и помош на обете страни наспроти неговата должност, ќе биде казнет со казна затвор од три месеци до пет години. (2) Доколку сторителот се договара со спротивставената страна на штета на својата странка, казната затвор е од една до пет години.“

[330] Сојузен закон за адвокатура, став 43(а)(4).

[331] Германски правилник за професионална практика, став 3.

[332] Истиот извор, став 3(3).

[333] Истиот извор, став 3(4).

[334] Истиот извор, став 3(2).

[335] Истиот извор, став 3(5).

[336] Холандски правила на однесување, правило 7.1.

конфликт што не може веднаш да се разреши[337]. Холандските правила на однесување објаснуваат дека може да постојат и посебни околности во кои примената на ова општо правило не е оправдана. Во Холандските правила на однесување се наведува и следново:

> Од гледна точка на ефикасноста, информираноста, намалувањето на трошоците и слично, општо ова [застапувањето на интересите на повеќе странки] не е непожелно, но во секој случај реално може да се очекува да се појави конфликт меѓу одделните интереси на странките. Затоа, на пример, во некој осигурителен спор, дури и пред отпочнување на постапката, може да се јави одредено несогласување, иако би било во интерес на обете странки, односно и на осигурувачот и на осигуреникот, тоа отворено да не се изнесува сè додека не се донесе првична одлука во однос на побарувањето. Во одредени случаи, адвокатот може и да продолжи со застапувањето на долгорочниот клиент (осигурувач или осигуреник) наспроти другата странка (осигурувач или осигуреник) доколку постепено се јават проблеми во врска со правни прашања, како што се осигурителните полиси или спогодбите за надомест на штета[338].

Ако адвокатот истовремено застапува две странки, од самиот почеток мора да биде повеќе од јасно чии интереси ќе ги брани доколку се јави некаков судир на интереси[339]. Адвокатот притоа не смее да користи доверливи информации што претходно ги добил од другата странка[340]. Кога адвокатот ги застапува интересите на повеќе странки и одлучува да се откаже од застапувањето на една од нив, адвокатот понатаму не смее да презема никакви правни дејства и активности против таа странка[341]. Холандските правила на однесување објаснуваат дека ова правило важи и кога адвокатот ќе се повлече и поради други причини што не се поврзани со судирот на интереси[342].

Холандските правила на однесување пропишуваат дека адвокатот не смее да постапува против поранешен клиент или странка, застапувана од некој друг колега во рамките на истата адвокатска канцеларија или фирма[343]. Во секој случај, во овие ситуации судирот на интереси би можел да биде и занемарен доколку:

---

[337] Истиот извор, правило 7.2.

[338] Истиот извор, белешка кон правилото 7.2.

[339] Истиот извор.

[340] Истиот извор.

[341] Истиот извор, правило 7.3.

[342] Истиот извор, белешка кон правилото 7.3.

[343] Истиот извор, правило 7.4.

а. Правната работа по која постапува адвокатот се однесува на некое друго прашање, различно од оние по кои постапувале другите адвокати или самата адвокатска канцеларија, застапувајќи некој од своите тековни или поранешни клиенти.
б. Интересите што треба да ги брани адвокатот, исто така, не се поврзани со ниту едно од тие прашања и, веројатно, не може ниту да се очекува да се појави каква било врска меѓу нив.
в. Адвокатот или неговиот колега од истата адвокатска канцеларија не поседува доверливи информации од каква било природа што потекнуваат од поранешните или од сегашните клиенти, ниту пак деловни или други информации поврзани лично со поранешните или со сегашните клиенти или нивните деловни активности, кои би можеле да бидат од суштествено значење во некоја постапка против некој поранешен или сегашен клиент.
г. Не се поднесени никакви разумни приговори од страна на кој било поранешен или сегашен клиент или од странката која од адвокатот бара да ги застапува нејзините интереси[344].

Доколку овие услови не може да бидат исполнети, тогаш адвокатот може да го разреши конфликтот така што ќе обезбеди целосно информирана согласност од сите засегнати страни[345].

Во согласност со Холандските правила на однесување, адвокатите имаат право да постапуваат и против своите клиенти во обид да ги наплатат претходно обезбедените адвокатски услуги[346]. Понатаму, во нив се наведува дека логиката која стои зад одредбите поврзани со судирот на интереси е дека „странката мора да има целосна доверба и да биде убедена дека информациите во врска со конкретниот предмет, за него и за неговите деловни активности, што му ги дава на адвокатот или на некој друг колега од истата адвокатска канцеларија нема во ниту една прилика во иднина да бидат употребени против него“[347]. Во согласност со Холандските правила на однесување, секој адвокат што се соочува со некаков судир на интереси може да побара совет од Комората[348]. Во основа, крајната одлука дали ќе продолжи да работи на предметот или ќе се повлече поради судирот на интереси ја носи самиот адвокат и таа не треба да зависи од желбите и од барањата на странката[349].

Во согласност со Холандските правила на однесување, „воспоставувањето административна поделба на застапувањето на поединечните интереси на странките во конкретни предмети и соодветната документација во рамките на една адвокатска

[344] Истиот извор.

[345] Истиот извор, правило 7.5.

[346] Истиот извор, белешка кон правилото 7.7.

[347] Истиот извор.

[348] Истиот извор.

[349] Истиот извор.

канцеларија, како начин за избегнување судири на интереси, односно подигањето на таканаречен „Кинески ѕид“ е забрането“[350].

Во Белгија, како и во Холандија, Фламанскиот етички кодекс содржи слични одредби со кои, општо, се забранува застапувањето на повеќе клиенти меѓу кои постои судир на интереси[351]. Сепак, за разлика од Холандските правила на однесување, Фламанскиот етички кодекс им дозволува на адвокатите да застапуваат и повеќе клиенти со спротивставени интереси доколку истите странки имаат и некаков заеднички интерес и бараат од адвокатот да го штити таквиот нивен заеднички интерес[352]. Застапувањето на две или повеќе странки е можно доколку странките дадат писмена согласност и адвокатот е способен да ги брани интересите на сите странки, без да се наруши нивниот привилегиран професионален однос и независноста на адвокатот[353]. Фламанскиот етички кодекс дефинира дека адвокатот воопшто не смее да работи на одреден предмет доколку тоа значи непочитување на неговата или на нејзината обврска за доверливост и независност[354].

Во согласност со Етичкиот кодекс на ФГАК, адвокатот е обврзан да ги пречи конфликтите на интереси[355]. Во Етичките прописи од Брисел[356] е наведено дека адвокатот „не треба да ги брани интересите на блиски роднини или на свои колеги со кои е во партнерски или во менторски однос или со кои остварува соработка или заедно работи на професионално ниво“[357]. Дополнително, адвокатите не смеат да ја застапуваат странката доколку веќе претходно, во истиот предмет, застапувале некоја од спротивставените странки“[358]. Истата забрана важи и за случаите каде што адвокатот веќе бил вмешан или има сознанија за конкретната правна работа што би биле корисни за новиот клиент, освен ако не постојат некои исклучителни околности што би биле прифатени и одобрени од страна на *bâtonnier*-от, односно од претседателот на судот[359].

---

[350] Истиот извор.

[351] Фламански етички кодекс, член I.2.3.2.

[352] Истиот извор, член I.2.3.2., став 2.

[353] Истиот извор.

[354] Истиот извор, членови I.2.3.3. - I.2.3.4.

[355] Етички кодекс на ФГАК, член 1.2.

[356] Слично како што францускиот НПА е вграден во Внатрешните прописи на Париската адвокатска комора, така и Етичкиот кодекс на ФГАК е вграден во Етичките прописи од Брисел, со некои дополнителни одредби. *Погледнете ги* Етичките прописи од Брисел (Le Règlement déontologique bruxellois), достапни само на француски јазик на следнава адреса: http://www.barreaudebruxelles.info.

[357] Етички прописи од Брисел, член 5.100.а.

[358] Истиот извор, член 5.100.c (неслужбен превод од страна на авторот).

[359] Истиот извор.

### *Обичајно право*

Во САД, Препорачаните правила на ABA содржат детални одредби што се занимаваат со прашањето на различните видови судири на интереси. Според Препорачаните правила на ABA, судирите на интереси може да се поделат на четири категории: (I) судири меѓу тековните клиенти; (II) судири меѓу тековните клиенти и поранешните клиенти; (III) судири предизвикани од обврските што адвокатот ги има во однос на трети лица; и (IV) судири помеѓу адвокатот и клиентот.

Во согласност со Препорачаното правило на ABA 1.7., судир на интереси постои кога застапувањето на една странка има директни штетни последици за некоја друга странка или кога постои значителен ризик дека застапувањето на странката ќе биде суштински ограничено поради личните интереси на адвокатот или одговорноста што ја има во однос на некоја друга странка, поранешен клиент или трето лице.[360] Судири на интереси меѓу тековните клиенти може да се јават во ситуации, на пример, кога адвокатот застапува две или повеќе странки во некој граѓански спор, сообвинети лица во кривични предмети или две или повеќе страни во некоја деловна трансакција[361]. Во овие ситуации, и покрај постоењето на судир, адвокатот мора да го прифати застапувањето доколку: (I) адвокатот е разумно уверен дека може да обезбеди стручно и совесно застапување за секоја од странките; (II) застапувањето не е спротивно на законот; (II) застапувањето не вклучува поддршка на наводите на една странка против некоја од другите; и (IV) секоја засегната странка е целосно информирана за состојбата и дала писмена согласност за застапувањето[362].

Кога станува збор за поранешните клиенти, адвокатите не смеат да застапуваат странки чии интереси се суштински спротивни на интересите на нивните поранешни клиенти, во правни работи што се „сосема исти или суштински поврзани“ со правните работи во кои адвокатот го застапувал поранешниот клиент, „освен ако поранешниот клиент не даде своја писмена согласност откако претходно ќе биде целосно информиран за случајот“[363]. Истото правило важи и за другите клиенти на адвокатската канцеларија или фирма во која работи засегнатиот адвокат. Доколку адвокатската канцеларија или фирма каде што работи адвокатот во минатото застапувала одреден клиент, а адвокатот се здобил со доверливи информации или информации поврзани со самото застапување, тогаш адвокатот не смее да застапува друго лице доколку интересите на тоа лице се суштински спротивни со оние на поранешниот клиент на адвокатската канцеларија или фирма во која е вработен

[360] Препорачани правила на ABA, правило 1.7.

[361] Препорачани правила на ABA, правило 1.7.(а)

[362] Истиот извор, правило 1.7.(б)

[363] Истиот извор, правило 1.9.(а)

адвокатот[364]. Во согласност со Препорачаните правила на ABA, адвокатите имаат должност да ги чуваат доверливите информации и по завршувањето на нивниот ангажман[365]. Адвокатите не смеат да ги користат доверливите информации на штета на своите поранешни клиенти, освен доколку тие писмено се согласат со тоа откако претходно ќе бидат информирани за случајот[366].

Со цел да се избегнат какви било конфликти со интересите на трети лица, адвокатот не смее да прифаќа исплата за својот професионален ангажман од трети лица, освен во случаите кога: (I) странката била претходно информирана за тоа и дала согласност; (II) третото лице воопшто не се меша во меѓусебниот однос помеѓу адвокатот и странката; и (III) ваквиот договор воопшто нема негативен ефект врз обврската на адвокатот за доверливост[367].

Што се однесува до личните интереси на адвокатот, Препорачаните правила на ABA предвидуваат три можни сценарија во кои личните интереси на адвокатот се во конфликт со интересите на странката:

а. Кога адвокатот влегува во деловни зделки или финансиски трансакции со странката[368].
б. Кога личните интереси на адвокатот може да имаат негативно влијание врз самото застапување на клиентот, на пример, кога адвокатот има некакви врски со спротивставената страна или, пак, лица што се во блиска врска со адвокатот (брачни другари, браќа и сестри и слично) ја застапуваат спротивната странка[369].
в. Кога адвокатот изработува некаков правен документ, на пример, тестамент, со кој странката што не е во роднинска врска со адвокатот му дава во наследство некаков подарок на адвокатот или на негов, односно нејзин близок роднина[370].

Во одредени ситуации странката може да реши да го занемари постојниот судир на интереси со тоа што ќе биде информирана за тоа и ќе даде своја согласност. Таквата согласност претставува „прифаќање на предложените мерки и активности што би се презеле откако адвокатот ќе ја запознае странката со соодветните информации и можните ризици, како и со евентуалните алтернативни можности за постапување што им стојат на располагање во конкретната ситуација“[371]. За да се случи ова, странката мора да биде свесна за сите релевантни околности, но исто така, треба да знае кои се и негативните ефекти што конфликтот ги има врз нејзините

[364] Истиот извор, правило 1.9(в).

[365] Истиот извор, правило 1.6.

[366] Истиот извор, правило 1.9(в)(1).

[367] Истиот извор, правило 1.8(ѓ).

[368] Препорачани правила на ABA, правило 1.8(а).

[369] Препорачани правила на ABA, правило 1.7., белешка 11.

[370] Препорачани правила на ABA, правило 1.8(в).

[371] Истиот извор, правило 1.0(д).

интереси и врз другите можни решенија на располагање[372].

Во ОК, во Прирачникот на ОАС, стои дека судските адвокати не смеат да продолжат со постапувањето според упатствата од странката во конкретниот предмет доколку:

а. Постои судир помеѓу личните интереси на судскиот адвокат и интересите на потенцијалниот клиент во однос на конкретната правна работа.
б. Постои судир помеѓу интересите на потенцијалниот клиент и интересите на еден или повеќе поранешни клиенти на истиот судски адвокат во однос на конкретната правна работа, освен ако сите странки што имаат каков било интерес во конкретната правна работа не дадат своја информирана согласност на судскиот адвокат што постапува во таквите околности[373].

Слично како и во Препорачаните правила на АВА, во Прирачникот на ОАС се наведува дека судските адвокати имаат континуирана обврска за доверливост. Судскиот адвокат не смее да го прифати застапувањето доколку постои реален ризик дека обврската за чување на доверливоста на информациите, добиени од некој друг тековен или поранешен клиент или од кое било друго лице, може да го спречи судскиот адвокат во соодветната одбрана на најдобрите интереси на потенцијалниот клиент[374]. Исто така, слично на Препорачаните правила на АВА, судскиот адвокат може да го прифати застапувањето доколку лицето во однос на кое адвокатот има обврска за доверливост, даде своја информирана согласност за споделување на доверливите информации[375].

Со цел да добие таква информирана согласност од засегнатите и од потенцијалните клиенти, судскиот адвокат мора целосно да ги информира и да ги запознае со природата на конфликтот и мора да биде способен да постапува независно и во најдобар интерес на секоја од странките[376].

### *Домашно законодавство*

Во Кодексот на АКРМ не се употребува терминот „судир на интереси“ и Кодексот не содржи посебно поглавје со дефиниција за овој термин или за негово регулирање. Сепак, постојат повеќе одредби во Законот за адвокатура и во Кодексот на АКРМ што содржат основни насоки и совети за можните начини на кои може да се избегнат евентуалните судири на интереси.

Законот за адвокатура содржи одредби со кои се регулира истовременото или последователното застапување на странките. Во

---

[372] Истиот извор, правило 1.7., белешка 18.

[373] Прирачник на ОАС, Кодекс на однесување, точка rC21.

[374] Истиот извор.

[375] Истиот извор.

[376] Истиот извор, точка gC68.

согласност со членот 17 од Законот за адвокатура, правна помош не може да се даде кога по истата правна работа тој или друг адвокат од неговата канцеларија или од адвокатското друштво давал правна помош на спротивната странка или по истата правна работа постапувал како судија, јавен обвинител, јавен правобранител, односно како државен службеник во друг орган на државна управа или институција. Во согласност со членот 17 (4), при составување двострани правни работи, договори и друго, ако меѓу странките настане спор во врска со договорот составен од адвокат, тогаш тој не може да учествува како полномошник на ниту една странка[377]. Слично на ова, правилото 4 од Кодексот на АКРМ вели дека адвокатот е должен совесно да ги штити интересите на обете странки без оглед на тоа која од нив ја плаќа наградата, а ако меѓу странките настане спор тогаш тој не треба да се појави како застапник на ниту една од странките.

Кодексот на АКРМ ги повторува овие забрани. Во согласност со правилото 3, „адвокатот не смее да презема вршење јавни овластувања или застапување на сопарничари или сообвинети ако нивните меѓусебни интереси се спротивни“. Во правилото 3, понатаму, се вели дека ако таков случај настане во текот на застапувањето или на одбраната, „адвокатот е должен да го откаже застапувањето, односно одбраната на една од странките“.

Според правилото 6, за време на застапувањето на својата странка „адвокатот не смее да прифаќа евентуална понуда за застапување и на спротивната странка, ниту пак други работи што се во врска со спорот и се спротивни на интересите на странките додека трае спорот“. Во согласност со правилото 7, адвокатот „е должен секој предмет што го презел совесно да го проучи и кон него така и да се однесува“. Тоа, веројатно, значи дека за разлика од некои други етички кодекси засновани врз континенталното право, за кои зборувавме во ова поглавје, Кодексот на АКРМ бара од адвокатите да бидат проактивни и исполнителни во обидите за избегнување на евентуалните судири на интереси. Адвокатот не треба да се ограничи само на добиените информации од странката, туку треба целосно да го разгледа случајот и ситуацијата, како и евентуалната можност за присуство на судир на интереси.

### *Заклучок*

Дефиницијата за судирот на интереси се разликува од еден до друг правен систем. Општо, судир на интереси постои кога застапувањето на една странка е ограничено поради личните интереси на адвокатот или одговорноста што ја има во однос на некое трето лице. Главните разлики при разрешувањето на судирите на интереси во рамките на правните системи со континентално или со обичајно

[377] Истиот извор, член 17(4).

право се поврзани со прашањата дали странката има право да го занемари судирот и да ги прифати евентуалните последици и дали различните пречки и бариери во однос на информирањето (како што се таканаречените „Кинески ѕидови“, опишани во Холандските правила на однесување) се дозволени или не.

Адвокатите мора да ги имаат предвид разликите што постојат во националните правила, особено во однос на работењето во други, странски држави. Иако CCBE пропишува одредени начела што би требало да помогнат во утврдувањето на правилата што се применливи за работа во странство, секогаш постои ризик од појава на спротивставени правила во различни земји кога станува збор за проблематични прашања, односно проблеми за кои ниту практиката ниту искуството не може да изнајдат вистинско и сигурно решение. Токму затоа исклучително е важно адвокатите да бидат запознаени со сите применливи правила и да внимаваат дали се придржуваат кон сите нив во рамките на правните системи во кои ги нудат своите правни услуги.

Иако Кодексот на АКРМ не содржи посебно поглавје во врска со судирот на интереси како другите етички кодекси споменати погоре во текстот, постојат повеќе одредби во Законот за адвокатура и во Кодексот на АКРМ што содржат основни насоки и совети за начинот на кој може да се избегнат евентуалните судири на интереси. Во согласност со членот 17 од Законот за адвокатура и правилото 4 од Кодексот на АКРМ, адвокатот не смее да се обидува да брани директно спротивставени интереси, а ако меѓу странките настане спор во врска со договорот составен од адвокатот, тогаш тој не може да учествува како полномошник на ниту една од странките.

Правилото 3 гарантира дека адвокатот нема да застапува сопарничари или сообвинети ако нивните меѓусебни интереси се спротивни, а ако таков случај настане во текот на застапувањето или на одбраната, адвокатот е должен да го откаже застапувањето, односно одбраната на една од странките. Сепак, прашањето што се поставува е дали адвокатот практично може да го постигне тоа без притоа да ја испочитува обврската за чување професионална тајна. Доколку судирот на интереси се појави во текот на одбраната и адвокатот се откаже од застапувањето само на еден од сообвинетите, тогаш сите информации што ги дознал од сега веќе поранешниот клиент му одат во прилог на преостанатиот клиент. Така, доколку адвокатот продолжи да го застапува само едниот клиент, тоа би значело повреда на неговата обврска за чување на професионалната адвокатска тајна и нејзина непримена во полза на клиентот.

За разлика од некои други етички кодекси споменати во ова поглавје, правилото 7 од Кодексот на АКРМ пропишува дека адвокатот е должен совесно да го проучи секој предмет што го презел, па така и да ги разгледа можните судири на интереси и кон нив да се однесува и да постапува на подеднакво совесен начин.

# Поглавје 6 – Трудољубивост

Обврската за трудољубивост на адвокатите е универзално призната. Во кривичната сфера, исполнителноста и трудољубивоста се вградени во правото на правично судење што го имаат осомничените и обвинетите лица. Обврската за трудољубивост не е секогаш експлицитно наведена, но таа се посочува преку другите правила што говорат за навременост, стручност, ревносност, посветеност, заложба и за добро управување со работните задачи. Способноста на адвокатот да ја исполни својата должност на трудољубивост е од суштинско значење при гарантирањето правично судење и ефективна правна помош за странките.

## *ССВЕ*

Зборот „трудољубивост“ не се споменува во Повелбата на ССВЕ, но оваа обврска е видлива од белешките кон основните начела содржани во Коментарите на ССВЕ на Повелбата. Во Повелбата на ССВЕ се потенцира дека адвокатите не треба да прифаќаат ангажмани за кои не се доволно стручни[378]. Слично на ова, Кодексот на однесување на ССВЕ им забранува на адвокатите да постапуваат по правни работи за кои не се доволно стручни, освен ако притоа не соработуваат со поискусни и стручни адвокати[379].

Во согласност со Кодексот на однесување на ССВЕ, адвокатот мора да ја советува и да ја застапува странката „навремено, совесно и трудољубиво“[380]. Адвокатот мора да преземе лична одговорност за преземените мерки и активности на барање на странката и мора постојано да ја информира странката за остварениот напредок во постапката[381]. Според Кодексот на однесување на ССВЕ, своето право да се откажат од застапувањето адвокатите не треба да го користат на начин „што клиентот не може да најде друга правна помош навреме за да ја спречи штетата која би ја претрпел“[382]. Според Меморандумот за појаснување кон Кодексот на ССВЕ, откако веќе адвокатот го прифатил ангажманот од странката, тој или таа не може да се откаже од понатамошното застапување доколку претходно не се увери дека интересите на странката се целосно заштитени[383].

[378] Коментари на ССВЕ за Повелбата, начело (е).

[379] Кодекс на однесување на ССВЕ, член 3.1.2.

[380] Истиот извор, член 3.1.1.

[381] Истиот извор.

[382] Истиот извор, член 3.1.4.

[383] Меморандум за појаснување на ССВЕ, белешка во однос на членот 3.1.

### *МАК*

Во согласност со Начелата на МАК, адвокатите имаат обврска професионално да се однесуваат кон клиентите, другите странки и нивните застапници, судовите, судската администрација и општата јавност[384]. Ваквата одговорност подразбира цивилизираност, професионален интегритет, личен дигнитет, искреност, трудољубивост, почитување, чесност и соработка. Сите овие карактеристики се од суштинска важност за правичното раздавање на правдата[385]. Коментарите на МАК наведуваат дека адвокатите се должни да им служат на странките стручно, вредно, навремено и без судири во однос на нивните обврски кон судот. Адвокатите треба да ги бранат најдобрите интереси на своите клиенти, со целосна заложба и посветеност и треба да го прават тоа и покрај постоењето на евентуална спротивставеност, попречувања или лични неповолности за адвокатот, со преземање на сите неопходни законски и етички мерки[386]. МАК објаснува и дека обврската за трудољубивост и исполнителност значи дека адвокатот не треба да бара или да ветува работи што не може да бидат исполнети. Адвокатот мора да ја задржи целосната контрола над способноста да ги исполни сите свои ветувања[387].

### *Континентално право*

Во членот 1.3. од францускиот НПА стои дека адвокатите на странките им должат „посветеност, трудољубивост и грижа“[388]. Во согласност со францускиот НПА, обврската за грижа подразбира дека адвокатот е должен соодветно да ја процени фактичката состојба во конкретниот предмет, со цел да може да понуди интелигентна, корисна и солидна правна помош[389].

Адвокатот е должен да ги утврди природата и опфатот на правната работа за која се бара професионална правна помош. Ако адвокатот има причина да верува дека правната трансакција има за цел да помогне во извршувањето на некое кривично дело, тој веднаш мора да се обиде да ја одврати странката од нејзините намери. Ако адвокатот не биде успешен во тоа, веднаш мора да се откаже од застапувањето[390]. Францускиот НПА ја предвидува и адвокатската обврска за почитување на начелото на праведна судска постапка[391]. Со цел да се обезбеди „правична и фер судска постапка, со почитување

[384] Начела на МАК, белешка за појаснување 2.2.

[385] Истиот извор.

[386] Истиот извор, белешка за појаснување 5.2.

[387] Истиот извор, белешка за појаснување 6.2.

[388] Истиот извор.

[389] Истиот извор, член 1.5.

[390] Истиот извор, член 1.5.

[391] Истиот извор, член 5.1

на правата на одбраната", во согласност со начелото за праведна судска постапка, „мора да се обезбеди навремена заемна размена на сите релевантни факти и информации, докази и правни аргументи и тоа во писмена форма"[392]. Во кривичните предмети, доколку обвинетиот вложи некаков приговор, во согласност со НПА, адвокатот на обвинетиот „мора навремено да ја извести спротивната страна за основот на приговорот и за соодветните докази за да може да ги подготви своите контрааргументи"[393].

Во Германскиот правилник за професионална практика нема да ги најдете зборовите „трудољубивост" или „стручност", но Правилникот бара од адвокатите да постапуваат навремено, на пример, во давањето одговори на странката или при информирањето на странката за напредокот во случајот за кој адвокатот е ангажиран[394].

Холандските правила од адвокатите бараат максимално почитување на начелото на тајност и заштита на привилегираниот однос што го имаат со странките. Холандските правила на однесување наведуваат дека основна должност на адвокатот е да постапува по предметите совесно и внимателно, а тоа ја вклучува и „должноста за стекнување и за одржување на потребните стручни познавања и *know-how*, а во случаите кога адвокатот ќе се сретне со случај за кој не го поседува потребното знаење и/или вештини, да си обезбеди соодветна помош или да ја упати странката кај некој друг од своите колеги кој ги исполнува потребните услови за да работи на конкретниот предмет"[395].

Во белгиското законодавство, во согласност со Фламанскиот етички кодекс, адвокатите мора да ја практикуваат професијата на стручен начин во согласност со професионалните привилегии, основните должности за независност и непристрасност и со избегнување каков било судир на интереси[396]. Адвокатот е должен да ги почитува начелата на дигнитет, праведност и дискреција како основни елементи на самата професија[397]. Слично на ова, Етичкиот кодекс на ФГАК пропишува дека адвокатот е должен својата функција да ја врши „ревносно и стручно"[398]. Во согласност со Етичкиот кодекс на ФГАК, „дигнитетот, чесноста и тактичноста се темел на професијата и го гарантираат соодветното исполнување на професионалните обврски"[399].

[392] Истиот извор.

[393] Истиот извор, член 5.3.

[394] Германски правилник за професионална практика, став 11.

[395] Холандски правила на однесување, правило 1.2.

[396] Фламански етички кодекс, член I.1.1.

[397] Истиот извор.

[398] Етички кодекс на ФГАК, член 1.2.(ѓ) (неслужбен превод од страна на авторот).

[399] Истиот извор, член 1.2.(г) (неслужбен превод од страна на авторот).

### *Обичајно право*

Во САД, во согласност со правилото 1.3. на ABA, адвокатите се должни „при застапувањето на странките да постапуваат совесно и навремено“[400]. Коментарот кон ова прашање објаснува дека адвокатот треба да ги врши работите во име на странката „без никаков отпор, попречување или лични непријатности за самиот адвокат и треба да ги преземе сите законски и етички мерки што се неопходни за успешна разрешница на случајот на својот клиент“[401]. Според Коментарите, адвокатите треба да покажат и целосна заложба и посветеност на интересите на странката и ревносно и исполнително да постапуваат во име на странката. Сепак, ова не значи дека адвокатот мора да се обиде да ја искористи буквално секоја можност која би одела во прилог на странката. На пример, адвокатот може да е овластен да го искористи своето професионално дискреционо право и да одлучи на кој начин и со помош на кои средства ќе се обиде да обезбеди успешна разрешница на случајот за странката. Според Коментарите, обврската што адвокатот ја има за ревносност и исполнителност не значи дека тој или таа треба да користи офанзивна тактика или кон другите лица вклучени во правната постапка да се однесува неучтиво и без почит[402].

Во Коментарите, понатаму, се објаснува дека адвокатот мора да го контролира својот обем на работа за да може да гарантира стручно постапување во секој поединечен предмет[403]. Често, одминувањето на времето или промената во условите може да имаат негативно влијание врз интересите на странката. На пример, доколку адвокатот не внимава на законските одредби за застарување на делото, тоа може да има катастрофални последици за правната ситуација во која се наоѓа странката. Според Коментарите, дури и кога интересите на странката суштински не се загрозени, непотребното одложување кај странката може да предизвика непотребна нервоза и да ја намали довербата што таа ја има во адвокатот и во неговата стручна стручност. Сето ова не треба да го спречи адвокатот да се согласи со разумните барања за одложување кои немаат штетни последици за странката што ја застапува. Адвокатот ја има оваа должност сè додека не се завршат сите постапки во кои ја застапува странката.

Во ОК постојат слични правила за судските адвокати. Во согласност со Прирачникот на ОАС, една од клучните адвокатски должности е „обезбедувањето стручни услуги, во согласност со стандардите за работа и услуги за секој клиент“[404]. Тоа значи дека судските адвокати не само што треба да се придржуваат кон вообичаените стандарди

[400] Препорачливи правила на ABA, правило 1.3.

[401] Истиот извор, белешка 1.

[402] Истиот извор.

[403] Истиот извор, белешка 2.

[404] Прирачник на ОАС, точка CD7.

за стручна работа туку и кон стандардите за нудење соодветна услуга[405]. Прирачникот на ОАС нуди одредени примери за опфатот на стандардите за професионална и за стручна работа и услуга:

1. Учтиво и внимателно постапување со секоја странка.
2. Советување на странката на начин и јазик што ќе биде разбирлив за неа или за него.
3. Преземање на сите разумни мерки за да се избегнат непотребните трошоци.
4. Навремено разгледување на предметните списи. Ова може да е особено важно доколку постои некаков период на застарување или краен рок за постапување. Доколку не се запознаете со целиот предмет навреме, веројатно, нема да сте свесни за роковите и за временските ограничувања сè до моментот кога веќе ќе биде доцна[406].

Обврската за ревносност и трудољубивост значи дека адвокатите треба да ги бранат странките „без страв и користејќи ги сите дозволени и законски средства“[407]. Должни се да го прават тоа „без да водат сметка за сопствените интереси...“[408].

### *Домашно законодавство*

Кодексот на АКРМ не содржи конкретни одредби во однос на трудољубивоста, впрочем, како и другите кодекси од земјите со континентален правен систем за кои говоревме претходно. Сепак, обврската за трудољубивост е вградена во некои од одредбите од Законот за адвокатура и во Кодексот на АКРМ. Во согласност со членовите 11 и 17 од Законот за адвокатура, адвокатите се обврзани да работат „совесно“. Правилото 5 од Кодексот на АКРМ, понатаму, го доработува ова барање така што предвидува дека секој адвокат е должен „совесно да ја застапува и да ја брани својата странка, користејќи ги притоа сите потребни средства, дозволени со закон или со друг пропис“. Во согласност со правилото 11, адвокатите се должни интересите на своите клиенти да ги бранат „енергично и без страв“.

Во согласност со правилото 15, за да биде трудољубив и исполнителен, адвокатот е должен „во своите излагања да одбегнува демагогија...“ Адвокатот не смее да ги „злоупотребува фактичките и правните оцени и без оглед дали се присутни странките или јавноста, адвокатот е должен секогаш да истапува на ист начин“. Од етички аспект, од адвокатот се очекува силно да се бори и да се залага за целите на странката преку соодветни и убедливи наводи и тврдења, притоа задржувајќи ја пристојноста и цивилното однесување кон

---

[405] Истиот извор, точка gC38 (со коси букви во оригиналот).

[406] Истиот извор.

[407] Истиот извор, точка rC12.

[408] Истиот извор.

судот и кон спротивставената страна. Во согласност со правилото 16, поднесоците и обраќањата на адвокатот мора да бидат изложени „во убава, импресивна и уверлива форма, со излагање што ќе биде позанимливо и поприфатливо“.

Во согласност со правилото 9, адвокатот не треба да се нафаќа да врши јавни овластувања, застапувања, одбрана или давање друга правна помош кога со тоа би бил преоптоварен до таа мерка што секој случај не би можел совесно и темелно да го обработи. Во правилото 9 од Кодексот на АКРМ, понатаму, се вели дека во такви околности, во случај на презафатеност, адвокатот „треба да ја упати странката на други свои колеги во кои има доверба, а кои имаат временска можност за прифаќање на странката“. Кодексот на АКРМ предвидува и ревносност на адвокатите. Во согласност со правилото 7, адвокатот е „должен секој предмет што го презел совесно да го проучи и кон него така и да се однесува“, со цел да ги заштити интересите на странката и да го избегне можниот судир на интереси. Понатаму, правилото 7 од адвокатот бара да ја запознае странката со моменталната состојба на предметот, гледано од фактичка и од правна страна. Во согласност со правилото 10, адвокатот е „должен во секоја фаза од постапката, по барање на својата странка, да и ги даде сите оригинални документи и другите списи“.

### *Заклучок*

Обврската за исполнителност и трудољубивост на адвокатот е полесно да се објасни отколку да се дефинира. Во неколку од националните етички кодекси, зборот „трудољубивост“ се користи на начин на кој е употребен во Препорачаните правила на ABA. Сепак, ова не значи дека обврската за исполнителност и трудољубивост не постои во континенталните правни системи. Сите етички кодекси содржат одредби што предвидуваат стручност во застапувањето на странките, посветеност во одбраната на интересите на клиентот, заложба која ги спречува адвокатите да се повлечат и да се откажат од застапувањето без сериозни причини за тоа и слично. Освен тоа, Кодексот на АКРМ ја посочува адвокатската обврска за исполнителност и трудољубивост во одредбите што го регулираат меѓусебниот однос помеѓу адвокатот и странката, избегнувањето судири на интереси и другите обврски на адвокатите, меѓу кои и онаа за прифаќање на ангажманот. Правилото 9 од Кодексот на АКРМ, во себе ги содржи барањата во однос на работната преоптовареност, предвидени со Кодексот на ССВЕ и со Начелата на МАК. За разлика од Кодексот на ССВЕ и Начелата на МАК, Кодексот на АКРМ пропишува дека во случај на преоптовареност со работа, адвокатот мора на странката да и препорача некој од своите колеги кој ги има потребното време и можност да ја застапува странката.

Слично на обврската за грижливост која постои во францускотo

законодавство, во согласност со правилото 7 од Кодексот на АКРМ, адвокатот е должен секој предмет што го презел совесно да го проучи и кон него така и да се однесува, со цел да биде во состојба да понуди солиден правен совет и да го избегне евентуалниот судир на интереси. Како и во германското законодавство, обврската за трудољубивост се одразува во должноста на адвокатот својата странка навремено да ја запознае со моменталната состојба на предметот и на нејзино барање да ги достави сите релевантни документи и списи, во согласност со правилата 7 и 10. Конечно, слично како и во САД и ОК, правилото 11 од Кодексот на АКРМ бара од адвокатите да ги штитат странките без страв и со употреба на сите законски средства.

# Поглавје 7 – Адвокатска награда

Адвокатската награда може да има одредено влијание врз меѓусебниот однос помеѓу адвокатот и странката. Трошоците/наградата за застапувањето на странката претставува клучен елемент во однос на расположливоста на адвокатските услуги. Речиси во сите земји постојат закони и други прописи засновани врз начелото за праведна адвокатска награда. Различни земји имаат различни правила со кои попрецизно се регулираат сите детали, како на пример, минималниот износ на адвокатската награда, поделбата на наградата со други адвокати и трети лица, наградите за препорака итн. Во рамките на обата вида правни системи, односно кај оние што се базирани врз континенталното право и кај системите со обичајно право, се почитува начелото според кое адвокатската награда мора да е разумна за да се смета за праведна.

### *CCBE*

Повелбата на CCBE го содржи начелото „на праведен третман на странките во однос на адвокатската награда“[409]. Во Коментарите на CCBE на Повелбата се објаснува дека „странката мора целосно да биде информирана за наградата која ја наплаќа адвокатот, а таа мора да биде праведна и разумна, како и во согласност со законот и со правилата за професионално работење што адвокатот мора да ги почитува[410]. Коментарите кон Повелбата појаснуваат дека „знаејќи дека прашањето на адвокатската награда со себе ја носи неизбежната опасност од [можен судир на интереси помеѓу адвокатот и странката] ... начелото ја налага потребата за регулирање на професијата како гаранција дека на клиентот нема да му биде наплатена превисока цена за понудената услуга“[411].

Кодексот на однесување на CCBE го повторува начелото дека странката мора целосно да биде информирана за адвокатската награда, која мора да биде праведна и разумна[412]. Во Кодексот на однесување на CCBE се наведува дека износот што адвокатот го бара да биде исплатен на име на адвокатска награда, не треба да го надмине разумно проценетиот износ за конкретните услуги[413]. Адвокатот има право да се откаже од застапувањето или да одбие да постапува по предметот доколку странката не плати за извршените услуги[414]. Сепак, адвокатот мора да го стори тоа на начин на кој нема да ја попречи странката да најде и да ангажира адвокат во разумен временски период и воопшто нема да предизвика штета за странката[415].

[409] Повелба на CCBE, начело (ѓ).

[410] Коментари на CCBE за Повелбата, начело (ѓ).

[411] Истиот извор.

[412] Кодекс на однесување на CCBE, член 3.4.

[413] Истиот извор, член 3.5.

[414] Истиот извор.

[415] Истиот извор, во врска со член 3.1.4.

Кодексот на однесување на CCBE содржи забрана за воспоставување *pactum de quota litis*[416]. Изразот *pactum de quota litis* (или награда за успех во спорот) е дефиниран како „договор помеѓу адвокат и клиент склучен пред завршување на предметот во кој клиентот е странка, врз основа на кој клиентот се обврзува да му исплати на адвокатот дел од наградата, без разлика дали тоа е во форма на пари или некоја друга добивка која клиентот ја остварува по завршувањето на предметот“[417]. Тука не се вклучени и спогодбите за исплата на адвокатската награда, изразена како процент од севкупната вредност на самата правна работа или спор на кој работи адвокатот, доколку тоа е во согласност со официјално одобрената адвокатска тарифа или прифатено од страна на надлежниот орган, задолжен за контрола на работењето на адвокатите[418].

Кодексот на однесување на CCBE забранува и споделување на адвокатската награда со лица што не се адвокати. Членот 3.6.1. гласи: „Адвокат не ја дели својата награда со лице кое не е адвокат, освен кога со закон и со професионалните правила на кои подлежи адвокатот е дозволено здружување на адвокатот и другото лице“[419]. Во Кодексот на однесување на CCBE стои дека ова не ги спречува адвокатите да исплатат дел од наградата, провизија или друг вид надоместок на наследниците на починат адвокат или на адвокат во пензија, како еден вид надомест за преземањето на адвокатската канцеларија на починатиот или на пензионираниот адвокат[420].

Кодексот на однесување на CCBE бара од адвокатите да ги информираат странките за расположливоста на бесплатната правна помош кога таа е достапна[421]. Општо, адвокатот треба да се обиде да го разреши спорот на странката на најефективен начин и со најмали трошоци, притоа давајќи ѝ совети за евентуалната можност за водење преговори за решавање на спорот вон суд или преку други алтернативни решенија[422].

Кодексот на однесување на CCBE забранува исплата на надоместоци за препорака[423]. Оваа одредба е одраз на начелото, во согласност со кое, ниту еден адвокат од друг колега или кое било трето лице не смее да бара или да прифати исплата на награда, провизија или каков било друг надоместок за упатувањето или за препорачувањето на друг адвокат на странката[424]. Освен тоа, адвокатите никому не

[416] Истиот извор, член 3.3.1.

[417] Истиот извор.

[418] Истиот извор, член 3.3.3.

[419] Истиот извор, член 3.6.1.

[420] Истиот извор, член 3.6.2.

[421] Истиот извор, член 3.7.2.

[422] Истиот извор, член 3.7.1.

[423] Истиот извор, член 5.4.

[424] Истиот извор, член 5.4.1.

смеат да исплаќаат парични награди за евентуалната препорака што странката ја добила од нив[425].

## *МАК*

Во согласност со начелото 10 од Начелата на МАК, адвокатите имаат право на соодветна и разумна награда за својата работа и тие не смеат да бараат исплата на награда што не е разумна[426]. Тоа значи дека адвокатот не смее да создава дополнителни обврски со единствена цел за добивање поголема награда[427]. Во Коментарите на МАК е објаснето дека основата за побарувањето на адвокатот за исплата на награда за извршените услуги може да биде договорна или законска[428]. Адвокатите мора да обезбедат јасна и транспарентна согласност во однос на исплатата на адвокатската награда. Договорот во однос на наградата секогаш мора да биде разумен[429]. Според МАК, „разумноста вообичаено се одредува во зависност од самата природа на ангажманот, неговата тежина и сложеност, вредноста на спорот, обемот на работните задачи што треба да се исполнат и други соодветни критериуми“[430]. Во согласност со начелата на МАК, адвокатот мора да се труди да го реши спорот на странката на најефективен и на најекономичен начин. Кога тоа е дозволено, адвокатот може да бара периодични исплати на делови од адвокатската награда и средства за покривање на тековните трошоци, како услов за започнување или за продолжување на застапувањето[431].

Што се однесува до работењето во странство, во Коментарите на МАК се посочува дека адвокатот самиот треба да испита кои се тамошните правила во однос на  адвокатската награда, периодичната исплата и евентуалните ограничувања на одговорноста и што е она што е дозволено во согласност со нив. Доколку е применливо, треба да се информира и за правилата во однос на обврската за исплата на награда и за другите адвокати што евентуално би можеле да работат на предметот. На пример, во Коментарите на МАК стои дека *pactum de quota litis* (наградата за успех во спорот) е дозволена во одредени правни системи, но таа е забранета во некои други држави поради политиката на заштита на општите јавни интереси[432].

[425] Истиот извор, член 5.4.2.

[426] Начела на МАК, начело 10.

[427] Истиот извор.

[428] Коментари на МАК, белешка за појаснување 10.2.

[429] Истиот извор.

[430] Истиот извор.

[431] Истиот извор.

[432] Истиот извор, белешка за појаснување 10.2.

### *Континентално право*

Во согласност со француското законодавство, адвокатите „имаат право на исплата на награда и други надоместоци како надомест за извршените работи, дадените услуги и постигнатите резултати...“[433] Странката мора да ја плати адвокатската награда за извршената работа, дури и во ситуациите кога ќе го откаже ангажманот на адвокатот и пред решавањето на конкретната правна работа[434]. Адвокатската награда не смее да го надмине „проектираниот износ на наградата и предвидените трошоци што, веројатно, ќе бидат направени во текот на постапката“[435]. Во согласност со францускиот НПА, доколку странката не ја плати наградата, адвокатот има право да го одбие застапувањето и може да се повлече од случајот, под услов притоа да не им наштети на интересите на странката[436].

Францускиот НПА пропишува дека адвокатите мора да ги информираат странките и да им доставуваат извештаи за извршените работи и соодветна пресметка за трошоците и за адвокатската награда[437]. За секој поединечен предмет на кој работат, адвокатите се должни да водат точна и прецизна евиденција за трошоците и за пресметката на наградата[438]. Според францускиот НПА, при пресметката на наградата, адвокатите треба да го земат предвид следново:

- Потрошеното работно време на конкретниот предмет.
- Неопходните реализирани истражувања.
- Природата и сложеноста на правната работа.
- Важноста на засегнатите интереси.
- Големината на трошоците за конкретниот предмет и режиските трошоци на адвокатската канцеларија.
- Реномето, знаењата, искуството, позицијата, искуството и специјализацијата на адвокатите што работеле на конкретниот предмет.
- Остварените резултати и придобивки во полза на странката.
- Личните карактеристики и ситуацијата во која се наоѓа странката.

Францускиот НПА предвидува и некои други дозволени методи за пресметка и исплата на адвокатската награда, како на пример, дополнителна награда за успех во спорот; награда во зависност од остварените резултати; фиксно одредена награда со вклучени трошоци; и исплата на наградата на рати[439].

[433] Француски НПА, член 11.1.

[434] Истиот извор.

[435] Истиот извор, член 11.4.

[436] Истиот извор.

[437] Истиот извор, член 11.2.

[438] Истиот извор.

[439] Истиот извор, член 11.3.

Во согласност со францускиот НПА, забранети се *pactum de quota litis* (награда за успех во спорот), награда за препорака,[440] како и поделба на наградата со лица што не се адвокати[441]. Наградите може да се споделуваат во рамките на партнерствата и други деловни субјекти „основани за целите на заедничко практикување на повеќе од една регулирана слободна професија“[442]. Слично на тоа, забраната за поделба на наградата не важи во ситуациите кога адвокатот го прави тоа со законските наследници на некој свој починат колега[443].

Во германското законодавство, Сојузниот закон за адвокатура содржи одредби за забрана за прифаќање пониска награда и надоместоци од оние дефинирани со Адвокатската тарифа на сојузно ниво[444]. Во одделни случаи, адвокатот има право да ги земе предвид личните околности на странката, како на пример, финансиската состојба, и поради тоа да ја намали адвокатската награда или целосно да се откаже од наградата и од другите надоместоци по завршетокот на застапувањето[445]. Германскиот правилник за професионална практика пропишува дека забраната за наплата на пониска награда од законски пропишаната се однесува и на ситуациите во кои наградата ја плаќаат трети лица наместо или заедно со застапуваната странка[446]. Сојузниот закон за адвокатура содржи забрана за *pactum de quota litis* (награда за успех во спорот)[447].

Што се однесува до поделбата на адвокатската награда, забрането е плаќање или прифаќање на дел од наградата за услуги на посредување при пронаоѓање клиенти од страна на други адвокати или трети лица[448]. Тоа не ги спречува германските адвокати да исплаќаат разумни награди на адвокатите што им помагале во работата[449]. При одредувањето на наградата треба да се земат предвид обемот на работата и потенцијалната одговорност на ангажираниот адвокат, како и некои други околности. Договорот за поделба на наградата не смее да претставува предуслов за прифаќање на ангажманот[450].

[440] Истиот извор, член 11.4.

[441] Истиот извор, член 11.5.

[442] Истиот извор.

[443] Истиот извор.

[444] Сојузен закон за адвокатура, став 49(б).

[445] Истиот извор.

[446] Германски правилник за професионална практика, став 21.

[447] Сојузен закон за адвокатура, став 49(б)(2).

[448] Истиот извор, став 49(б)(3).

[449] Истиот извор.

[450] Истиот извор.

Во Германскиот правилник за професионална практика е наведено дека соодветната награда, вообичаено, значи нејзина поделба во еднакви износи, без разлика дали тие ќе бидат надоместени или не[451].

Секој германски адвокат што ќе влезе во спор со странка во врска со адвокатската награда мора да го почитува правилото за професионална тајност[452]. Поврзувањето на исплатата со разрешницата на спорот или задолжувањето на трети лица за наплата на наградите е забрането[453]. Во согласност со Германскиот правилник за професионална практика, „најдоцна веднаш по завршувањето на ангажманот, адвокатот е должен на странката или на лицето што ја презело обврската за плаќање да ѝ изготви извештај со пресметка на трошоците и наградата, наведувајќи ги во него и сите дотогаш извршени исплати[454].

Во холандското законодавство, адвокатите се должни да наплатат разумна награда[455] и да го советуваат клиентот за евентуалната можност за добивање бесплатна правна помош[456]. Адвокатот е должен веднаш да ја извести странката доколку смета дека износот на адвокатската награда ќе биде значително повисок од првичната проценка што првично му била дадена на клиентот[457].

Холандските правила на однесување забрануваат давање награда за препорака[458]. Наградите за успех во спорот, исто така, се забранети. Во согласност со Холандските правила на однесување, адвокатите:

> Не смеат да се согласат со договор од типот „нема победа, нема награда“ или слични варијанти... и не смеат да влегуваат во комбинации во кои нивната награда би зависела од остварениот резултат преку нивното застапување, освен кога тоа се прави во согласност со тарифата што е вообичаена и општоприфатена меѓу адвокатите при нивното професионално работење[459].

Холандските правила на однесување пропишуваат дека пријателската спогодба е често подобро решение наспроти водењето судска постапка[460]. Холандските адвокати „мора да бидат прецизни и внимателни кога станува збор за финансиските прашања... и треба

[451] Германски правилник за професионална практика, став 22.

[452] Сојузен закон за адвокатура, став 49(б)(4).

[453] Истиот извор.

[454] Германски правилник за професионална практика, став 23.

[455] Истиот извор, правило 25.

[456] Истиот извор, правило 24.

[457] Истиот извор, правило 26.

[458] Холандски правила на однесување, правило 2(2).

[459] Истиот извор, правило 25.

[460] Холандски правила на однесување, правило 3.

да ги избегнуваат сите непотребни трошоци“[461]. Истото се однесува и на спротивставената страна[462].

Во белгиското законодавство, слично како и во Германија и во Холандија, наградата за препорака е забранета со Фламанскиот етички кодекс. Тој вели дека адвокатот „не смее да бара ниту да прифати каква било награда, аванс или друг вид исплата затоа што на клиентот му препорачал некој друг адвокат, односно затоа што странката ја упатил кај некои од своите колеги. Адвокатот не смее да прифати таква исплата од друг адвокат, освен кога тие работат здружено, ниту пак од кое било трето лице[463]. Слично на ова, Етичкиот кодекс на ФГАК не дозволува награди за препорака, како и поделба на адвокатската награда со други стручни лица што не се адвокати[464].

### *Обичајно право*

Во САД, адвокатските награди се разликуваат од една до друга сојузна држава, вклучуваат пресметка на наградата според работните часови, фиксно одредена сума и награди според успехот во спорот. Во согласност со Препорачаните правила на АВА, адвокатот е должен однапред да ја запознае странката со основата и со стапката по која се пресметува наградата, по можност во писмена форма, пред или веднаш откако ќе го прифати и ќе започне со застапувањето[465]. Адвокатите секојпат мора да ја запознаат странката со основот за наградата или со трошоците, а доколку се обидуваат да издејствуваат од клиентот неразумно висока награда, може да се соочат со дисциплинска одговорност.[466] Во продолжение се прикажани факторите што адвокатите треба да ги земат предвид при пресметувањето на разумната адвокатска награда:

- потрошеното време и вложениот труд
- специфичноста и тежината на самиот предмет
- дали конкретното застапување го оневозможува адвокатот паралелно да работи и на други предмети
- износот што го наплаќаат другите адвокати за слична работа
- вредноста на спорот и остварените резултати
- евентуалните временски ограничувања
- искуството, реномето и способноста на самиот адвокат
- дали наградата е фиксна или зависи од самиот исход на спорот[467]

[461] Истиот извор, правило 23.

[462] Истиот извор.

[463] Фламански етички кодекс, член III.2.2.1.

[464] Етички кодекс на ФГАК, член 4.39.

[465] Препорачливи правила на АВА, правило 1.5(в).

[466] Истиот извор, правило 1.5(б).

[467] Истиот извор, правило 1.5(а).

Според Препорачаните правила на АВА, адвокатите смеат да ја наплаќаат наградата преку имотна корист, под услов тоа да не е поврзано со остварување сопственички интерес кој произлегува од самиот предмет по кој постапува адвокатот[468].

Таканаречениот *Pactum de quota litis* (односно, наградите за успех во спорот) е дозволен во САД. Често тоа е поврзано со добивката што странката ќе ја оствари или ќе ја поврати на крајот од постапката. Во секој случај, овој вид наградување не е дозволен во кривичните предмети и во семејното право кога станува збор за бракоразводни парници, доделување издршка или поделба на имот[469]. Наградите поврзани со успехот во спорот мора да бидат разумни и договорени во писмена форма[470].

Општо, делењето на наградата со лица што не се адвокати е забрането. Сепак, на адвокатот му е дозволено приходите од својата адвокатска работа да ги споделува со другите партнери и приправници во адвокатската канцеларија во која работи[471]. Наградите за препорака и за упатување, исто така, се забранети. Препорачаните правила на АВА дозволуваат договори за препорака по основ на реципроцитет, под услов и странките да бидат информирани за таквиот договор[472]. Со цел да се гарантира придржувањето кон државните етички правила, таквите договори за препорака по основ на реципроцитет мора да бидат предмет на редовна контрола и проверка[473].

Во ОК, Прирачникот на ОАС дава можност за договарање на наградата во зависност од одредени услови, слично како и наградите за успех во спорот дефинирани со Препорачаните правила на АВА. Вака условената награда може да претставува хонорар по работен час, со дополнителна награда во случај на успешна разрешница на спорот, во однапред утврден износ или процент[474].

Во Прирачникот на ОАС пишува дека судските адвокати однапред може да побараат „авансен фиксен износ“ пред да прифатат да ја застапуваат странката. Тоа може да се стори само доколку станува збор за разумен износ во споредба со очекуваниот труд што треба да се вложи во конкретниот предмет[475]. Доколку обемот на работа не е однапред познат, тогаш судскиот адвокат, наместо фиксен износ, мора да прифати етапна исплата на наградата според сработеното[476].

[468] Истиот извор, правило 1.8.(а)

[469] Истиот извор, правило 1.5.(г)

[470] Истиот извор, правило 1.5.(д)

[471] Истиот извор, погледнете ја и белешката [7].

[472] Истиот извор, погледнете ја и белешката [7].

[473] Истиот извор, погледнете ја и белешката [7].

[474] Закон за судови и правни услуги од 1990 година, Поглавје 58.

[475] Прирачник на ОАС, точка gC107.

[476] Истиот извор.

Доколку судскиот адвокат се сложи да работи за однапред утврден и платен фиксен износ на наградата, сепак мора да процени дали тој или таа е најсоодветниот адвокат за постапување во конкретниот случај и дали може да ја заврши работата во разумен временски период[477].

На судските адвокати им е забрането да исплаќаат или да примаат награда за дадена препорака[478]. Во Прирачникот на ОАС е наведено дека ваквото правило не значи и забрана за исплата на реално направените трошоци што не претставуваат надомест за препораката, туку вистински и разумни трошоци за претходно завршените консултации и канцелариски работи; надомест за членарина во специјализирани тела, задолжени за избор и за назначување медијатори, арбитражни органи и други надлежни тела со право на одлучување; како и трошоци за реклама и промоција кои треба да се платат, без разлика дали имало некакви препораки или не[479].

### *Домашно законодавство*

Начелото за праведна адвокатска награда е отсликано и во Кодексот на АКРМ. Во согласност со правилото 1 од Кодексот на АКРМ, неспособноста на странката да го плати полниот износ на адвокатската награда не смее да влијае врз квалитетот на пружената правна помош. Правилото 1 гласи: „Доколку се работи за сиромашна странка која не е во состојба да ја плати наградата на адвокатот во полн износ, тоа не може да влијае на ускратувањето да се даде правна помош или вршење на јавно овластување, бидејќи ова претставува традиционална и чесна задача на адвокатската професија“.

Правилото 8 од Кодексот на АКРМ експлицитно предвидува дека „својата пресметка, адвокатот треба да ја сообрази со платежните можности на странката... и наградата да ја спушти и под минимално дозволените ставки за работа на адвокатите“. Исто така, правилото вели дека од сосема сиромашните странки, адвокатот не треба да бара никакво надоместување. Слично како и кај другите етички кодекси за кои говоревме претходно, така и правилото 8 од Кодексот на АКРМ бара од адвокатите „уште при преземање на предметот, доколку е можно, да ја запознаат својата странка со износот на трошоците и со наградата за застапување, односно вршењето јавни овластувања“.

Според членот 1 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите (Тарифа на АКРМ)[480], „адвокатот и странката може слободно да ја договорат наградата и трошоците, како и

[477] Истиот извор.

[478] Прирачник на ОАС, точка rC11.

[479] Истиот извор, точка gC31.

[480] Тарифа за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, од 14 октомври 2011 година (Адвокатска тарифа на АКРМ).

начинот и средствата за плаќање, но не пониско од предвидените со Тарифата".

### *Заклучок*

Иако правилата во однос на адвокатската награда се разликуваат од еден до друг правен систем, вообичаено и основен услов е адвокатот да мора да наплатува разумна награда за своите услуги. Тоа значи дека наградата мора да биде одраз на природата и на сложеноста на адвокатската работа, а адвокатите навремено мора да ја информираат странката за цената на своите професионални услуги и да се обидат да ја обезбедат најекономичната разрешница во конкретниот предмет. Адвокатите што работат и во други земји мора да се информираат за ограничувањата и за условите што се карактеристични за тамошниот правен систем. Поконкретно, треба да проверат дали се дозволени наградите за успех во спорот *(pactum de quota litis)* и дали смеат да побараат награда за давање препорака, односно за упатување на странките.

Во домашното законодавство, како и во другите земји за кои зборувавме, во согласност со правилото 8, адвокатот однапред мора да ја информира странката за трошоците поврзани со давањето правна помош и со застапувањето. За разлика од некои други етички кодекси од земјите со традиција на континенталното право, правилата 1 и 8 од Кодексот на АКРМ ја потенцираат должноста на адвокатот да биде правичен при пресметката на наградата за странки кои се сиромашни.

# Поглавје 8 – Континуирано правно образование, стручност и обука

Со цел да го задржи нивото на својата стручност, адвокатот постојано мора да го обновува своето правно знаење и да ги подобрува своите адвокатски способности или, со други зборови, треба да направи сè што е потребно за да се подобри и да се усоврши. Континуираното правно образование (КПО), односно понатамошната обука што адвокатите ја добиваат и по завршувањето на формалниот образовен процес е од суштинска важност. Тоа е задолжително во согласност со правилата на голем број национални адвокатски комори, како што е случајот и со АКРМ. Преку КПО се обезбедува дека адвокатите се запознати со сите законски и процесни измени и знаат како етички да се однесуваат, во согласност со кодексот на однесување. Континуираното правно образование на адвокатите им ги дава неопходните вештини и практични искуства, потребни за нудење ефективна правна помош и застапување на странките.

### *ССВЕ*

Во Повелбата на ССВЕ се посочува дека „во последно време, дополнителната обука по завршувањето на формалниот процес на образование (континуираниот професионален развој) добива сè повеќе на значење, во одговор на сè побрзите измени во законите, постапките и промените во технолошкото и во економското опкружување“[481]. Голем број од националните професионални правила потенцираат дека адвокатот не треба да прифати да работи на одреден случај доколку тој или таа не ја поседува неопходната стручност. Сосема е очигледно и јасно дека без соодветно образование и дополнителна обука, адвокатите не се во можност да понудат ефективна правна помош и застапување на странките[482].

Кодексот на ССВЕ, исто така, содржи барање адвокатите континуирано „да ги одржуваат и да ги развиваат своето професионално знаење и вештини“[483]. Во Кодексот на ССВЕ се посочува дека адвокатите треба да го разберат значењето „на европската димензија на својата професија“[484]. Коментарите на ССВЕ на Повелбата објаснуваат дека адвокатите „мора да бидат свесни за сè поголемиот ефект и влијание што европското право го има врз нивната работа“[485].

[481] Коментари на ССВЕ за Повелбата, начело (е).

[482] Истиот извор.

[483] Кодекс на однесување на ССВЕ, член 5.8.

[484] Истиот извор.

[485] Коментари на ССВЕ за Повелбата, белешка кон член 5.8.

### *МАК*

Начелата на МАК не го споменуваат КПО. Сепак, стручноста на адвокатот е посочена како едно од начелата на МАК[486]. Според Начелата на МАК, адвокатската работа мора да се врши стручно и навремено и адвокатот не треба да прифати ниту еден предмет што не може да го сработи на тој начин[487]. Начелата на МАК наведуваат дека за адвокатите „се претпоставува дека поседуваат знаења и вештини и дека се способни во практикувањето на законот“[488]. Следствено, странката претпоставува дека адвокатот ја има неопходната способност и капацитет на соодветен начин да се справи со правната работа на странката[489]. Според МАК, стручноста значи нешто повеќе од самото разбирање на правните начела. Тоа значи дека адвокатот има соодветни познавања за практиката и за процедурите и ги знае најдобрите и ефективни стратегии за постапување со странките и со предметните списи и за управување со работните задачи[490].

### *Континентално право*

Континуираното правно образование е задолжително речиси во сите европски држави. Многу често, основата за задолжителното КПО е содржана во некои други правни акти, а не во етичките или во кодексите на однесување.

Во француското законодавство, францускиот НПА ја предвидува обврската за адвокатска стручност. За да се задоволи оваа обврска, адвокатот мора да посетува конкретни обуки за прашања што се директно поврзани со неговиот работен ангажман[491]. Задолжителната континуирана правна обука и нејзините модалитети се утврдени со Декретот за професионално образование на адвокатите, од 21 декември 2004 година[492].

Во германското законодавство, професионалната обука е предвидена со Сојузниот закон за адвокатура[493]. Овој закон ја пропишува општата законска должност за континуирана обука, но тој не содржи конкретни одредби што би ги пропишувале видот и опфатот на потребната обука. Германскиот правилник за професионална практика бара од адвокатите да ги обучуваат своите приправници. Во согласност со правилото 28, адвокатите се должни да се уверат дека активностите на приправниците се насочени кон исполнување на утврдените образовни цели[494].

[486] Начела на МАК, начело 9.

[487] Истиот извор.

[488] Коментари на МАК, белешка за појаснување 9.2.

[489] Истиот извор.

[490] Истиот извор.

[491] Француски НПА, член 6.2.1.5.

[492] Décret no. 2004-1386 du 21 décembre 2004 relatif à la formation professionnelle des avocats.

[493] Сојузен закон за адвокатура, став 43.

[494] Германски правилник за професионална практика, правило 28.

Во холандското законодавство, сè додека адвокатот е регистриран во Адвокатската комора, тој или таа има должност да ги одржува и да ги надградува своите професионални вештини. Доколку ја запоставаат оваа своја должност, холандските адвокати може да се соочат со санкции. Задолжителната континуирана обука е регулирана со Правилникот за континуирана едукација на холандската адвокатска комора[495].

Во белгиското законодавство, адвокатите имаат подеднаква обврска за професионална обука. Членот 495 од Правосудниот кодекс ја овластува Фламанската адвокатска комора да усвојува посебни правила за КПО. Како и во Германија, адвокатите што го вршат надзорот врз обуката, треба да се уверат дека адвокатите што посетуваат обука ги извршуваат своите активности во согласност со етичките правила и притоа се стекнуваат со нови знаења и практични вештини[496].

### *Обичајно право*

Во САД, во согласност со Препорачаното правило на ABA 1.1., при застапувањето на странките, адвокатот мора да постапува стручно и со правни знаења, вештини, темелност и соодветна подготовка[497]. Во Препорачаните правила на ABA е наведено дека при утврдувањето дали одреден адвокат ги поседува неопходните вештини за да работи на конкретен предмет, адвокатот треба да го земе предвид следново: а) сложеноста и специјализираната природа на конкретната правна работа; б) општото искуство на адвокатот и неговата или нејзината обука и искуство во конкретната правна област; в) обемот на подготовката што адвокатот ќе ја вложи за конкретниот ангажман; и г) дали е можно конкретниот предмет да го отстапи на друг постручен адвокат[498]. Темелноста и подготовката за застапувањето значат дека адвокатот треба да се запознае со фактичката состојба и со применливите закони за да ги анализира со цел соодветно да се подготви за застапувањето[499]. Во согласност со Препорачаните правила на ABA, адвокатот постојано мора да се информира и да се запознава со новите законски измени и со практиката и да ги почитува условите и барањата за дополнителна континуирана правна едукација[500].

Во ОК, „обезбедувањето стручна адвокатска работа и услуга за секоја странка според стандардите“ е една од основните должности во согласност со Прирачникот на ОАС, кој го предвидува

[495] Правилник за континуирана едукација на адвокатската комора во Холандија, од 28 ноември 2003 година.

[496] Фламански етички кодекс, член II.1.4.1.

[497] Препорачливи правила на ABA, правило 1.1.

[498] Истиот извор, белешка [1].

[499] Истиот извор, белешка [5].

[500] Истиот извор, белешка [6].

континуираниот професионален развој. Прирачникот на ОАС посочува дека „не е доволно адвокатот само да се придржува кон минималните барања за континуиран професионален развој“[501]. Судскиот адвокат треба да се увери и дека при реализацијата на одредени активности, тој или таа се придржува и кон другите конкретни барања за понатамошна обука, пропишани од Одборот за адвокатски стандарди: „На пример, адвокатот не треба да присуствува во полициска станица за да го советува повиканото или осомниченото лице како да се постави или како да се однесува во текот на полицискиот распит доколку не ги исполнува соодветните барања за обука и не ги поседува неопходните знаења за таквиот вид постапување, предвидени од страна на Одборот за адвокатски стандарди“[502]. Слично на ова, судските адвокати не смеат да работат директно со странките, без посредништво од страна на редовните адвокати, доколку претходно не ја минале предвидената обука пропишана од страна на Одборот за адвокатски стандарди.

### *Домашно законодавство*

Според членот 15 (3) од Законот за адвокатура, „адвокатот има обврска постојано стручно да се усовршува за време на траењето на адвокатската дејност преку задолжителна обука, семинари, работилници и друго“. Во правилото 24 од Кодексот на АКРМ се наведува дека адвокатот е должен постојано да ги усовршува своите стручни и општи познавања преку:

- следење културни, научни и политички достигнувања и настани
- активно учество и соработка со професионалните и со стручните организации, списанија и во другите општествени дејности.

За разлика од другите етички кодекси, правилото 24 од Кодексот на АКРМ посочува дека адвокатот „е должен своите знаења несебично да ги пренесува и на другите адвокати“. Правилото 25 од адвокатите бара „своите интелектуални способности, професионални и други јавни активности, секогаш да ги развиваат во рамките на дејноста на адвокатската професија“. Во согласност со правилото 26, адвокатот е должен, со непрекинато стручно усовршување и подигање на својот личен и морален углед, да ја исполнува својата професионална должност и да се оспособува за успешно вршење на традиционалната функција во одбрана на „слободата, независноста, граѓанските права, хуманизмот и човечкото достоинство“. Адвокатите имаат и обврска да ги подучуваат адвокатските приправници. Во согласност со правилото 28, адвокатот мора да посвети посебно внимание на работата со адвокатските приправници и да се грижи за нивното поуспешно стручно усовршување и издигање. Адвокатите имаат и посебна должност во однос на етичката обука на приправниците.

[501] Прирачник на ОАС, точка gC39.

[502] Истиот извор.

Во согласност со правилото 30, адвокатите „мора да посветат особено внимание при упатувањето на адвокатските приправници во принципите на адвокатската етика, без што ниту стручната практика, ниту знаењата не би имале соодветна вредност“.

### *Заклучок*

Континуираната правна едукација овозможува, во текот на целата кариера, адвокатите да го следат развојот на законодавството и на судската практика, да се придржуваат кон етичките правила на професијата и да ги јакнат стандардите на адвокатското работење. Сето тоа е од клучна важност за јакнење на способноста на адвокатите, стручно да се справат со сите прашања и проблеми во име на странката, што претставува клучен фактор во меѓусебниот однос помеѓу адвокатот и странката.

Во домашното законодавство, континуираното правно образование е задолжително, слично како и во другите земји споменати претходно. За разлика од другите етички кодекси, Кодексот на АКРМ предвидува проширена континуирана обука која не се однесува само на правните прашања. Во согласност со правилото 24, адвокатот е должен постојано да ги усовршува своите стручни и општи познавања. Дополнително, во споредба со другите етички кодекси за кои говоревме во ова поглавје, Кодексот на АКРМ експлицитно ја потенцира етичката должност на адвокатите, своите знаења несебично да ги споделуваат со другите адвокати, а особено со адвокатските стручни соработници и приправниците.

# Поглавје 9 – Рекламирање на адвокатските услуги

Забраните и ограничувањата во однос на рекламирањето на адвокатските услуги се разликуваат од една до друга држава и се специфични за конкретниот правен систем. Општо, на адвокатите им е дозволено да се рекламираат, а обемот и начинот на таквото рекламирање се регулирани во поголем или во помал степен.

## ССВЕ

Според одредбите за рекламирање во Кодексот на ССВЕ, адвокатите смеат да ја информираат јавноста за своите услуги. Таквата информација мора да биде точна и прецизна и да не доведува во заблуда, ниту пак да е спротивна на обврската за доверливост[503]. Истото се однесува и на личниот публицитет, односно на рекламирањето на адвокатите преку која било форма на медиум, како на пример, во весниците, на радио или телевизија и во електронските комерцијални средства за комуникација[504]. Според Меморандумот за појаснување кон Кодексот, изразот „личен публицитет" говори за присуството на адвокатските канцеларии во јавноста, како и на поединечните адвокати, што е поразлично од она на адвокатските комори и другите правнички здруженија за целите и за потребите на нивните членови во целина[505]. Понатаму, се посочува дека правилата со кои се регулира рекламирањето многу се разликуваат од една до друга држава. Во согласност со Кодексот на ССВЕ, кога станува збор за прекуграничното адвокатско работење, не постои некоја посебна забрана во однос на личниот публицитет и на рекламирањето. Во секој случај, адвокатите се должни да ги почитуваат ограничувањата и забраните дефинирани со домашните правила за професионално работење, како и ограничувањата утврдени преку правилата на државата домаќин во која работат[506].

## *Континентално право*

Во францускиот законодавство, личниот публицитет е дозволен „под услов тој да ѝ обезбедува на јавноста корисни и потребни информации"[507]. Личниот публицитет и рекламирањето мора да се „вистинити и точни ... да ја почитуваат професионалната обврска за доверливост и да бидат спроведени на достоен начин и со вкус"[508]. Францускиот НПА ги забранува сите дејства на врбување и

[503] Кодекс на однесување на ССВЕ, член 2.6.

[504] Истиот извор.

[505] Меморандум за појаснување на ССВЕ, белешка кон членот 2.6.

[506] Истиот извор.

[507] Француски НПА, член 10.1.

[508] Истиот извор.

наметнување[509]. Врбувањето претставува акт на нудење услуги преку лично присуство или испраќање претставници во ненајавени посети на луѓето во нивните домови, на работните места или на кое било друго јавно место[510]. Наметнувањето подразбира лично нудење на услугите на адвокатот без да биде побарано тоа од него[511].

Францускиот НПА забранува секаков вид фалење или споредување со другите адвокати, како и рекламирање со кое се открива идентитетот на поранешните или на тековните клиенти. Во согласност со НПА, дозволени начини за остварување личен публицитет и реклама се јавните дискусии, семинарите, обуките и професионалните курсеви[512]. Исто така, на адвокатите им е дозволено јавно да ја објавуваат својата адреса, називот на адвокатската канцеларија или нивното лично име и презиме, како и називот на адвокатската комора на која ѝ припаѓаат, како и сите почесни титули и факултетски дипломи и звања што ги поседуваат и правните области за кои се посебно квалификувани[513].

Правилата се слични и во германското законодавство. Германскиот правилник за професионална практика го забранува рекламирањето преку објавување на успешноста во споровите или обемот на работа[514]. Адвокатот може да се повика на конкретен предмет или странка само доколку претходно странката даде своја директна согласност за тоа[515]. Во Германија, рекламирањето во печатените медиуми, како и преку информативни соопштенија и брошури, во основа, е дозволено. Адвокатите смеат да споделуваат лични информации и информации за нивните услуги, под услов тие да се објективни и директно поврзани со нивната професионална дејност[516].

Во холандското законодавство, тамошните правила на однесување не содржат ниту едно правило со кое се регулира рекламирањето на адвокатските услуги. Истото е регулирано со посебен пропис, односно со Правилник за публицитет[517]. Компаративниот публицитет, односно рекламирањето преку именување и споредување со други адвокати не е дозволено[518]. Општо, адвокатите имаат право да учествуваат и да соработуваат при изработката на рекламни производи чија цел е, на комерцијален начин, да се привлече

[509] Истиот извор, член 10.2.

[510] Истиот извор.

[511] Истиот извор.

[512] Истиот извор, член 10.3.

[513] Истиот извор, член 10.4.

[514] Германски правилник за професионална практика, став 6.

[515] Истиот извор.

[516] Истиот извор.

[517] Verordening op de Publiciteit (Правилник за публицитет), член 3, од 31 декември 2006 година, *достапен на* http://wetten.overheid.nl/BWBR0004440/geldigheidsdatum_31-12-2006.

[518] Правилник за публицитет, член 3.

вниманието на јавноста кон нивната професија и услугите што ги нудат, се разбира, со одредени ограничувања[519]. При рекламирањето, адвокатот не смее да ги користи имињата на своите клиенти[520]. Во согласност со Правилникот за публицитет, во рекламните материјали, цените за различните правни услуги мора да бидат наведени јасно, прецизно и недвосмислено[521]. Рекламирањето со наведување само на минималните цени не е дозволено[522].

Во белгиското законодавство, во согласност со Фламанскиот етички кодекс, адвокатот преку рекламирањето не смее да ја доведува јавноста во заблуда[523]. Преку сопственото рекламирање, адвокатот не смее намерно и без покана да врши врбување и убедување на клиентите на другите адвокати. Рекламирањето на персонални специјализирани услуги за конкретни предмети, исто така, е забрането, освен доколку тоа не било побарано од адвокатот[524].

Во согласност со Фламанскиот етички кодекс, адвокатите не смеат да се рекламираат како специјализирани за една или повеќе правни сфери доколку навистина не поседуваат обемни и убедливи познавања и искуства во тие области. Дополнително, адвокатите не смеат да се рекламираат ниту преку наведување на конкретни успешно завршени предмети или преку бројот на предмети на кои работат и стапката на успешност. Таквите информации може да ги даваат доколку тие бидат побарани од нив или ако тоа се очекува за потребите на некоја споредбена анализа или доделување некаква награда[525]. Адвокатите смеат да се рекламираат со наведување на конкретните предмети и идентитетот на странките само ако обезбедат нивна претходна согласност[526].

Етичкиот кодекс на ФГАК прави разлика помеѓу (а) функционално рекламирање – какво било јавно пренесување податоци за јавна комуникација за целите на унапредувањето на адвокатската професија; (б) лично рекламирање (или личен публицитет) – секоја јавна комуникација за целите на рекламирањето на адвокатот и споделување информации во врска со природата и со квалитетот на неговата или на нејзината работа; и (в) нудење – секоја форма на пренесување информации за целите на пронаоѓање нови клиенти, вклучувајќи ги и личните контакти помеѓу адвокатите и потенцијалните странки за нудење професионални услуги[527].

[519] Истиот извор, член 10.

[520] Истиот извор, член 11.

[521] Истиот извор, член 8.

[522] Истиот извор.

[523] Фламанска адвокатска комора, Етички кодекс, член III.1.7.2.

[524] Истиот извор, член III.1.7.3.

[525] Истиот извор, член III.1.7.5.

[526] Истиот извор.

[527] Етички кодекс на ФГАК, член 5.1.

Функционалното рекламирање го прават само надлежните органи и тела[528]. Адвокатите се должни личното рекламирање да го реализираат со „лојалност, дигнитет, тактичност, искреност и .... почитување на професионалните тајни и адвокатската независност“[529]. Адвокатите смеат да презентираат само објективни информации што може да се проверат од страна на ФГАК, од претседателот на судот или од таканаречениот *bâtonnier*[530]. Споредбеното рекламирање е забрането[531]. Во согласност со Етичкиот кодекс на ФГАК, идентификацијата на странките не е дозволена и личното рекламирање не смее да се заснова врз информации во врска со тарифата и со евентуалните ветувања за резултатите на застапувањето[532]. Наметнувањето и директното нудење услуги е дозволено само кога адвокатот директно ќе контактира веќе постојан клиент, поранешен клиент или некое друго лице поврзано со нив и кога разумно може да претпостави дека тие се заинтересирани за добивање понуда за адвокатски услуги. Директното контактирање потенцијални клиенти е забрането, освен кога адвокатот е повикан или овластен да го стори тоа. При ваквите директни контакти, адвокатот не смее да стори ништо што би можело да ја наруши или да влијае врз способноста на странката да донесе самостојна и слободна одлука[533].

### *Обичајно право*

Во САД, во согласност со Препорачаното правило на ABA 7.1., адвокатот дисциплински може да одговара за секоја лажна или заблудувачка изјава или тврдење за себе и за услугите што ги нуди. Општо, тврдењето се смета за лажно или за заблудувачко доколку намерно пропушта важни информации, создава нереални очекувања или нуди недокажани споредби. Препорачаните правила ја овозможуваат употребата на називите на адвокатските канцеларии и фирми под услов тие да не доведуваат во заблуда. Адвокатите не смеат да им плаќаат на луѓе што би ги препорачувале нивните услуги.

Во САД, доколку при рекламирањето адвокатот сака да именува некоја од странките, претходно мора да обезбеди нејзина согласност[534]. Според Правилото 7.3., адвокатот не смее да се обидува да обезбеди платени работни ангажмани преку иницирање лични или телефонски контакти во живо или електронски контакти и комуникација во реално време. Сепак, до лицата за кои знаат дека се соочуваат со одреден правен проблем, адвокатите смеат

[528] Истиот извор, член 5.2.

[529] Истиот извор, член 5.3. (неслужбен превод од страна на авторот)

[530] Истиот извор.

[531] Истиот извор.

[532] Истиот извор, членови 5.5.-5.6.

[533] Истиот извор, член 5.7.

[534] Препорачани правила на ABA, правило 7.1.

да испраќаат рекламни писма и материјали, со содржина која е вистинита и не содржи никаква измама[535].

Во ОК, судските адвокати смеат да преземаат активности за рекламирање и за промоција. Рекламирањето мора да биде точно и да не предизвикува заблуди за да не се нарушат угледот и довербата што луѓето ја имаат во адвокатската професија[536]. Рекламите не треба да се засноваат на директни споредби или директни критики на другите судски адвокати[537]. Притоа, на судските адвокати им е дозволено да даваат информации за цената и за природата на нивните правни услуги, како и информации за конкретни предмети на кои имаат работено доколку обезбедат согласност од клиентот[538].

### *Домашно законодавство*

Во согласност со Кодексот на АКРМ, рекламирањето на адвокатите преку употреба на неточни или информации кои може да доведат до заблуда е забрането. Во согласност со правилото 25, на адвокатот не му е дозволено „своите активности да ги користи спротивно од принципите на овој кодекс, а особено со цел да ја истакне својата адвокатска професија или на каков било друг начин – со намера да се рекламира“.

Според Кодексот на АКРМ, можноста за употреба на називот на адвокатската канцеларија или фирма за потребите на рекламирањето е ограничена. Во согласност со правилото 32, „фирмата на адвокатската канцеларија мора да биде истакната на зградата каде што е сместена канцеларијата, но ниту по облик, ниту по содржина не смее да служи за рекламни цели“.

Според членот 13 од Правилникот за дисциплинска одговорност (Дисциплински правилник), рекламирањето е дозволено доколку се работи за „објавување основни податоци за адвокатот на веб-страницата на интернет и во весниците (медиумите), како на пример: име, презиме, адреса, телефон, област од дејноста, без наведување на цената на услугите и без истакнување лични и професионални квалитети на адвокатот“.

---

[535] Истиот извор, правило 7.3.

[536] Прирачник на ОАС, точка gC57.

[537] Истиот извор.

[538] Истиот извор.

### *Заклучок*

Степенот на регулација на рекламирањето на адвокатските услуги се разликува од еден до друг правен систем и држава. Адвокатите мора да бидат информирани и свесни за сите забрани и ограничувања, особено кога работат и во други странски држави. Како што видовме од сите национални правила споменати погоре, рекламирањето што доведува до заблуда не е дозволено и адвокатите што го прават тоа се изложени на дисциплинска одговорност. Во согласност со правилото 25 од Кодексот на АКРМ, на адвокатите им е забрането своите активности да ги користат спротивно од принципите на Кодексот, а особено со цел да ја истакнат својата адвокатска професија или на каков било друг начин да се рекламираат. Слично како и во другите земји за кои зборувавме, и во домашното законодавство на адвокатите им е дозволено да објавуваат одредени лични податоци и информации, како на пример, име, презиме, адреса, податоци за контакт, област на специјализација и одредени лични и професионални квалитети.

# Поглавје 10 – Дисциплинска одговорност

Несоодветните постапки и повредите на етичките правила и должности може да бидат причина за повикување на адвокатот на дисциплинска одговорност. Во согласност со Преамбулата на Кодексот на АКРМ, „непридржувањето кон правилата и кон начелата на Кодексот за професионална етика на адвокатите ... претставува повреда на дисциплината“.

Независноста и непристрасноста се клучните карактеристики на секој дисциплински систем. Според Основните начела за улогата на адвокатите на ОН, можни се повеќе различни пристапи: „Дисциплинските постапки против адвокатите се водат пред независни дисциплински стручни комисии, пред независни законски овластени органи или пред судовите...“[539]. Како што тоа ќе го видиме кај различните дисциплински системи, опишани подолу, и како што е наведено во Основните начела за улогата на адвокатите на ОН, дисциплинските постапки секогаш мора да бидат „предмет и на независна судска контрола и проверка“[540].

Општо земено, во европските држави со традиција на континентално право, наводните дисциплински прекршоци на адвокатите се предмет на истрага што ја водат локалните адвокатски комори, додека кај системите со обичајно право, овој процес е под надзор и контрола на судовите.

## *CCBE*

Кодексот на однесување на CCBE посочува дека секое непочитување на правилата содржани во Кодексот од страна на адвокатот може да резултира со поведување  дисциплинска постапка против него или неа[541]. Дисциплинската постапка ја водат надлежните органи задолжени за надзор и контрола врз дисциплинското однесување на адвокатите[542].

CCBE има воспоставено работна група за дисциплински прашања која изработи Збирка на дисциплински постапки и контакт-точки во ЕУ и во земјите од Европската економска зона, која содржи куси информации за дисциплинските органи, постапките, санкциите, нивното спроведување и информирањето во поголем број европски држави[543].

539 Основни начела на ОН во врска со улогата на адвокатите, став 28.

540 Истиот извор.

541 Кодекс на однесување на CCBE, член 1.2.1.

542 Погледнете Кодекс на однесување на CCBE, членови 1.6., 3.3.3. и 3.8.6.

543 Збирка на дисциплински постапки на CCBE и контакт-лица во ЕУ и во државите членки на ЕЕА, (Збирка на CCBE), достапно на http://www.ccbe.eu/fileadmin/user_upload/NTCdocument/Table_discipline__Ma1_1335781934.pdf.

### *МАК*

Во Преамбулата на Начелата на МАК се посочува дека Начелата на МАК не треба да се користат како критериуми за одредување одговорност, санкции или дисциплински мерки од кој било вид. Коментарите и белешките на МАК кон начелото 1, посочуваат дека професионалната дисциплина и професионалниот надзор над работењето треба да се организираат и да се спроведуваат на начин кој гарантира вршење на адвокатската професија без присуство на какви било несоодветни притисоци и влијанија, без разлика дали тие потекнуваат од власта, судовите или кој било друг[544].

МАК има усвоено Прирачник за постапките на прием на претставки и утврдување на дисциплинска одговорност[545]. Слично на Начелата на МАК, Прирачникот на МАК не е задолжителен и претставува само модел што може да им биде од корист на адвокатските комори при изработката и при усвојувањето на нивните процедури за прием на претставки и утврдување на дисциплинска одговорност[546]. Општо, тој содржи препораки во однос на усвојувањето локални кодекси на однесување со основни начела наспроти кои треба да се цени однесувањето на адвокатите; основање на правичен, непристрастен и независен орган за разгледување на претставките, овластен за медијација и одбивање на претставките; процесни и административни одредби за начинот на постапување со добиените жалби и поплаки; барања и услови за едукација и информирање со цел да се обезбеди дека странките се запознати со евентуалните жалби поднесени против адвокатите; како и упатства за евентуално поведување постапки пред основните и пред второстепените дисциплински судови, за целосна заштита на законските права на жалителите.

### *Континентално право*

Во француското законодавство, постапката за дисциплински прекршоци ја води и по неа одлучува надлежната адвокатска комора[547]. Секоја локална адвокатска комора има свој дисциплински совет што ја води постапката. Bâtonnier-от а задолжен за вршење контрола и надзор над дисциплинската постапка.[548] Во согласност со членот 1.4. од францускиот НПА, непрофесионалното однесување

[544] Начела на МАК, белешка кон начелото 1.

[545] Прирачникот на МАК за постапките на прием на претставки и утврдување на дисциплинска одговорност беше усвоен од Советот на МАК во месец октомври 2007 година (Прирачник на МАК), достапен на http://www.ibanet.org/Publications.

[546] Прирачник на МАК, Преамбула.

[547] „Секој суд што смета дека во текот на судската постапка адвокатот ги прекршил своите обврски преземени со дадената заклетва, може да го информира за тоа главниот јавен обвинител, кој може да започне постапка пред соодветниот надлежен дисциплински орган." Loi no. 71-1130 du 31 décembre 1971, Art. 25 modifié par Loi no. 2004-130 du 11 février 2004 – art. 33 JORF 12 février 2004 (неслужбен превод од страна на авторот).

[548] *Погледнете ја* Збирката на ССВЕ, Франција.

може да резултира со дисциплински санкции. Француските адвокати, исто така, може да бидат изложени на дисциплинска одговорност и за несоодветно однесување во приватниот живот, вон редовните работни обврски[549]. Дисциплинската санкција може да се состои од предупредување, официјална опомена, привремена забрана за вршење дејност во времетраење од најмногу три месеци или одземање на адвокатската лиценца.

Во германското законодавство, според Поглавјето 113 од Сојузниот закон за адвокатура, доколку адвокатот не ги исполнува своите обврски и должности во согласност со Сојузниот закон за адвокатура и со Правилникот за професионална практика, може да му бидат изречени одредени санкции од страна на Дисциплинскиот суд за адвокати. Германската сојузна адвокатска комора нема дисциплински надлежности. Во прв степен, за сите дисциплински прашања одлучуваат регионалните адвокатски комори, како саморегулаторни тела под контрола на Министерството за правда за соодветниот регион. Поединечните регионални адвокатски комори се одговорни за стручниот надзор и контрола. Регионалната комора е должна да се увери дека нејзините членови ги исполнуваат своите професионални обврски и таа има право да изрекува одредени санкции доколку адвокатот соодветно не си ја исполнува професионалната должност[550]. Во согласност со Поглавјето 114 од Сојузниот закон за адвокатура, можните дисциплински санкции вклучуваат предупредувања, опомени, парични казни до износ од дваесет и пет илјади евра, забрана за правно застапување и вршење адвокатски услуги во одредени сфери, во временски период од една до пет години, или забрана за вршење на адвокатската професија.

Во холандското законодавство, Холандските правила на однесување посочуваат дека причините и содржината на дисциплинската постапка ги утврдува дисциплинскиот суд, врз основа на „адвокатската заклетва, прописите и трите правила наведени во членот 46 од Законот за адвокатура, кои би можеле накратко да бидат резимирани на следниов начин: бранење на интересите на странката; почитување на прописите на Холандската адвокатска комора; и однесување на начин кој му прилега на еден пристоен адвокат“[551]. Холандските правила на однесување посочуваат и дека нивните одредби „се предвидени да послужат како насоки за практикување на адвокатската професија“. И покрај тоа што тие може да послужат и како насоки за дисциплинските судови, тие немаат задолжителен и обврзувачки карактер, како што во повеќе прилики има пресудено

[549] Државен декрет од 27 ноември 1991 година, членови 180 и 183 (неслужбен превод од страна на авторот).

[550] Резиме на CCBE, Германија.

[551] Холандски правила на однесување, член 1.1.

и Дисциплинскиот апелационен суд[552]. Можните санкции вклучуваат предупредување, опомена, забрана за вршење дејност (најмногу една година и тоа во сите правни области), одземање на лиценцата и исклучување од адвокатската комора, како и јавно објавување на одлуката на дисциплинскиот орган[553].

Во белгиското законодавство, слично како и во Франција, различните локални адвокатски комори ја имаат улогата на саморегулаторни дисциплински органи. Во рамките на секоја национална адвокатска комора постои Адвокатски совет *(Conseil de l'Ordre"/Raad van de Orde).* За секоја поединечна апелациона област постои Дисциплински апелационен совет. Ова се надворешни дисциплински судови до кои може да се обжалат одлуките на адвокатските совети. Можните санкции вклучуваат предупредување, цензура, опомена, привремена забрана за дејност, одземање на лиценцата и исклучување од адвокатската комора или парични казни[554].

### *Обичајно право*

Во САД, АВА има усвоено Препорачани правила за дисциплински постапки против адвокатите (Дисциплински правила на АВА), како одраз на политиките на АВА во однос на соодветната структура и поставеност на дисциплинските постапки. Како и во случајот со Препорачаните правила на АВА, најголемиот број сојузни држави се придржуваат кон Дисциплинските правила на АВА. Во Преамбулата на Дисциплинските правила на АВА е наведено дека судовите се оние со „исклучива одговорност во државата за структурата и за одржувањето на адвокатската дисциплина... и со природни и целосни овластувања за преземање мерки за гарантирање на соодветните стандарди на професионално однесување"[555].

Самите адвокатски комори имаат подеднакво право да ги опоменуваат адвокатите, да изрекуваат парични казни за своите членови и привремено или трајно да ги одземаат лиценците за давање адвокатски услуги[556]. На пример, доколку еден адвокат во САД одлучи да го прифати барањето на странката и не се појави на некое од судските рочишта, тогаш тој или таа може да се соочи со два вида санкции: процесна санкција изречена од судечкиот суд и дисциплинска санкција, изречена од адвокатската комора на која ѝ припаѓа[557]. Судот има право да изрекува парични казни во големи износи. На пример, во предметот *Флечер против Холдингот ХПН*, адвокатот на одбраната бил казнет со 6000 американски долари

[552] Истиот извор.

[553] Резиме на CCBE, Холандија.

[554] Резиме на CCBE, Белгија.

[555] Препорачани правила на АВА за адвокатска дисциплинска одговорност (Дисциплински правила на АВА), Преамбула.

[556] Дисциплински правила на АВА, правило 10.

[557] Препорачани правила на АВА, правило 8.5.

поради поголем број повреди на постапката, меѓу другото, затоа што предвреме си заминал во текот на распитот на еден сведок, а отсуствувал и во повеќе случаи на земање изјави од сведоци.[558]

Во ОК, на судските адвокати може да им бидат изречени административни парични казни или предупредувања од страна на Комитетот за професионално однесување (КПО),[559] а по потреба, конкретниот случај може да го разгледува и Дисциплинскиот суд за формална оценка на дисциплинските повреди.[560] Дисциплинскиот суд има право и овластување за привремено или трајно одземање на лиценцата на судските адвокати.[561]

### *Домашно законодавство*

Членот 30 (1) од Законот за адвокатура пропишува дека адвокатите „се одговорни за стручно и совесно вршење на адвокатската должност и за чување на угледот на адвокатурата". Во членот 30 (2) се наведени „потешките повреди на адвокатската должност":

- неизвршување или очигледно несовесно вршење на работите на правна помош и вршење на јавни овластувања;
- непостапување по овластувањето и непреземање дејства што адвокатот е должен да ги преземе во заштита на правата и интересите на странката, и
- повредување на должноста на чување тајна.

Во членот 30 (3), понатаму, се наведува дека со акт на Адвокатската комора „поблиску се утврдуваат повредите на вршење на адвокатската должност и угледот на адвокатурата".

Во согласност со членот 31 (1) од Законот за адвокатура, за повреда на должноста или угледот на адвокатурата, на адвокатот може да му се изречат дисциплински мерки: јавна опомена, парична казна (во висина до десеткратен износ на годишната коморска членарина) или привремено престанување на правото на вршење адвокатска дејност, во траење до една година. Во согласност со членот 31 (2), на адвокатот против кого е поведена постапка за утврдување одговорност за дисциплинска повреда „привремено може да му се забрани вршење на адвокатската дејност" додека трае дисциплинската постапка, но не подолго од 30 дена. Членот 31 (3) гласи дека: *„Начинот и постапката за привремена забрана на вршење на адвокатската дејност се определуваат со акт на Адвокатската комора..."*

[558] *Fletcher v. HNP Holdings (Флечер против ХНП Холдингс)*, предмет број F064864 (Апелационен суд на округот Калифорнија од 8 април 2014 година) (необјавено).

[559] Правилник за имплементација на ОАС, точка rE50-E52.

[560] Истиот извор, точка rE56.

[561] Истиот извор, точка rE160.

Воспоставувањето и организацијата на дисциплинскиот систем се регулирани со Статутот на Адвокатската комора (Статут на АКРМ). Во согласност со членот 26, дисциплинскиот обвинител поведува и застапува дисциплинско обвинение против член на Комората за сторени дисциплински повреди. Дисциплинскиот обвинител има 3 (три) заменици. Во согласност со членот 27 од Статутот на АКРМ, дисциплинскиот суд одлучува по барањата за дисциплинско обвинение, поднесени против членовите на АКРМ за сторени дисциплински повреди. Дисциплинскиот суд го сочинуваат три члена, од кои еден е претседател. Работата на дисциплинскиот обвинител и на дисциплинскиот суд, понатаму, подетално се уредени со Правилникот за дисциплинска одговорност.

Според членот 1 од Дисциплинскиот правилник, дисциплинскиот систем обезбедува заштита на угледот на адвокатурата како професија; совесно вршење на адвокатската дејност; ги штити граѓаните од евентуални злоупотреби; обезбедува правна сигурност и владеење на правото. Во членот 2 се наведени дисциплинските органи на АКРМ: дисциплински обвинител, дисциплински суд и жалбен совет.

Во согласност со членот 5, дисциплинскиот обвинител ги испитува наводите во пријавата, ги собира сите докази за конкретниот случај, како оние кои се на товар, така и оние кои се во прилог на осомничениот, и целиот предмет потоа го доставува до дисциплинскиот суд. Во согласност со членот 7, дисциплинскиот суд одлучува во прв степен по дисциплинското обвинение. Во согласност со членот 9, секој член на дисциплинскиот суд „е должен грижливо да го проучи дисциплинското обвинение и непристрасно, законито и правично да постапува и одлучува“. Жалбениот совет одлучува по жалбите против одлуките на дисциплинскиот суд. Во согласност со членот 11, жалбениот совет го сочинуваат пет членови, од кои еден е претседател и раководи со работата на жалбениот совет.

Во членот 12 се наведени „потешките дисциплински повреди“ на адвокатската должност. Членот 12 (1) говори за повредите на правилата за избегнување судир на интереси:

а. Давање правна помош или одбивање на давање правна помош во вршење на јавни овластувања спротивно на закон, при што се загрозени интересите на клиентот.
б. Давање правна помош во иста правна работа, во предмети каде што претходно адвокатот постапувал во својство на судија, јавен обвинител, јавен правобранител или државен службеник.
в. Составување двострани правни дела во корист само на едната страна.
г. Давање правна помош на странка, а претходно во друг предмет бил полномошник на спротивната странка, за правен однос кој произлегува од истиот предмет на работа.

д. Давање правна помош во иста правна работа, истовремено и за спротивната странка.

Уште една сериозна повреда која може да резултира со дисциплинска постапка, во согласност со членот 12 (1), е и „соработката со лица кои вршат надриписарство и кои нелегално вршат правни работи“.

Во членот 12 (1) се наведува дека одбивањето на давање правна помош не се смета за дисциплинска повреда ако за тоа постојат оправдани причини, како што се: судир на интереси, ангажираност на адвокатот во други предмети поради кои не е во можност да даде соодветна правна помош, одбивање на давање правна помош поради неисполнување на обврските од страна на клиентот, кои се однесуваат на наплата на задолжителните трошоци во постапката и наградата на адвокатот, несоработување на клиентот со адвокатот и негово непочитување, како и во други околности поради исклучива вина на клиентот.

Во согласност со членот 12 (2), уште една сериозна дисциплинска повреда е и непостапувањето по овластување или непреземање дејства што адвокатот е должен да ги презема за заштита на правата на странката, при што е предизвикана штета на странката. Членот 12 (3) се занимава со прашањето на професионалната тајна. Повреда на должноста за чување тајна е сторена ако: адвокатот оддал тајна доверена од странката без нејзина согласност, освен во случај предвиден со закон; или ако искористил податоци против странката, која претходно му ги доверила на адвокатот или му ги сторила достапни.

Членот 13 содржи список на „другите дисциплински повреди“, како што се:

а. Наплаќање и договарање пониска награда за застапување и пружање правна помош спротивно на висината утврдена со АТ на АКРМ.
б. Навредување колеги, судии, претставници на државни органи или други институции при вршењето на адвокатската професија.
в. Одбивање да ѝ ги врати на странката списите кои му се доверени и покрај тоа што странката ги платила наградата и трошоците.
г. Непријавување на лицата кои неовластено нудат правна помош до органите на АКРМ.
д. Работење и постапување спротивно на одредбите од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниви дела.
ѓ. Непријавување на промената на седиштето на канцеларијата, односно на адвокатското друштво до АКРМ.
е. Непостапување по обврските кои произлегуваат од одлуки на органите на АКРМ.
ж. Непридржување и неисполнување на обврската за стручно усовршување.

3. Неносење тога во постапувањето пред судот.
s. Рекламирање спротивно на Кодексот за професионална етика на АКРМ и барање странки на недостоен начин.

Членовите 12 и 13 се однесуваат и на адвокатските приправници.

### *Заклучок*

За разлика од Соединетите Држави, каде што за дисциплинската одговорност на адвокатите е задолжена судската власт, во најголемиот број европски држави оваа задача им е доделена на адвокатските комори. Слично на повеќето земји што го негуваат континенталното право опишани претходно, АКРМ е задолжена за водењето дисциплински постапки, при што адвокатите имаат право на второстепено разгледување на нивните жалби во врска со донесените одлуки.

Одредбите содржани во Дисциплинскиот правилник на АКРМ, усвоени во согласност со Законот за адвокатура и со нејзиниот Статут, ги содржат истите основни етички начела за кои говоревме овде. Така, членот 12 предвидува дисциплинско санкционирање на сите повреди на начелото на независност и правилата за судир на интереси, начелото за лојалност кон интересите на странката и чувањето на професионалните тајни и доверливост. Членот 13 ги опфаќа сите други етички начела, како што се: праведноста на адвокатската награда, континуираното стручно образование, трудољубивоста, исполнителноста, чесноста, интегритетот и правичноста.

## Заклучок

Овој материјал претставува обид за разгледување и адресирање на главните прашања поврзани со темата на професионалната етика преку споредба на важечките етички начела во различните држави и правни системи и во домашното законодавство. И покрај многубројните разлики што произлегуваат од различните културни и етички традиции и сфаќања, како и разликите во правните системи, сепак, постојат некои суштински вредности на адвокатската професија присутни насекаде низ светот, засновани врз универзалните начела за професионална независност, чесност, интегритет, правичност, доверливост, избегнување конфликти на интерес, трудољубивост, исполнителност, стручност итн.

Целта на овој материјал не беше да се идентификуваат и да се посочат најдобрите практики, туку да се понуди контекстуално објаснување за главните теми и прашања и да им се помогне на адвокатите да се справат со етичките дилеми во нивното секојдневно професионално работење. Како што може да се забележи, ниту еден етички кодекс не може да понуди решение за секоја можна ситуација. Неминовно е дека ќе постојат околности во кои адвокатот ќе треба да размислува малку пошироко од решенијата и советите што се нудат во етичкиот кодекс, применувајќи ја одмерено својата слобода на одлучување, имајќи ги предвид своите поранешни лични искуства и она што го сугерира здравата логика. Во таквите ситуации, од исклучителна важност е адвокатите да бидат инспирирани и да се раководат во согласност со овие основни и универзални начела за кои говоревме во различните поглавја на овој материјал. Земајќи ги сите специфичности во целост, пораката е јасна: исполнувањето на професионалните етички обврски бара трудољубивост и исполнителност, професионални вештини, заложба и лична посветеност, како гаранција за секојдневно одговорно работење и давање адвокатски услуги.

# ПРИЛОГ 1 – Табела на начела и соодветни законски одредби и правила

| ЕТИЧКИ НАЧЕЛА | | |
|---|---|---|
| Извадоци од Законот за адвокатура и од Кодексот за професионална етика на АКРМ | | |
| Поглавје | Закон за адвокатура | Кодекс на АКРМ |
| Независност | членови 5 и 15 | правила 1, 2, 3, 5, 7, 9, 13, 14, 22, 26 и 34 |
| Чесност, интегритет и правичност | | правила 7, 11, 13, 14, 15, 17, 18, 19, 22 и 23 |
| Лојалност кон интересите на клиентот | | правила 2, 3, 5, 11, 13, 18 и 15 |
| Доверливост | членови 3-а (3), 17 и 21(2)-(4) | правила 2, 4, 6, 9, 11, 13, 18, 20, 21, 22, 23 и 31 |
| Судир на интереси | член 17(3)-(4) | правила 3, 4, 5 и 14 |
| Трудољубивост | членови 11 и 17 | правила 5, 7, 9, 11, 15 и 16 |
| Адвокатска награда | | правила 1 и 8 |
| Континуирано правно образование, способност и стручна обука | | правила 24, 25, 26, 29, 30 и 31 |
| Рекламирање на адвокатските услуги | | правила 25 и 32 |

Список на скратени називи и кратенки

| | |
|---|---|
| **ABA** | Американска адвокатска комора |
| **АКРМ** | Национална адвокатска Комора |
| **Дисциплински правила на ABA** | Модел-правила за спроведување дисциплински постапки против адвокати |
| **Закон за адвокатура** | Домашниот Закон за адвокатурата |
| **ОАС** | Одбор за адвокатски стандарди |
| **Повелба на CCBE** | Совет на адвокатски комори и правнички здруженија на Европа<br>Повелба за основните начела на европската адвокатска професија |
| **Кодекс на однесување на CCBE** | CCBE Кодекс на однесување за европските адвокати |
| **Дисциплински правилник** | Домашниот правилник за дисциплинска одговорност |
| **Холандски правила на однесување** | Правила на однесување на холандската адвокатска комора |
| **Фламанска адвокатска комора** | Orde van Vlaamse Balies (Фламанска адвокатска комора), Белгија |
| **Француски НПА** | Règlement Intérieur National – RIN (Национален правилник за внатрешна регулација на адвокатската професија - НПА), Франција |
| **МАК** | Меѓународна адвокатска комора |
| **Прописи на АКРМ** | Регулаторна рамка на АКРМ |
| **Кодекс на АКРМ** | Кодекс за професионалната етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници на АКРМ |
| **Тарифа на АКРМ** | Тарифа за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите на АКРМ |
| **ФГАК** | OBFG Ordre des Barreaux Francophones et Germanophones de Belgique (Организација на франкофонски и германофонски адвокатски комори - ФГАК), Белгија |
| **ОК** | Обединето Кралство |
| **ОН** | Обединети нации |
| **САД** | Соединети Американски Држави |

